СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД IV-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 58-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 7 АПРИЛ 1993 ГОДИНА**


1. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 155
2. АНДОВ СТОЈАН - 158
3. АБДИ ФАИК - 163
4. АЛИУ ХАМИД - 163
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 86, 163
6. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 32
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 147
8. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 156
9. ДИМИТРОВА РАТКА - 4, 39
10. ДИМОВСКА ДОСТА - 21, 26, 160
11. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 162
12. ЈОВАНОВ РИСТО - 116
13. КИТЕВ ЗОРАН - 135
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 106
15. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 14
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 161
17. МАНЕВ ЕФТИМ - 11
18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 41
19. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 62
20. МИНОВ ПАНЧЕ - 80, 84
21. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 115
22. НИКОВСКИ РИСТО ( Влада) - 91
23. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 91
24. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 7, 92, 100, 153
25. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 4, 159
26. ПАНОВОКИ МИХАИЛ - 6, 66, 68, 76, 79
27. ПЕТРОВ ТОДОР - 38
28. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 47, 50, 53, 80
29. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 59
30. ПОПОВСКИ КИРО - 162
31. СПИРОВОКИ АЦО - 154
32. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 149
33. СИЉАНОВСКА ГОРДАНА (ВЛАДА) - 126
34. САДИКУ ФЕРИД - 115
35. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 6, 89, 116, 121, 150
36. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 118, 152
37. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 126, 133
38. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 164
39. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 147, 164
40. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР -8
41. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 144
42. ШАЌИРИ ХИСНИ - 37, 39


крај на седницата

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на 58-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 април 1993 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да почнеме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Симон Наумовски, Благоја Чкатровски, Благој Тошев, Јаким Ивановски, Никола Апостоловски, Љубосав Иванов, Петре Трајановски, Флоре Масалковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Реплика барање господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, не знам дали ќе биде целисходно после ет дена да се реплицира меѓутоа бев на некој начин наклеветен па ои сакал нешто да кажам нешто околу тоа.

Бидејќи бев прозиван од оваа говорница од страна на господинот Поповски член на пратеничката група од СДС за тоа дека не сум гласал за Уставот, а сега сум негов, како што се изјасни, најголем почитувач.

Морам да напоменам дека обврска на секој граѓанин е, а поготово на пратениците, Владата и нејзините министри е да ги почитуваат одредбите

на тој устав и законите, без разлика дали некои одредби и од Уставот и од одделни закони им се допаѓаат или не. Тоа е основниот стожер на правната држава да се почитува постојната законска регулатив

Јас би сакал да ја согледам причината за оваа изјава на господинот Поповски. Се поставуваат неколку прашања.

Прво, од каде е толку сигурен господинот Поповски дека јас како пратеник не сум гласал за Уставот на РМ држава чие име е содржано во тој устав и околу чие име се води и оваа повеќедневна расправа во македонскиот Парламент.

Второ, колку што знам јас равенки со една непозната се учат уште во прво одделение во нашата осмолетка. Ова собрание има вкупно 120 пратеници. Ако целата македонска јавност знае дека 23 пратеници од албанската коалиција ПДП-НДП ниту еден не гласаше за Уставот остануваат 97можни гласачи за тој Устав. На таа седница не присуствуваат 5 пратеници од, условно кажано, македонските партии чии имиња ги знам, мислам не е редно да се спомнат овде, затоа што не се предмет на мојата реплика. Значи од 97 - 5 остануваат 92. Колку што се сеќавам јас Уставот е донесен со 92 гласа а Уставниот закон со 96 гласа односно сите знаеме дека 4 пратеници од коалицијата ПДП-НДП гласаа за Уставниот закон.

Трето, се поставува прашањето зошто господинот Поповски досега не им замери на своите коалициони партнери од ПДП-НДП за нивното негласање за Уставот со кои се разбира сега имаат една коалициона влада и владеат во Република Македонија.

Четврто, причината за ваквото демонцијанство единствено можат да ја разберам како наследство на полтронското учење и создавање проверени кадри на довчерашната единствена и само единствена партија.

Овој начин на мислење и компетенство во нашиот народ е познат по името кодошење, а извршителот се нарекува кодош. Ако му е доверена задача на господинот Поповски да ме следи зошто и како гласам во овој Парламент негова задача е неблагодарана задача и се сведува на следење и распитување односно си дозволува да му го одземат парчето леб на некој вчерашен политички полицаец вработен во СДБ.

Петто, ова е фотографија (покажува едно списание), во исто време историска фотографија за македонската држава, македонската нација итн. Меѓутоа, мене ме загрижува што на оваа фотографија се гледаат дел од претставниците на средствата за јавно информираше, кои се свртени само кон една страна (покажува на десната страна каде што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ) и покажуваат дури со прст, значи да се најдат кои се непријателите на оваа македонска држава само на оваа страна се бараат. За жал не им оди во прилог на средствата за јавно информирање а поготово на директорот на НИП "Нова Македонија" кој можеби и ќе падне во салата, бидејќи е толку наведнат за да види кој гласа за Уставот.

Шесто, овде од оваа говорница господинот Фрчковски ни покажа лична карта, најнова лична карта која се издава на граѓаните на Република Македонија. Јас ќе ви покажам лична карта која е издадена на 24.03.1993 година, каде убаво се гледа грбот, оној златниот грб на СФРЈ. На втората страна стои СФРЈ, СРМ. Оваа лична карта е издадена само пред две недели, господа пратеници, а воопшто ние не сме сменети, а знаеме кога го донесовме Уставот. Уставот го донесовме пред година ипол дена и се декларираме пред тој Устав дека нашето име на независна и слободна држава е Република Македонија. За жал, морам да повторам дека од оваа говорница од страна на министерот Фрчковски се изнесуваат невистини кои нашиот народ ги нарекува ноторни лаги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Република бара господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници воопшто немам намера и понатаму да полемизирам или реплицирам бидејќи изгуби секаква смисла оваа реплика после пет дена, од страна на пратеникот Стојков. Меѓутоа, едно би кажал. Фактите се факти, можат да се погледнат во стенографските белешки како се гласало тогаш.

Исто така во целост се согласувам со првиот дел од излагањето каде се вели дека секој граѓанин е должен да ги почитува уставните принципи и одредби.

Што се однесува до другиот дел каде што има инсинуации и од демонијански тип, јас мислам дека како врстен иследувач од еден таков тип се покажа колегата претседател на Комисијата за следење на СДБ за што ќе имаме можност на наредната седница и да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димитрова бара интервенција од процедурален карактер.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, протестирам за самоволното кршење на деловникот, самоволното прекинување на седницата од страна на претседателот и нејзино прекинување од три дена и тоа самоволно. Со тоа ние се доведовме во ситуација без да имаме и еден документ дека Владата дала овластување дека се согласила на капитулација, по зборовитее на стручњаци кои ја анализирале ситуацијата во која се наоѓаме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само деловничка интервенција. Инаку ќе добиете збор за расправа.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Тоа е срамота зад грбот на народот да се прават вакви работи

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Ве молам напуштете ја говорницата.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ние денеска слушнавме една многу, за мене, трагична вест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата, вие ќе добиете збор кога треба.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Глас на Америка, Лондон, денес јавуваат вести кои се извонредно трагични за нашиот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме во 12 часот.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Господинот Михаил Пановски има процедурална интервенција.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакав да предложам почитувани пратеници, со оглед на тоа што веќе долго време не работиме, големи паузи направивме денес да немаме пауза односно да работиме нон стоп доколку ќе работиме до 17, или 18 часот. Тоа е мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стевковски исто така има процедурална забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

И ние исто така во паузата се договоривме дека треба да заврши оваа седница денес и треба да заврши во еден мир, во едно спокојство, онака како што доликува. Оттука за да дадеме придонес кон ова сакам да напоменам, како и минатиот пат кога ја прекинавте седница некои деловнички одредби. Имено, на нас ни е потребен овластен претставник од Владата за присуство на денешната седница, бидејќи од писмото што го имаме од претседателот на Владата ние не знаеме кој е претставникот на Владата кога се расправа по оваа информација.

Сите сме свесни дека овие три дена од паузата се случија некои битни настани за кои како пратеници немаме никаква информација. Од тука, слушаме разни информации и вести од странски извори на радија, во печат и сл. за она што веќе се одлучува и ќе се одлучи до Советот за безбедност.

Бидејќи е седницата во тек, а ќе се послужам и со дел од извештајот кој е даден од Комисијата за меѓународни односи на нашето Собрание каде

се говори дека информацијата се доставува со големо и неоправдано задоцнување, дека е нецелосна и дека не му приоѓа на проблемот доволно аналитички и со доволно комплетна аргументација, ни дава за право дека во овој момент е потребно претставник на Владата да даде информација за она што се случило во овој меѓупростор бидејќи верувам дека нашата Влада ја следи ситуацијата и следејќи ја таа ситуација треба да даде она што се бара, а тоа е дополнителни информации за она што се случува. Инаку, навистина е непримерно пратениците да не знаат што се случува во врска со настаните и активностите што се одвиваат во ОН во врска со приемот на нашата држава. Оттука апелирам, мислам дека тоа и претседателот треба да го прифати дека е потребно дополнителни информации, заради квалитетот на расправата која треба да се обавува на денешната седница.

Доколку владата си обезбеди да каже дека немаат нови информации сметам дека ќе биде тоа несериозно и ќе влијае на квалитетот на расправата. Поради тоа апелирам уште еднаш дополнителни информации.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**

Во својство на изведувач од работата на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, по повод излагањето на господинот Томе Стевковски. Стој цитираше дел од извештајот кој е доставен во Собранието од расправата во Комисијата, меѓутоа, вистината е сосема спротивна дека Комисијата го поддржа и го оцени како прифатлив извештајот на Владата, односно експозето, а во комисијата тоа што го цитираше господинот Стефковски имаше одделно мислење како што го прочита и тоа не е став на Комисијата. Тоа е само едно од мислењата кое не беше мнозинство и молам Парламентот да го има предвид тоа дека како таков треба да се сфати а не како мислење на Комисијата. Апелирам до господинот Стевковски ако повторно се служи со делови од извештајот да ги чита во целина да не се манипулира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што се однесува до дополнителни и можни информации од Владата, претставници на Владата секогаш можат тоа да го сторат. Тоа е нивно право и тие се затоа тука поставени. Секогаш,кога ќе чувствуваат потреба дека ќе треба да дадат дополнителни информации, дополнителни елементи итн.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави Стојмир Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитуван преетседателе, почитувани пратеници, мошне сум изненаден од досегашниот па и почетокот на сегашниот тек на расправата за меѓународното признаваше на Република Македонија. Ова до толку повеќе што најголемиот дел од пратениците покрај вообичаените критики за досегашниот тек на водењето на надворешната политика од страна на актуелната влада ништо конкретно не понудија за тоа во кој правец е најдобро за Републиката оваа политика да се води, иако имајќи податоци дека сегашната наша политика и политиката на сл.земји како Македонија не се во можност да прават незнам какви измени во однос на големите сили за кои сосема е јасно дека се креатори на политиките на светот, скоро за сите држави. Многу лесно е да се критикува, меѓутоа сега е време кога се бараат конкретни предлози и мислења за тоа на кој начин поуспешно да се разреши овој вештачки проблем, а притоа името на Републиката да не се доведе во прашање. Ваквиот однос на поедини пратеници како да е насочен да се одмогне, место да се даваат конкретни сугестии за побезболното разрешување на ова мошне сложено и судбоносно прашање за Републиката. Не е сега време да се демонстрира веќе познатото меѓупартиско надмудрувања, ниту пак да се задира во меѓунационалните односи, туку напротив ова е момент кога сите ние, целиот македонски народ, посебно интелигенцијата во Републиката и надвор од неа е

потребно да има единство во напорите за што поправедно признавање на нашата држава под името Република Македонија.

Исто така ние ќе треба најодговорно да ги имаме предвид и последиците што би произлегле од нашето едностранично отфрлување на било каков привремен компромис од страна на Советот за безбедност како што е тоа случајот со актуелниот можен предлог. Можеби сега ова ако го немаме предвид ваквата историска можност која е и вековен стремеж на бројни генерации да не ни се укаже од повеќе причини, а кои секако најмногу поради општите состојби на Балканот, а што најдоб илустрираат и најновите средби на претседателот на Република Србија, Слободан Милошевиќ и Мицотакис.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Во прилог на ваквото мое размислување е и честото безразложно атакување на поедини пратеници за надворешното неправилно водење на надворешната политика, постоење на така наречена тоталитарна комунистичка држава и се уште не, а што се заедно не само не се поткрепува со вистински аргументи, туку се искажуваат и повеќе произволни мислења и слично, а што може само да му користи на оној што грчевито се бори или прижелкува меѓународно да не се признае нашата држава со сопственото историско име Македонија.

Ако сите ние што може да произлезе и од досегашното дискутирање се залагаме да се сочува името на нашата држава Република Македонија, што е и заложба на претседателот на Републиката Киро Глигоров и на нашата Влада, тогаш зошто толку многу непотребни искажувања, наместо нашето внимание да го свртиме кон конкретните проблеми за тоа дали сме или не за предлогот, макар тој бил привремен од страна на Советот за безбедност. Ова и поради тоа што во меѓувреме текот на работите во нашата земја толку се заоструваат што стопанските проблеми, социјалните тензии, невработеноста, недонесените системски закони и т.н. , веќе толку се заоструваат, што по право сите тие збивања внатре во Републиката одат кон тоа да се запрашаат ит ие кои се надлежни дали по право ние одиме кон тоа дека треба да се признае нашата Република или не треба да се признае.

Затоа, апелирам дека еден од најважните проблеми кои бараа најитно разрешување, тоа се овие наведени проблеми, а додека проблем за можното привремено име, за кое верувам дека не постои човек во Републиката од било која националност да се менува, е нешто што е веќа

сила и затоа ние колку настојуваме во таа смисла да даваме предлози како и на кој начин да се разреши да не дојде воопшто до промена на името или пак за какви можни компромиси да се прави.

На крајот ќе ми дозволите да го искористам правото како лекар да им го честитам празникот Благоец на сите во Македонија, посебно на здравствените работници и другите вработени во здравствени те установи и на колегите во парламентот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи е Ден на здравјето ги примаме честитките и на сите нека им е честит.

Збор има господин Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, после неколку дена одржување на оваа седница по информацијата поднесена од Владата за текот до каде е стигнато со признавањето на Република Македонија, би го кажал следното. На очевид сме сите една реприза на едно исто вакво заседание на Собранието кое што се одржа пред еден месец. Скоро немаме никакви отстапки од тоа што го слушавме во половината на месец февруари. Кои се причините? И што разбравме од информацијата поднесена од Владата? Од поднесената информација покрај сознанието кое што го кажа Владата цврсто дека не отстапуваме од името Република Македонија добивме едно сознание дека Владата дала согласност пред Советот за безбедност Република Македонија да биде призната под името провизорно Бивша Југословенска Република Македонија.

Овие две размислувања, односно овие две сфаќања на Владата, сепак, дојдоа во коалиција и во Парламентот. Коалицијата ја подржува

таквата информација како реална на можностите кои денес се случуваат. Опозицијата опонира на таквото нешто по однос на давањето согласност дека Република Македонија може да биде призната под времено име, како што реков понапред. Сепак, за мене постои дилема сите пратеници на повеќе седници дискутираме дека никој во Република Македонија не може да даде согласност или да прифати промена на името. Веќе такво нешто имаме. Дали ова отстапуваше што Владата го прави е во склад со уставот. Очигледно е дека во Уставот немаме такви одредби. Не може Владата да признае, да прифати, да донесе таков акт, сепак, тоа е еден акт со кој дава согласност. Ингеренциите на Владата согласно Уставот се признава држави и влади надвор од Македонија, а по однос на признавањето на Република Македонија треба до тој степен да оди, се додека не биде призната Република Македонија под тоа име.

Јас би се осврнал на причините зашто е вака. Мене ми се чини дека искуствата, барем на овој парламент требаше Владата да ги има пред себе по однос на ваквиот начин на заземање на таков став донесување на таква одлука. За да би се избегнало тоа, за да овој парламент, како што повеќе од нас пратениците бараме консензус за да го имаше таквото нешто и по оваа информација да завршеше седницата за еден ден требало да се направи нешто понапред. Далеку, за мене, е погрешно што Владата ни даде едни документи што ги дефинирала под строго доверливи материјали. Кога се зборува за името Република Македонија и како да биде призната, ми се чини дека не треба да има многу доверливи работи. Мора сите тие проблеми да ги познава македонскиот човек, задало што токму по оние доверливи материјали по кој што расправаме ние и кој што ги шифрирафме со таква номенклатура ги знае народот, ги знае и целиот свет. За да се избегнело тоа, знаејќи ги Владата овие проблеми требало да направи

нешто барем слично што го прави Грција, кое што се бори како да не ја признае РМ. А ние се бориме да се признае Република Македонија, а да не се вклучиме сите ние граѓани во тоа. Неопходно е, иако можеби сега постои таков акт, можеби и да бидеме признати под тоа име за кое што имаме дадено таква согласност од страна на Владата, ќе произлезат и те како реперкусии натаму, бидејќи сите сме убедени, а и не располагаме со таков акт дека таквото привремено признавање, токму е регулирано за два месеци. Што ако не биде после тие два месеци? Зарем не остануваат проблеми ние и натаму да работиме и да ги разрешуваме тие проблеми. Поготово, не располагаме со ниту еден документ како ќе се одвиваат правната регулатива во меѓународното право. дали в' треба менување на документи, на патни исправи, како ќе стопанисуваат наши претпријатија, дали ќе треба да менува печати, името целосно, бидејќи овде ни е кажано дека тоа само важи во ОН во зградата. Дали така ќе се случи, ние немаме пишани документи и не верувам дека Владата ниту ќе го регулира тоа. Сепак, тоа е едно градење на политика, која што можеби за оние луѓе што ја водат сметаат дека, сепак, ќе дојде така како што тие размислуваат, како што ние бараме. Што побргу да дојде до признавање на Република Македонија, Република Македонија да престане да биде држава, правно не регулирана во светот, лебди, можеби е корисно да биде призната, но правната регулатива на тој меѓународен план, ми се чини, воопшто не е чепната и тек тоа ќе дојде накнадно. Дали нема да дојде посегнуваше по Уставот, ќе слушаме дека промена на знаме, промена на член 4 8 од Уставот, што понатаму? Затоа , ми се чини, и ако се направени овие чекори за да се постигне тој консензус за сите граѓани во Републиката во Република Македонија да мислам еднакво, да нема страв меѓу луѓето, да не

ги поделуваме луѓето потребно е Владата да побара претседателот на Република Македонија да ги повика сите претставници во парламентарни и вон парламентарни партии и по тој проблем ми се чини дека таму многу повеќе може да дојде до некој консензус и нема да има јавување преку радиото, телевизијата и другите информативни гласила, најразлични размислувања и најразлични поткревања на интенцијата кај луѓето да размислуваат дека некој ја предал Македонија, а некој се бори повеќе. Во тој дел , јас би сугерирал, Собранието, сепак, да побара од Владата во иднина за другите проблеми кои што ќе произлезат од ова и дали ќе биде призната наскоро или не , сепак, да се изгради еден консензус и да делуваме сите заеднички, бидејќи, сепак, на сите им е мила оваа држава подеднакво и не треба да изоценуваме дека некој има поголеми ингеренции во правата, во остварувањето на државата, а некој помалку

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Вецко Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господа пратеници, ние веќе дискутираме пети ден денес во однос на приемот на Република Македонија во Обединетите нации, дискутираме за работи кои што ја тиштат нашава Република.

Сметам дека досегашните дискусии , кој што беа изречени од страна на сите оние пратеници кои што досега зборуваа, зборуваа горе долу за историјатот дали треба да биде вака или онака, дали треба да се прими под вакво име или онакво име. Се дискутираше од одреден број на пратеници дека едни се за прием, а дека другите не се за прием во Обединетите нации. Сметам дека ни еден пратеник од 120 пратеници, па и во пошироката јавност, ако се изјасниме нема да констатираме дека треба да

се промени името било да е тоа провизорно или не е провизорно. Според тоа , јас не би се задржал на тие работи, јас би се задржал повеќе на експозето кое што го даде премиерот на Владата и спрема тоа ќе ми извинете што јас и некаде во експозето ќе се задржам на цитати кој што ги има дадено и ќе ги цитирам тие цитати.

Прво, би се задржал на една работа која што овдека е кажано дека петнаесетина месеци се зборува за резолуцијата која што е дадена во ОН. Меѓутоа, семтам дека резолуцијата која што беше дадена во ОН беше на 30 јуни и од 30 јуни веќе директно се зборуваше за приемот во ОН. Спрема тоа, ние знаеме дека дотогашното време дека беше заземено исклучиво како да остане некогашната Југославија. Тоа го потврдувам со работата која што ја имаше врвното наше раководство, поготово, со Платформата Изедбеговиќ- Глигоров. Она што јас го реков дека повеќе ќе се задржам на експозето и сакам да ги коментирам зборовите на премиерот на Владата, јас би се задржал на следното, цитирам: "Грција ја стави во погон целокупната расположива дипломатска пропаганда, лобистичка машинерија, го активира целиот политички капитал, па ако сакате и финансиските можности". Што сакам јас овде да кажам? Сакам да кажам следното, дека на една пригода од оваа иста говорница, јас исто зборував дека во случај да се признае Македонија меѓународно или да се прими во Обединетите нации сметам дека треба да се вклучат тука повеќе асоцијации.

Прво, беше вклучувањето на нашата стара дипломатија, која што беше повлечена и ставена на чекање и исчекување дека оваа дипломатија ќе биде вклучена тогаш кога ќе и е потребна на Македонија.

Јас сега се прашувам дали таа дипломатија, која што е оставена да чека и да исчекува треба да се вклучи или требала да се вклучи досега во решавањето на признавањето на меѓународното признавање или на признавањето односно приемот во ОН.

Понатаму, ние имаме македонска академија на науките и уметностите. Таа академија до ден денес јас колку што се сеќавам и колку што ги пратам информациите сметам дека воопшто не е вклучена онака како што и треба да се вклучи во решавањето на ваквиот проблем.

Во случајов сакам да кажам и следното дека за приемот на Македонија односно не приемот на Македонија во меѓународната заедница и за не приемот во ОН има големо влијание грчката страна, каде што овде се вели "За да ги убеди своите партнери во важноста на ова прашање го издигна на ниво на судбоносен национален карактер, ги распламти националните страсти и еуфорија". Ова значи така да се каже дека грчката страна се вложила за да не се признае Македонија. Каде е нашето вложување, освен на оние двајца или тројца, кои што беа вклучени во решавањето на овој проблем. Јас сметам дека ваквата работа е многу тешка за Македонија, која што не ги вклучи оние работи кои што беа искажани од ова говорница на една пригода за истото ова прашање ние сега што го дискутираме.

Јас би се задржал малку на информациите кои што ги дава телевизијата, па и весниците и т.н. Во емисијата Без наслов, но со повод, и тоа беше во петокот, наместо ние да го гледаме и слушаме работи за признавањето на Македонија, ние во тоа разговор, коментар, незнам како беше насловот назначен, беше еминентната личност на некогашната Југославија Јосип Броз Тито. цело време се кажуваше каква личност е таа, што има постигнато, како има постигнато и т.н. Според мене сметам дека

историската личност на Јосип Броз Тито таа треба да ја оставиме за идните наши поколенија, кои што поколенија, ќе кажат дали била позитивна или негативна таа личност за оваа наша држава. Ние треба сега да се зафатиме и да се зафатат оние компетентни личности, кој што ќе ја кажат стварната вистина за признавањето на Македонија односно за приемот на Македонија во ОН. Ако вака се дискутира и ако вака се кажува на телевизијата и весниците, во тој случај нема што ние да се зафатиме и да бараме одредени работи, односно она што нас сите во овој парламент не тишти.

Одам на другиот цитат, цитирам:"Да се потсетиме на милионските митинзи и целата иконографија што на нив се појави". Тоа е од господинот премиер. Јас сега се прашувам зашто ние кога видовме дека Грција одржа толкави големи митинзи, излезе со разни транспаренти...,

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Со докажување на одредена историска документација дека Македонија им припаѓа на нив и т.н., ние не направивме или не инициравме еден таков спротивен митинг за да им докажеме и ние, особено историчарите, дека Македонија како држава постоела, постои и ќе постои на овие балкански простори. Јас сметам дека ваквите работи би требало да бидат искажани секогаш кога ќе имаме некоја негативна работа искажана еве, ако велиме од Грција, а за мене не е причината само Грција. Можеби поголемата причина е од друго место за која во друга прилика јас ќе го искажам своето мислење.

Понатаму, сакам да цитирам и друга работа. Кои беа основните поенти на Нацртот на резолуцијата, се мисли на резолуцијата дадена од Франција, Англија и Шпанија.

1. Македонија да биде примена во Обединетите Нации под привременото име "бивша југословенска Република Македонија".

2. Тоа име да биде користено интерно во рамките и за потребите на Обединетите Нации.

3. Да се воспостави арбитража која во одреден временски рок ќе пресуди за конечното решение.

И конечно, се разбира, некои од овие ставови беа апсолутно неприфатливи за нас, што впрочем беше изречено и на самата седница на Собранието.

Јас би се задржал на втората точка од оваа информација, тоа име да биде користено интерно во рамките и за потребите на Обединетите Нации.

Овде се дискутираше многу за тоа име дали тоа е привремено, интерно итн. Што се однесува до моето размислување, јас сметам дека ова

интерно име ќе остане за век какво што е, макар што понатаму во цитатите, да не ги цитирам сите работи односно и во искажувањето во експозето е кажано дека тоа е провизорно име кое ќе биде употребувано во рамките на Обединетите Нации. Еден од говорницата овде искажа дека таму ќе постои една табличка напишана со... итн. меѓутоа, јас сега се прашувам едно. Кога ќе не примат во Обединетите Нации, таму ќе имаме претставник, веројатно со знамето или без знамето, сега како што слушаме дека и без знаме ќе не примеле, со знамето, па на таа табличка ќе пишува "поранешна југословенска Република Македонија Јас колку што гледам во Обединетите Нации преку телевизијата, таму нема мала и голема буква, туку сите се напишани со исти букви. Значи она што се кажува дека тоа е напишано со мала буква, јас сметам дека тоа е излишна работа која за народот, барем оној кој не не слуша ќе види дека таму навистина е променето името "бивша југословенска Република Македонија", односно "поранешна Република Македонија".

Јас ќе ви кажам една работа. Во една моја пригода, ние Македонците имаме едно презиме во кое постои некаде буква "В", а некаде не постои буква "В"Е сега зошто се тие работи не можам да ги елаборирам, затоа што јас не сум лингвиста, туку сум машински инженер и тоа не можам да го елаборирам. Меѓутоа, знам зошто е тоа така напишано. Јас ќе ви кажам една работа. Требаше да извадам една потврда од било каде и таму пишуваше, односно јас напишав Личовски. Меѓутоа, моето презиме е Личоски, без тоа "В" и оваа не сакаше да ми даде потврда, вели не си ти. Ма како не сум јас кога јас сум, велам. Кај нас Македонците велам не е важно дали ќе го напишеме "вски" или ќе го напишеме "ски". Рече, не си ти, те молам молбата да ја преправиш и да напишеш Личоски. Тоа значи ако се вратиме на ова што ни го потенцира, односно што велиме дека тоа не е променето име, за мислете има уште две односно три додавки и велиме

дека не се променува името, а за една буква нејќеше да ми се издаде потврда.

Понатаму, сметам дека овде во објаснувањето и искажувањето на министерот, сега в.д. министер, односно потпретседател итн., јас само малку би се задржал во однос на таа работа. Сметам дека досегашниот екс министер Денко Малески кога ќе појдеше во странство и било што да се случеше ќе дојдеше овде или во случај ќе дадеше некоја информација. Овој министер е заминат месец ипол, зема 500 и кусур, кол ку е точно незнам, долари дневница и не дојде, не најде за сходно да каже во овој Парламент или на јавноста да и каже луѓе, ова е постигнато, ова не е постигнато, вака треба да се работи итн. Досега не е искажано од страна негова. Ние само слушаме информации, на пример информација од"Мак-прес", од некој претставник новинар, од грчките новинари итн., никако не можеме да го слушнеме в.д. министерот да ја каже стварната вистина за овој проблем сега што нас не тишти.

Понатаму, јас би се задржал на овој цитат овде: "Руската федерација во овој период имаше став кој би можел да се дефинира на следниот начин: Русија ја призна Република Македонија и со тоа веќе направи доволно". Јас мислам дека не направи ништо доволно. Доволно направи со тоа што не призна, меѓутоа, дали нашата дипломатија, дали нашето раководство отиде кај таа Руска федерација да разговара, да бара излез, било што да каже, затоа што господинот претседател кажа дека треба да се ревидира тој Букурешки договор. Па јас би рекол сега, ако се ревидира Букурешкиот договор, нас, Македонија, не има признато со документ, тоа е Русија, Турција и Бугарија кои се и потписници на тој Букурешки договор. Според тоа, не треба нашата дипломатија да остане цврсто само на решавањето и седењето во Обединетите Нации, туку треба да појде и на оние места каде што исклучиво треба да не признаат како држава односно да не примат во ОН.

На крајот, во искажувањето на господинот премиер се вели: "Каде е границата? Онаа тенка линија што го дели водењето на политиката заснована врз реални претпоставки од она што се вика хазардство, коцкање со судбината на една држава и нејзините граѓани. Тоа е предизвикано и од најчесни намери. Мислам дека деновиве се наоѓаме токму на таа линија". Па сега јас коментирам и велам вака: веројатно со ваквото искажување се сака да се убеди македонскиот народ, ако не бидеме примени или признаени во Обединетите Нации со провизорното привремено име, се потенцира, напишано, со додадените додавки, се мисли букви, ќе биде искоцкана судбината на Република Македонија, што сметам дека истото е заплашување и манипулирање со народот.

Сполај му.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Алил Џаферовски.

Не е тука.

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, еден од дискутантите, од претходните дискутанти кој што е припадник на СДС негираше дека Глигоров најавил признавање во своето обраќање во јавноста преку Македонската телевизија, на кое што имавме можност пред неколку дена да бидеме свидетели, како гледачи. Позната болшевичка практика е дека тоа што сте го виделе не сте го виделе, а тоа што сте го слушнале не сте го слушнале. Сите граѓани имаа можност да го видат претседателот пред камерите во свечена атмосфера, снимен покрај државното знаме кој на крајот од своето обраќање изјави: "Ова спокојство што вечерва го чувствувам пред тој историски чин...", завршен цитат, дури и во еден прорежимски неделник,

еден извесен новинар кој што секогаш е стамен, морално- политички подобен и навреме знае правилно да се ориентира, ова обраќање на претседателот го коментираше во текстот под наслов "Лошиот ден на претседателот", исто така при крајот на текстот истиот новинар вели: "претседателот и соопшти на нацијата... дека приемот на Македонија е речиси завршена работа". Значи тоа не е впечаток само на претставниците на ВМРО туку и на некои таканаречени независни новинари.

Владеењето со помош на страв од војна е својствено на владејачката гарнитура во Република Македонија. Во стравот рекол народот очите се големи, доминира хиперболата во стравот, со помош на пропагандата на секој човек, стравот му се наметнува како доминантно чувство, а тоа веќе две години систематски се прави, секоја информација или најобичен настан луѓето можат да го доживеат презголемено. На луѓето кои се занимаваат со психологија на масите многу добро, им се познати механизмите на манипулациите со народот, а најефикасен механизам на владеење е контролата и дозирањето на стравот.

На луѓето им се наметнува едно однесуваше со кое секој гест, движење треба да биде строго само контролирано, да не случајно нешто се помести од место, да не придонесе некој со било каква промена да дојде до војна. Во таа смисла, целта на секојдневното поигрување со стравот од војната, стравот од смртта како една од основните емоции кај човекот, целта е да не се направат минимални промени, а уште повеќе покрупни како што е на пример смената на системот и на државното раководство. Раководството се поистоветува со контрапунктот на смртта животот, т.е. бог, што ќе рече претседателот на државата, Владата и СДС се симболот на животот, ако случајно се сменат од власта, од фотелјите ќе дојде до војна и до владеење на смртта. "После нас потоп". Неслучајно некои пратеници на СДС кога говорат за претседателот на Републиката го

употребија зборот "суверенот". Тој збор ја констатира фактичката состојба и реални односи.

Прашањето на војната и мирот во Македонија не зависи од волјата на претседателот на Републиката Киро Глигоров. Тоа зависи од сите политички партии во Македонија кои досега со својата политика придонесоа за соочување на мирот во Македонија. Бесмислено е да се тврди дека особено во текот на изминативе две ипол години, кога имавме неколку критични периоди во времето на присуството на ЈНА и настани кои можеа да доведат до конфликти, да тврдиме дека еден човек или една партија успеале да го сочуваат мирот. Тоа е бесмислено тврдење. Напротив, министерот на Полицијата, кој е припадник на СДС, досега со својата "пендрек демократија", со интервенциите во селата Куклиш, во Радовиш, Радолиште, Бит Пазар и Горче Петров, беше тој кој со инцидентите што ги подгреа можеше да предизвика конфликти со непредвидлив тек, со несакани последици. Но тој сеуште си седи во министерската фотелја, а неговата партија пропагира мир, демократија, наспроти комунистите сите други што не се тоа ги нарекуваат фашисти, дури и сопствениот народ. Такви изјави читавме неодамна во весникот "Вечер".

Тука некој се обиде да го обвини ВМРО-ДПМНЕ како парламентарна партија дека се залагало за војна, затоа што во Парламентот како што е предвидено со Деловникот и врз основа на тогаш важечкиот Устав и уставните амандмани, амандман 7 4 став_ 3 од стариот Устав, кој што го регулираше правото на самоопределување до отцепуваше, ВМРО-ДПМНЕ врз основа на тој амандман предложи донесување на уставна одлука за осамостојување на Македонија и предлагаше уште во почетокот на 1992 година да се донесе пакетот на системските закони, со кои Република Македонија ја заокружила својата независност и сувереност.

Тој предлог не беше прифатен од левите партии и сега некој не обвинува дека би имало војна ако оваа одлука и законите биле донесени во Парламентот, во стилот "што би било кога би било". Но благодарение на "мудрата политика" на Глигоров, на одолговлечување на сите закони, на сите одлуки и на политичките чекори кои што се однесуваат за целосното осамостојување на македонската држава, Република Македонија гледа до таму што ќе ни биде сменето името, натаму ќе се преговара за Уставот, за знамето, а сега според најновите информации приемот ќе биде извршен и без истакнувањето на знамето и за тоа дала согласност Владата, колку е тоа точно не знаеме. На барање на координаторот на пратеничката група ниту еден претставник од македонската Влада, што е скандалозно во ваква ситуација не даде одговор на прашањето за новите информации околу активностите за прием на Македонија во Обединетите Нации. Ќе се преговара, покрај за Уставот и знамето, и за историјата, а за тоа никој не сноси одговорност, политичките промашувања сака власта да ги прикаже како триумф, да ги обвини сите други, само не причината да ја побара во погрешната политика чии што носител е претседателот и македонската Влада. Претпоставувам дека Владата, иако навреме не го предложи Буџетот за 1993 година, не донесе закони што би извршиле трансформација на стопанскиот систем, туку вниманието го концентрира на козметички промени на законите на бившата СФРЈ и на донесување на одлуки за покачување на цените со кои што се повеќе ја подгрева инфлацијата и ги става граѓаните во состојба на неподнослив егзистенционален минимум, но Владата сигурно има детално разработена програма за прослава на приемот на Македонија под името бивша југословенска Република Македонија и веројатно долго време ќе настојува, преку влијанието што го има во средствата за информирање, поразот да го претвори во триумф и вниманието на граѓаните да го сврти на друга страна.

Демократска Европа и Светот признаваат фактичка состојба, а не желби и фрази. Доколку ги донесевме сите системски закони, доколку извршевме поширока демократизација, ако ги укиневме, а не ги зацврстивме монополите во сите области, ако порешително и побрзо раскиневме со СФРЈ, немаше да има основа да ни се наметнува вакво име кое за претседателот Киро Глигоров е цитирам, "техничко решение".

**ДОСТА ДИМОВСКА**: (Продолжение)

Не случајно истиот тој претседател сиот авторитет и влијание ги употреби врз Владата и партиите за време на донесувањето на Одлуката за референдумот во референдумското прашање да влезе и вториот дел во прашањето, цитирам "со право да стапи во сојуз на суверени држави на Југославија". Иако и тогашниот потпретседател на Владата Блаже Ристовски и други партии, вон парламентарни и парламентарната ВМРО-ДПМНЕ предлагаа јасно референдумско прашање, или пак ако веќе се инсистира на ова прашање да биде прецизирано "шест републики на Југославија", но упорно е одбивано од страна на левите партии и на претседателот по цена да не гласаат сите партии да нема консензус во образложение дека нема потреба. Сценариото на многумина од тогаш ни е јасно. Не случајно Бадинтер во првиот извештај го оцени поинаку на некој Македонец одеше да објаснува за што се работело за во втората верзија на извештајот господинот Бадинтер да оцени дека Република Македонија покажала волја за суверена и независна држава.

Исто така беше споменато од оваа говорница дека ВМРО се залагало на почетокот и за конфедерација. Тоа е точно, но во тој период тоа беше ерес таа шега и беше непријателски акт во текот на 1990/91 година СКЈ-ПДП и останатите партии жестоко го напаѓаа ВМРО како терористичка партија заради таа идеја и го обвинуваа дека го руши територијалниот интегритет на СФРЈ и заради тоа е непријателска партија на СФРЈ, таков третман и ден денес има од страна на полицијата и тие што им припаѓаат на тешко демократските промени. Несогласувањето со државното раководство не е точно дека доаѓаат од страна на позицијата ВМРО. Од оваа говорница слушнавме и претставници од други партии, независни пратеници и сега еден бивш претставник на СДС кој што изнесе многу слични аргументи за македонската надворешна политика кои се блиски со

ВМРО- ДПМНЕ, кои што од причини што не се согласува со носителите на надворешната политика и си даде оставка од таа партија. Но во јавноста се се погласни и поаргументирани несогласувањата и на луѓе кои не се припадници на ВМРО туку припаѓале и на левите партии кои учествувале во антифашистичката војна и се залагале за држава. Покрај тоа во последно време се и написите и настапите на јавни трибини како на господинот Коле Чашуле. Дали и тие се терористи и се залагаат за војна затоа што не се согласуваат со Киро Глигоров и политиката на СДС.

Во врска со излагањето на премиерот Бранко Црвенковски на почетокот би укажала на една дезинформација која што ја изнесе премиерот, имено дека Нацрт- резолуцијата на трите земји била разгледувана на седница на Парламентот и дека пратениците се произнеле по неа. Би сакала во оваа прилика да го потсетам премиерот дека на 55-тата седница кога се расправаше за информацијата за прием на Македонија во ООН премиерот тврдеше дека таков документ Македонија до тој момент не примила, и дека ќе расправа дополнително откако ќе го добие. Се до ден денес никаков документ не е доставен официјал! до пратениците, ниту пак бил на дневен ред на Парламентот туку информациите ни беа само од средствата за информирање, дека постои таков документ и дека македонската влада и нејзините претставници по тој документ преговараат. По кој знае кој пат ќе укажам на фактот дека како пратеници на Македонскиот парламент за прашања што се од национален интерес немаме никакви информации. Принудени сме да се информираме единствено од медиумите кој секојдневно се засипуваат со најпротивречени информации за многу важно прашање: приемот на РМ во ООН.

Слична констатација деновиве истакнаа во јавноста голем број на политички партии и здруженија на граѓани кои со право протестираа. Пратеници се решија на штрајк со глад бидејќи немаат информации од Владата. Такво нешто би било скандал во една демократска држава, но нашата Влада очигледно ништо не може да ја вознемири и да ја помести.

Никој не ја оспорува потребата од прием на РМ во ООН и нејзиното пошироко меѓународно признавање. За тоа прашање постои консензус и кај политичките партии. Но, сега се поставува прашањето под кои услови и под кое име? Во обраќањето до јавноста претседателот на Македонија Киро Глигоров истакна дека "водевме 15 месечна "борба" за прием на РМ во ООН, но таа "борба" ја предводеа носителите на надворешната политика на РМ, а тоа е претседателот на Републиката и Владата, чиј ресорни министри за надворешни работи се претставници на левите политички партии. Така што за резултатите од таа "борба" треба да сносат одговорност и конкретните личности. Очигледно е дека резултатите од водењето на македонската надворешна политика се повеќе се поразителни. На јавноста и се нуди објаснение иако со многу негативни емоции "со разочарување" Република Македонија да биде примена во ООН со име за привремена употреба, за потребите на ООН, името да ни биде "бивша југословенска Република Македонија". Тоа произлегува од изјавата на македонската влада. Претседателот Киро Глигоров во своето обраќање истакнува "тоа беа нашите основни заложби и мислиме дека со извесни концесии... успеавме да го постигнеме следново" (Н.Македонија 31.март 2 страна. Од кажаното произлегува дека концесиите се состојат во прифаќање на името "бивша југословенска Република Македонија" како што се вели, во привремена употреба за период о два месеци. Претседателот ова име го смета за неважно и смешно и дека ќе биде употребено во ООН но, не и вон

ООН. Каква мистификација! Општо познато е дека ООН се универзална меѓународна организација, најважна светска институција на државите, нациите, штом комуникацијата ќе се одвива во ООН таа ќе се одвива под тоа име и во сите нејзини институции и членки. Во писмото на Владата до ООН за кое што дознаваме од печатот дека е упатено со чија содржина се запознавме како пратеници дека се укажува дека за привременото име и за други прашања би се разговарало со Грција и посредство на Венс и Овен во период од два месеци. Ова е цитат од печатот. Кој гарантира дека барањето на Македонија да го задржи уставното име ќе биде прифатено по два месеци. Ако е така зошто тоа не се прифати уште сега, кои се гаранциите дека ако РМ биде примена како членка на ООН со име за привремена употреба дека по посредувањето ќе имаме поволно решение. Премиерот Црвенковски смета дека положбата на РМ ќе биде поволна ако бидеме примени во ООН со привремено име и дека во тој случај би имале подобра преговарачка позиција. Кој гарантира дека барањата на Грција нема да одат и кон бришење на името Македонија од привременото име со цел да се сведеме на "југословенска Република а тоа е заедничка цел на координираната српско- грчка надворешна политика. Таа намера ја разбравме од извештајот на вчерашната средба на Мицотакис и Милошевиќ и ми се чини дека овој Парламент треба да се огради од изјавата дека Грција и Србија се соседни земји. Откако ќе биде постигната оваа цел, Македонија да се избрише името Македонија од привременото име, ако тоа се случи дали тогаш Владата ќе ја извести јавноста дека таа всушност не се согласува со ова, но дека таа е дефинирана, за разлика од сега кога се чувствува разочарана. Исто така на списокот на барањата на Грција во посредувањето најаве? е и дека ќе се бара да не се употреба македонското знаме и ќе се бара да се дојде до промена на Уставот на

Македонија и познатите барања од таканаречениот пакет с Сињеиро.

Во изјавата што ја упати Владата на Македонија, таа го искажува "своето разочарување што во целокупната оваа процедура се покажа дека СБ не е во можност да ја примени вообичаената непосредна постапка за прием на нови членови во ООН". Владата изразува разочарување, но не и несогласување за приемот под името "бивша југословенска Република Македонија". Некој од Владата може да е негативно расположен но да прифати некое решение независно од изливот на чувствата. Тоа што Владата е разочарана од резултатите на сопствената политика и дипломатија не ја оправдува, туку ако премиерот чувствува морална одговорност треба да си поднесе оставка.

Што всушност значи понуденото име за привремена употреба "бивша југословенска Република Македонија"? Во заднината на неприфаќањето на името Македонија од страна на Грција стои негирањето на македонското малцинство кое и ден денес живее во делот од Македонија со Букурештанскиот мир од 1913 година. Кој има право да го неги ра постоењето на името дали "бивши југословени" а не "македонци" Кој има право да врши денационализација, разнебитување на македонскиот народ и држава. За ваквите постапки носителите на надворешната политика сносат одговорност пред овој Парламент и пред македонскиот народ. Со rope спменатиот меѓународен договор Вардарскиот дел на Македонија и припадна на тогашна Србија која подоцна со Версајскиот договор влезе како господар на територијата на денешна Македонија која подоцна влезе во Стара Југославија. Македонскиот народ немаше можност да ја изрази својата волја за влегување во таква творба заради непостоење на сопствена држава во тој период. Подоцна повторно македонскиот народ без да има можности да ја изрази својата волја влезе во состав на

социјалистичка Југославија. Опасноста од институционализирањето на името бивша југословенска Република Македонија во ООН може да и послужи на Србија во идното прекројување на Балканот да стартува со барање за припојување на територијата на Македонија без оглед на нејзиниот прием во ООН.

Почитувани пратеници,

Во вакви историски мигови неопходно е да воспоставиме национално единство околу националните интереси, да докажеме дека правото на самоопределување никој не може да го одземе ниту да го условува со понижувачко и бесмислено име на македонскиот народ кое што значи неговото разнебитување. Македонија има право според принципите на демократијата и на меѓународните институции да биде примена под нејзиното уставно име Република Македонија.

Носителите пак на катастрофалните промашувања во надворешната политика за кој што сме сведоци сите ние денес и кој што сакаат да и го одземат достоинството и иднината на македонската држава и народ во интерес на сите нас треба уште денес да си поднесат оставка да им се овозможи на други луѓе кој што ќе предложат поинакви програми и решенија за излез од ќорсокакот во кој што сега се наоѓа Република Македонија. Не е прифатлива авантурата за наметнување на единствени решенија како единствено можни се со цел да се опстане на власт, во стилот или ќе биде како што предлагаме ние или после нас ќе настане потоп". Таквитер методи се својствени само на тоталитарните режими. Исто така, би сакала да укажам на фактот дека според Уставот, член 121 пратениците во македонскиот Парламент донесоа одлука за барање на прием на Република Македонија во ООН под нејзиното уставно име. Според Уставот таква надлежност единствено имаат пратениците од овој Парламент. Факт е дека

со давање на согласност за привременото име бивша југословенска Република Македонија Владата на Република Македонија си превземала надлежности кои што му припаѓаат само на Парламентот и со тоа на некој начин го прекршила Уставот, за што како пратени лично,а верувам и некои од другите пратеници бе се придружат ќе покренеме постапка пред Уставниот суд на Република Македонија, а и факт е дека ќе покренеме и постапка за утврдување на одговорноста на Владата.

Почитувани пратеници, на крајот би сакала да укажам дека заклучоците кои што ги предложи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со кои што се бара прием на Република Македонија во ООН под уставното име од една страна, а од друга страна отфрлање на името бивша југословенска Република Македонија за привремена употреба во ООН ги поддржувам и ќе гласам за нив, и ми се чини дека не треба да има дилеми дека е тоа историска обврска и одговорност на секој од пратениците независно од која партија доаѓа да го поддржи ваквото барање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Драги Гроздановски.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание,

На 58-та седница на Собранието на Република Македонија имаме точка на дневен ред "Информација на Владата на Република Македонија во врска со приемот на Република Македонија во ООН.

Како материјал за расправа по оваа точка понудено ни е: Усното експозе на премиерот на Владата на Република Македонија; Нацрт-резолуцијата поднесена од Велика Британија, Франција и Шпанија; Писмото на претседателот на Владата на Република Македонија, доставено до претседателот на Советот за безбедност на ООН;

Што немаме?

Немаме увид во останатите документи кој се составен дел на досието на Република Македонија за прием во ООН.

За мене лично прашањето за прием на Република Македонија во ООН и прашањето за името на Република Македонија е од државен и национален интерес.

Неспорно е дека сите ние се залагаме за прием на Република Македонија во ООН.

1. Коалиционата позиција и оние кои ја подржуваат тврдат дека не се работи за промена во името односно на името. А на прашањето за тоа дали некој има право или нема право да даде согласност под името БЈРМ не го поставуваат, па претпоставувам дека тие се согласуваат со оние кои се согласиле со промена на името на Република Македонија.

Опозицијата и оние кои ја поддржуваат тврдат дека се работи за промена на името во прва фаза, а во втора фаза ќе следи и промена на самото име и смета дека никој нема ниту историско, ниту морално, ниту политичко, ниту уставно право да даде согласност за промена на и во името на Република Македонија. Ниту претседателот на Република ниту Владата, ниту ова Собрание.

Неспорно е дека Нацрт- резолуцијата ја поднесоа Велика Британија, Франција и Шпанија, но лично мислам дека нарачател на истата е Република Грција. Приговор на оваа теза би бил дека Република Грција го оспоруваше фактот да Република Македонија ги исполнува условите за прием во ООН согласно член 4 од повелбата на ООН, но овде треба да се има во предвид дека членови на Бадинтеровата комисија беа и претседателите на уставните судови на ВБ, Франција и Шпанија, кој во својот извештај укажаа дека Македонија е чист случај и ги исполнува условите за прием во ООН.

Тоа би значело дека ние немаме правни пречки за прием во ООН туку пречките се од политички карактер. Би се обидел да направам паралела помеѓу понудениот основен текст на Резолуцијата и она што сега го имаме како завршен текст на таа иста резолуција. Што стои во принцип во основниот текст?

Прво, подносителот да биде примен во ООН под привременото име бивша југословенска Република Македонија. Што имаме сега во завраниот текст и напоменувам дека ние немаме можности да го менуваме. Оваа држава провизорно ќе биде наведувана за сите цели во рамките на Обединетите нации како поранешна југословенска Република Македонија во очекувањето на решението за разликата што се појави околу името на државата. Само еден мал коментар.

Името на нашата држава е Република Македонија. Република не е спорно бидејќи и Грција е Република, но спорно е името Македонија, а ако се јавува проблем околу името тоа би значело дека би можеле да добиеме секако друго име но не и нашето уставно име.

Во основниот текст стои: името бивша југословенска Република Македонија да биде користено интерно во рамките и за потребите на ООН.

Во завршниот текст на Нацртот на резолуцијата стои: оваа држава провизорно ќе биде наведувана за сите цели во рамките на ООН како поранешна југословенска Република Македонија.

Во основниот текст понатаму стои, во принцип да се воспостави арбитража која во одреден временски рок ќе пресуди за конечното решение.

Точно е дека од Резолуцијата е исфрлен механизмот арбитража и е заменет со механизмот посредување и градење на мерки на доверба што значи дека нема да има арбитри туку посредници. Ова значи дека не може

да се донесе каква и да е одлука доколку за тоа не постои наша согласност. Но не треба во ниеден момент да заборавиме дека не може  да се донесе каква и да е одлука доколку за тоа не постои согласност на спротивната страна односно согласност од страна на Република Грција. Се поставува прашањето што успеавме да избориме н из овие преговори.

Прво, се тврди дека од нас не се бара никаква промена на името. Па, ако не се бара зошто го менуваме и дали тоа значи дека сами сакаме да си го промениме името.

Се тврди дека од нас не се бара никаква промена на Уставот, иако за мене лично промената, или на името Република Македонија несомнено ќе имплицира и промена во Уставот на Република Македонија. А, во последно време Република Грција го покрена прашањето со нашето знаме. Во принцип, ние доколку одиме со оваа политика не треба ништо повеќе да направиме односно немаме потреба да го менуваме Уставот на Република Македонија, ќе ве потсетам дека е доволно да го промени^ само Законот за знамето.

Се тврди дека од нас не се бара промена на пријавата со која се кандидираме за прием во ООН под нашето уставно име Република Македонија.

Но укажувам дека Нацрт- резолуцијата е составен дел на досието за прием на Република Македонија во ООН, а во неа стои името ПЈРМ.

Со оглед на реченото за мене се во целост прифатливи заклучоците поднесени од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. По втор пат укажувам дека приемот на Република Македонија во ООН и името на Република Македонија за мене е од национален и државен интерес.

Би завршил ѕо еден цитат од интервјуто на господинот претседател на Република Македонија дадено 1991 година за еден независен магазин (кој моментално не излезе од печат) - цитирам "Компромиси на штета на националните и демократските цели, или на штета на самостојноста на Македонија би можеле да бидат само обична авантура, која тешко би ја прифатил било кој разумен и чесен граѓанин и човек на нашата Република".

Благодарам.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, по барање на група пратеници на ВМРО ние по втор пат расправаме за оваа тема. На оваа седница е петтиот ден што работиме и јас не слушнав нешто ново, освен дискусиите изнесени на претходната седница која траеше 4 дена. Меѓутоа, следејќи ја расправата по Информацијата за прием на РМ во ОН мене ме загрижува фактот што еден голем број на пратеници иднината и перспективата на земјата ја гледаат само во рацете на македонскиот народ. И токму така се одвива дискусијата, со што отворено се инсистира да се отфрли албанскиот фактор и на многу пратеници им смета присуството на 2 3 пратеници и 5 министри. Само да напоменам и тоа дека ова не е резултат на незнам чија добра волја, но волја на продукт на плурализмот. Кога сме тука да се вратиме малку назад и да се потсетиме на минатото. За време на НОБ заеднички се боревме албанците, турците, македонците и сит други. После 1945 година кога се ставија темелите на оваа Републи албанскиот фактор се исклучи од политичката сцена осудувајќи тогашните власти еден голем број на нашите патриоти и дел од нив до 1948 година беа ликвидирани. И во актуелниот момент некои екстрем- ни сили така им мислат на албанците. Кога се дискутира за приемот на РМ зошто не се повикате на сите граѓани вие господо, бидејќи наследството на оваа држава им припаѓа на сите, а не само на македонците. Вие ова го покажувате со тоа кога тврдите дека признавањето на РМ е историски чин и вековен сон на овој народ, а ова прејудицира на едно национална држава. Од Албанците само барате да ви помогнат со што може да се констатира вие дури сега ни го доделивте статусот на граѓани од втор ред, со што ние не можеме да се согласиме. Мене како пратеник уште не ми е јасно дали бараме признавање на

државата, или на народот? Ова ми е впечаток од начинот на расправата. Ако се бара приемот на македонскиот народ, тогаш треба да бара признавање и дел од македонскиот народ во Бугарија и соседна Република Грција, бидејќи тврдиме дека и таму има. Но , јас колку што знам се бара признавање на државата, тогаш како проблем им припаѓа на сите граѓани. За да биде грижа на сите граѓани ние треба да ги расчистиме спорните прашања околу рамноправниот статус на Албанците со кој вие господо пратеници македонци не се согласувате, ниту не сакате да се уверите. Бидејќи инсистирате на создавање на национална држава токму тоа го потврдивте и со Уставот и сега со новопечатените пари каде се стави само право- славна архитектура. Треба да знаете дека и албанците својата иднина и перспектива сакаат да ја градат во оваа земја токму таму каде што живеат, а перспектива и просперитет на еден народ произлегува од многу параметри чиј гарант се државните институции, а ние албанците такви гаранции немаме моментално.

На крајот да завршам во врска со барањето на еден пратеник пред неколку дена кој барал од Владата на РМ да протестира против судењето на двајца граѓани од Република Грција, од македонската националност. Јас ваквото барање го ценам како хумана работа и акт на цивилизираност. Но, ја чувствуваме потребата да ги напоменам настаните во Куманово во 1988 година само што бараle школување на мајчин јазик се осудија околу 300 албанци што значи во историјата не запамтено.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Процедурална забелешка пратеник може да добие во секое време,а нема посебно резервирано време за такви забелешки.

Јас само сакам да кажам на една злоупотреба која беше извршена од оваа говорница од претходниот пратеник искажувајќи за некакви албански патриоти кои беа ликвидирани во 1947 и 1948 година. Колку што знам тоа беа фашистичките балистички водачи Џемо Мефаиљ и неговите пријатели. Затоа сметам дека излагањето на пратеникот во контекстот на она што го зборуваше на ликвидација на некакви албански патриоти и во 1947 и 1948 година воопшто не треба да се воведува во контекст на точката која што е на дневен ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не е тоа процедурално и не го прифаќаме за процедурално.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Не ми беше зборот за такви групации бидејќи знам дека и кај Македонците имало такви групации, туку ми беше зборот чисто за Албанските патриоти кои биле учесници во НОБ. И можам со историски податоци да ги изнесам и имињата и презимињата.

**ЏЕЛАТИН МУРАТИ:**

Тоа значи ќе имаме прилика и тоа да го слушнеме.

Има збор г-цата Ратка Димитрова

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, сега во минута до 12 ни останува да констатираме дека со прифаќањето на овие услови за прием се отвора процес на државна и национална самолкивидација. Од моментот на преименувањето престанува реалноста на РМ. Името е проект. Проектот суверена и самостојна Република Македонија темелно се деструира.

Второ, од моментот на почнувањето, прифаќањето на меѓународен ниво на посредништво се укинува државниот суверенитет. Со тоа прифаќање се крши Уставот зад грбот на народот, зад грбот на Собранието и зад грбот на Уставната комисија, се врши тешка повреда на човечките права на мнозинскиот народ, се кршат не само правните норми, туку и основните морални принципи и принципите на елементарната граѓанска чесност. Останува историската одговорност на претседателот на Републиката Киро Глигоров што ни во еден момент не ги свика сите политички субјекти во земјата и не се ни обиде да постигне консензус. Со тоа длабоко го подели народот. Против ова решение на Владата и на претседателот на Републиката се,јавно се изјаснија Хелсиншкиот комитет на граѓани, Сојузот на студентите на Скопскиот Универзитет, Сојузот на студентите на битолскиот Универзитет, Светскиот македонски конгрес, Здружението Достоинство, здружението Интелектуалци и "Св.Климент", Собранието на Прилеп, РЕК Битола, Граѓанско- либералната партија, Работничката партија, МААК, Лигата за демократија, ВМРО, Социјалдемократската партија, Земјоделската партија Семакедонското здружение на политичко здружение, Форумот за слобода на информирањето и демократијата, целото македонско иселеништво и 604 интелектуалци кои го потпишаа Манифестното за одбрана на името меѓу кои и највидни умови од областа на науката, уметноста, културата, 10 академици и голем број универзитетски професори. Сите тие се изјаснија против приемот со привремено нарекување. Голема и претешка е улогата на новинарите во овој момент. Тие се раката која овозможува народот да се држи во заблуда за да не разбере што му се случува и што го очекува се додека не биде предоцна. Најсвеж е денешниот пример, групата од 604 граѓани потписници на Манифестот за заштита на името денеска во 18,00 часот во Универзалната сала ги повикаа граѓаните на национална

конвенција. Тоа соопштение го блокираат сите средства за јавно информирање, освен Македонското радио кое што го објави вчера во "Слушајте радио". Ги повикувам новинарите на чесност , храброст и висок морал. На вас останува вистината бидејќи власта ја згази. Волно или неволно и јас учествувам во тоа. Жалам заради тоа. И уште бескрајно жалам што пратениците на позицијата со неописива леснотија допуштаат да бидат инструмент за креирање на една политика на база на една идеологија која можеби не можат до крај да ја одмерат.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, поголем број на пратеници кои досега учествуваа во дискусијата по Информацијата на Владата за текот на приемот на РМ во ОН го оценија ова прашање како значајно и доста важно и од таа причина своите дискусии ги подготвија во писмена форма. Јас исто така, го ценам тоа прашање како доста сериозно, доста одговорно, меѓутоа лично мислам дека токму од таа причина и најодговорно како пратеник сосема слободно да ги искажеме своите чувства и размислувања токму по ова најсериозно и најодговорно прашање и за македонскиот народ и за нашата Република. Од досегашната расправа за мене останува една дилема дали и овој пат не ги измешавме некако работите. Имено навистина овде се присутни по моја оценка три термини, или три прашања кои на некој начин се идентификуваат и се ставаат како едно. Имено, мислам дека се работи за прием на РМ во ОН, а тоа се идентификува со признавање на РМ и исто така најчесто беше спомнувано дека тоа е истовремено и промена на името на РМ. Јас слободно ќе се обидам да направам една дигресија меѓу овие три работи, бидејќи според моја лична оценка има сосема и да не кажам голема разлика од едното, другото и третото именување. Имено,

навистина Информацијата на Владата се однесува за текот на приемот на РМ во ОН. А во ОН практично се примаат држави. А државата е субјект која е дефинирана со територија, со народ , со демократски избрана власт, односно власт која исто така може и успешно ја контролира таа држава, односно таа територија практично се правни субјекти кои се примаат во ОН. Додека признавањето меѓу државите тоа се врши меѓусебно, меѓу државите една со друга, додека самиот прием во ОН навистина е поттикнување и на некој начин забрзување на процесот на меѓусебното признаваше на државите, односно државата која е примена во ОН да и другите држави кои се членки, а исто така има држави кои не се членки според своја потреба и свое размислување да ги признаат, односно меѓусебно се признаваат. Оттука велам дека овие за мене два поима цело време се испрелетуваат и се идентификуваат како да се работи за една иста работа. Уште повеќе и уште помалку да не речам, или поголема разлика е дека со тоа практично и се менува името на државата. Мислам дека и со нашиот Устав, а и со сите други да не речам меѓународни документи право да го менува, односно да го именува името е сопственост исклучиво на државата, а никој друг не може, ниту има никакви правни овластувања одредена држава да ја нарекува и тоа да биде правно име. Навистина и во обичниот живот има одредени држави кои имаат повеќе имиња, или одредени народи и одредени држави, други држави ги нарекуваат според своја терминологија, или свој јазик меѓутоа тоа не значи дека со тоа и тие држави истовремено го менуваат своето име, односно го менуваат името на државата. Мислам дека навистина јасине гледам пречка или некоја опасност да некој може да го земе тоа право и нас да ни одредува како ние ќе се викаме. Мислам дека тоа е исклучиво право наше. Ние сме тие, ние можеме да кажеме како ќе се

вика нашата држава, а додека право е на другиот дали тоа име ќе го пригати, или тој за некоја своја употреба ќе употребува некое друго име. Мислам дека овие прашања навистина во овие неколку денови беа толку испреплетени и верувам граѓаните кои ја следат оваа седница на Парламентот, навистина не ќе можат да согледаат што сакаат и за што се залагаат самите пратеници. Оттука мислам дека потребно е навистина ние нашата расправа и нашиот конкретен придонес да го усмериме токму во правата тема на денешната расправа, а тоа е исклучиво околу Информацијата на Владата за приемот на нашата држава во ОН.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (продолжение)

Така да во текот на расправата, навистина беа искажани доста размислувања, доста оценки, се со цел, односно се од причина, што токму мислам и повод беше дека сите овие три термина, три поима на некој начин се испреплетуваат, испомешуваат и од тука остана да виси прашањето, дали и ние како пратеници сме навистина спремни за прием и се согласуваме, нашата држава да биде примена во ООН или не спре спремни. јас не сакам да прејудицирам и да го искажувам вашето размислување туку сакам да го кажав своето размислување а убеден сум дека тоа ќе го прифатите и вие и го поддржувате дека не верувам во овој парламент да има пратеник кој не сака Република Македонија односно нашата држава да биде примена во ОН. Меѓутоа од разни полити причини да речам да го употребам и зборот маркетиншки причини овде беа искажувани разни теории, разни размислувања и од таа причина велам беа испомешувани и тие термини, се со цел да се покаже дека одредена структура во парламентот, или да не речам актуелната власт во нашата држава, во Република Македонија, прави сосека погрешни чекори или има сосема други намери од тоа што имаат некои други учесници и во парламентот и надвор од него, а се присутни во нашата држава. Мислам дека ова, во секој случај, не оди во прилог на целокупниот народ на Република Македонија бидејќи било каква поделба на било каков начин, на било каква група и по било какво прашање во секој случај ја ослабува нашата држава и на политички и на економски и на било каков план, па оттука, велам во секој случај даваме можност други да успеваат тоа да го користат и да молчат да прават лични односно свои манипулации со сето ова наше недоразбирање.

Јас се надевам дека сепак овие недоразбирања, и сега и понатаму ќе бидат се помали и нема да бидат во толкава големина, навистина да бидат предмет за да може со нив да се манипулира надвор од нашите граници.

Ние навистина, како што беше спомнато и во експозето на премиерот на Владата, во овие 15-тина месеци , нашата надворешна политика ја усмеривме кон, да не речам, актуелните политички и економски заедници во светот, а тоа беше економската заедница, а сега и ОН. Мора да кажеме, еве една моја лична забелешка, може би не е така сериозно, меѓутоа има доста големо значење, сепак, во целата оваа работа дека доста малку или мало значеше дадовме токму на развојот и подобрување на односите со нашите непосредни соседи, почнувајќи од Република Албанија, Република Грција и Република Бугарија и северниот сосед, СР Југославија. Мислам дека ова прашаше не треба да биде занемарено и дека со сите наши соседи, колку е можно, некој начин да се воспостават идентични или да не речам рамноправни односи, бидејќи навистина ние сме и природно поврзани. Тие се наши први соседи, колку да не сакаме или колку да сакаме да правиме одредени разлики, верувам дека тие и ние ќе ги почувствуваме самите, бидејќи ако сакаме да соработување со било кој друг свет понатаму и на економски и на политички план, мора да се помине, било на исток, било на запад, било на север, било на југ, преку овие територии, а доколку односите не се како што треба, во тој случај сигурно дека комуникацијата со светот, во секој случај ќе биде и попречувана и не така сигурна и не така успешна.

Од таа причина би дал една своја забелешка, наиме периодот кој претстои на ова прашање и соодветното министерство и Владата во целина би требало да преземат поголеми активности, за да можат односите меѓу првите наши соседи да бидат на уште едно поголемо и завидно ниво, бидејќи на тој начин ќе се овозможат, ќе се подобрат условите за да може и Република Македонија, што е најбитно за мене и најосновна на стопански план, односно на економски план за да може да почнат да се развиваат тие

односи што е можно и побрзо и поуспешно, а доколку успееме економијата и стопанството да ги заживееме да бидат поголеми од сега, бидејќи верувам дека тоа сега не е тема да зборувам, меѓутоа, сигурно и не е можно да не се спомне и тоа дека од тоа зависи и успехот на нашата надворешна политика, доколку успееме внатрешните односи, да не речам, пред се економската политика да ја доведеме на едно рамниште што е потребно за да можеме да бидеме спремни и со успех да ја водиме надворешната политика.

Оттука велам дека овие прашања не би требало да бидат занемарени и мислам дека во наредниот период, навистина треба да им се даде што њ можно поголеми внимание, бидејќи еве на некој начин ни досега ги почувствувавме и последиците од затвореноста на границите. Имаме наши производи што не можат да бидат пласирани, а се суфицитарни на нашиот пазар, а исто така тешко може да се дојде до основните репроматеријали, суровини што се неопходно потребни за нормално одвивање на технолошките процеси во сите стопански субјекти во Републиката.

И на крајот би сакал уште еднаш да подвлечам и со тоа ќе завршам, навистина мислам дека непотребно е да се прави, да не речам и понатаму мешање на работите односно навистина да ги одвоиме процесот на приемот на нашата држава во ООН од другите процеси што се мора да кажам исто така непосредно врзани со тој процес на приемо но моментално мислам дека во овие моменти, исклучиво се однесува на приемот на нашата држава во ОН, а со тоа навистина ќе се отвори можност и ќе се здобиеме со поголеми предности за да можеме да ги разрешиме и другите нерешени прашања кои пред се се јавија меѓу соседна Грција, а и сто така и со другите соседни земји , а да не речам и пошироко и со поголем број држави од пошироката заедница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да му дадам на последниот дискутант ги молам службите да ги повикаат пратениците за да имаме навистина кворум за работа.

Збор има господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, очигледно сме заморени, 5-ти ден гледам и концентрацијата попушта и вниманието и интересот на седницата, па имаме реални шанси сега да завршиме, бидејќи нема друг пријавен за дискусија.

Јас пред да го кажам своето мислење по однос на темата, дозволете ми само неколку реплики по некој, по моја оценка, апсурдни констатации и тези што беа изнесени во расправата, особено денес.

Прво, реков на почетокот на отворањето на оваа седница околу Нацрт резолуцијата, оној документ за кои разговараме во врска со нашиот прием. Јас сакам уште еднаш да ве потсетам. Тој документ и според прописите на Он е документ кој што има строго доверлив карактер до моментот кога по него почнува да се води расправа. Ниту Грција, оние што ги следеа преносите од Грција, ниту Грција го обнароди пред јавноста документот и содржината на тој документ. според тоа учествуваа двете страни, заинтересирани, како и повеќе страни во неговото разгледување, меѓутоа, тој документ кога ќе се стави на маса во Советот за безбедност, ако имаме среќа денеска тоа да се стави, тогаш добива тек на официјален документ и по него тогаш државите односно страните можат да даваат дополнителни сугестии, во врска со неговата конечна формулација.

Овдека беше неколку пати од неколку говорници особено од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ спомнувана војната и притисокот психолошки со војната што сака да се врши заради издејствување на

определени тези на позицијата. Јас морам да бидам искрен ,или добро не сум внимавал, или нешто пропуштив, јас не слушнав за овие 5 дена некој од позицијата да се заканува со војна. Буквално ниту еден пратеник, говорник од позицијата овде не кажаа ако не ја прифатиме резолуцијата ќе има војна. А политичкото слепило на поединци што не можат да проценат во каков контекст меѓународен, се наоѓаме, со какво опкружување, тоа е нивна слабост. Јас не можам поинаку да ги протолкувам еве и овие неколку збиднувања, последните денови што се случуваат во нашата околина. Грција, и затоа ќе кажам нешто поконкретно подоцна, е докажан наш непријател 80 години. Не сака ни името македонско да се спомне н и државата македонска. Покасно ќе кажам зошто е сето тоа. Србија, видовте синојка, со онаа монструозна конструкција што ја направи господинот Милошевиќ. Тој говори дека Версајскиот договор не смее да се коригира затоа што наводно со него е воспостави мир на Балканот. А тој добро знае, политичката заднина е само во тоа што со Версајскиот договор, Вардарска Македонија била во состав на Србија. И корекцијата на тој договор, тој смета дека е неприфатлива денес. А со меѓународното признаваше односно со приемот на Македонија во ООН, автоматски значи корекција на тој договор, бидејќи во ООН како што кажа господин Младенов се примаат само држави. И тие држави стануваат рамноправни субјекти, седнуваат на маса и разговараат за сите спорни прашања.

Трето, Бугарија, и последниот попис. Тие тврдат дека во Бугарија и во Македонија живее ист народ а две држави, апсолутно се потврди со пописот. Таму нема ниту еден македонец. Има од сите други сорти, ама македонец нема. Според тоа, тоа е неофицијално. Таму под графата други може да се наредат сите,меѓутоа, како национална припадност не признаваат Македонец. Сонот за голема Бугарија е актуелен и ден денес.

Единствено што сите нив ги обесхрабрува е што Македонија е чувствително подрачје и кој да посегне, со било која рака, сигурно дека нема добро да се проведе.

И нешто што многу е битно во овој момент, докажаниот наш пријател во историјата, Русија, соочена со многу внатрешни проблеми, политички борби, сиромаштија итн., не може да значи оној субјект што значеше пред многу години. И не може , фактички ниеден така да кажам ментор, македонски, една сила, супер сила да стои зад македонските интереси, па ние да се однесуваме во целата оваа ситуација многу поофанзивно за да знаеме како што беше случајот со Хрватска и Словенија и знаеме кој стоеше зад нив. Тоа се наши хендикепи.

Трета теза, овдека слушнавме навистина, невидена конструкција околу тоа од еден или двајца говорници дека Македонското раководство, актуелно зело мито за да го продаде името на Републиката. Впрочем, тоа не е ништо ново. Ние од таа господа слушавме и порано дека македонското раководство е вклучено во шверц со оружје и со дрога, ама не докажаа, не дадоа ниту еден доказ. И можност за вклучување во таа насока е или тие луѓе чисто манипулираат, или имаат врски со грчката служба за државна безбедност. Јас не можам поинаку да размислувам. Да се обвинува, да не се даваат докази, логичен заклучок е и може да се изведувам според мене само во оваа насока.

Втора теза, зошто Русија не воспостави дипломатски однос со нас . И еве се обвинува македонската дипломатија дека на водела офанзивна политика со Русија и затоа Русија не не признава. Знаете Русија не призна, но не воспостави дипломатски односи и не донесе амбасадор во Скопје. Единствено со тоа што чекаше во ОН, а потврда на ова зборува последната реакција на министерството за надворешни работи на Русија во врска со

изјавата на претседателот Глигоров. Тие фактички ја оценуваат како конструктивна и изјава која води кон зачленувањето на Македонија во ОН и нејзиниот прием и како разумна во оваа ситуација и единствено можна. Впрочем, тоа е ставот преку министерството за надворешни работи на Русија и е ставот на Русија. Значи, Русија ја поддржува и званично го поддржа Предлогот на овие тројца предлагачи Англија, Франција и Шпанија во ОН и токму заради тоа, како преодно решение, токму и заради тоа не воспостави дипломатски односи со Македонија.

И плус она другото што говорев заради тоа што е окупирана со внатрешни проблеми.

Трета теза, оваа структура вика не треба да остане повеќе на власт. Ја слушнавме и минатите денови, ја слушнавме и денес. Јас мислам, а сакам да ве потсетам дека за да се промени власта треба да се оди на избори. Јас мислам дека некој не подразбира на друг начин со пучистички акти или со абдикација луѓето да си одат од власт.

Според тоа, ако опозицијата смета дека треба да се промени оваа власт, имаат колку што знам, политички став на партијата ВМРО-ДПМНЕ, јас ви давам ветување во име и на мојата пратеничка група бидејќи сум претседател на Пратеничката група, дека ние тој предлог ќе го поддржиме. И тоа јавно ќе го подржиме, не со тајно гласање. Излезете вие со предлог дека за нови избори и ние тој предлог ќе го подржиме.

**ОД МЕСТО:**

Ние дадовме предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, иницијатива до Собранието доставете за нови избори, ние тој предлог ќе го поддржиме, бидејќи тој став Социјалдемократскиот сојуз го има многу порано, а ако очекувате, како што рече еден господин овде, ако сакаме нови избори ние тоа можеме Да го направиме, бидејќи имаме 61

глас, мислам дека е апсурд. Некој доброволно да се откажува на некој друг да му прави ќеф, да оди од власта, мислам дека е апсурдно. Тоа немојте да го очекувате. Тоа значи ќе биде признавање наше, оти имаме коалициона Влада дека не може ме да ја водиме државата па си одиме. Дајте го предлогот, тој предлог ќе го поддржиме.

Четврто, критикуваат дека нема никакви кадровски промени во Републикава, ниту во стопанството нема никакви промени, ни во органите официјално. Ве молам, еве да видиме што направија луѓето кои што беа во раководствата на власта во градовите. Земете го Скопје, земете го Прилеп, земете ја Битола. Тие имаа шанса таму бидејќи имаат мнозинство да покажат. Во Скопје освен што еве и последниве што ја блокираа работата на Собранието од година и нешто месеци и што еве последното, нешто што направиле околу продажбата на спортските патики што се дадени како помош, ние ништо друго не видовме во Скопје. Имаа шанси и улиците да ги променат. Зошто не ги променија? На кого му треба, Собранието не одлучува за називот на улиците. Ќе се собереа во Градското собрание таа и таа улица се преименува во друга и свршена работа. Па, ве молам, јас реков ќе реплицирам, а за темата ќе кажам. Јас имам право да реплицирам за определени тези.

Според тоа, а во Прилеп и Битола, освен што ги поделија и ги скараа односите меѓу македонската православна црква и исламската верска заедница, јас не слушнав дека нешто друго направиле.

Одиме понатаму, говорат дека нема опозиционен печат во Македонија. Јас незнам дали државата, Владата, некој или Собранието забранил во Македонија да има опозиционен печат. Само под тој услов ќе признам дека нема демократија во Македонија. Инаку, другото се шпекулации. Впрочем, опозиционен печат и има односно имаше,а зошто

згасна, тоа е факт за кој што не треба да одговара позицијата. Јас незнам дали некој забранил во Македонија да не се печати таков и таков весник и да не се растура таков весник. Според тоа неодржлива е таа теза.

Следна теза, компромисот околу влегувањето во ОН, се тврди дека остануваме во СР Југославија. Па ве молам, ние во Уставот напишавме Македонија ако сака да влегува со сојузи со други држави, мора да оди на референдум. Според тоа, ниту претседателот на Републиката, ниту Владата ниту овој парламент има на некого да му каже ќе потпишеме сојуз ќе влегуваме во друга држава. Тоа си оди, според Уставот на референдум. Според тоа, таа теза не стои.

Надворешната политика на Грција се глорифицира, а единствен виновник за непризнавањето на Македонија и непримањето во ОН е актуелното раководство. Само двајца, буквално двајца пратеници од ВМРО-ДПМНЕ овде на посреден начин ја критикуваа Грција. Сите други ја глорифицираа Грција и нејзината надворешна политика, а причините за нашето непримање само го ставија на товар на актуелното раководство. Е, па сега јас не сакам да шпекулирам кон што се тоа води. Ги повторуваа Грчките тези зошто Македонија не треба да се признае, а никако не се спротивставија дека тие тези се апсурдни и дека Грција дефакто е основниот причинител зошто не сме во ОН, ни патем да не се спомне.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Овде слушнавме дека еден пратеник рече или ова ќе се прифати или народот ќе дојде овде пред зградава па ќе не истера. Тие методи популистички, ни се познати. Толку време се употребувани на овие простори, па ве молам да не ги употребувате повеќе. Тоа нема врска со демократијата, а видовте дека доживеа фијаско. Во Битола ништо, собравте 250 до 300 луѓе. Во Гевгелија, жална слика. Јас незнам што тоа може да биде вечер, можеби ќе биде интересно.

(А Куклиш, се слушаат извици во салата)

Куклиш нема врска со оваа тема. Според тоа, ве молам немојте да се служите, се залагате за демократски методи, а овде ни заговарате популистички и методи со притисок, со сила да се менува политиката. Дајте избори, ќе ја промениме оваа политика, ќе си добиете 61 пратеник и свршена работа.

Десетта теза вели вести добиваме само од добро известени кругови од Атина и известени кругови Франс Прес, Ројтер итн. Ние немаме Па како ќе имаме почитувана господо кога не сме членки на ОН, не сме членки на ЌЕБС, не сме членки на Парламентот, на Советот на Европскиот парламент, а нашите и новинари и нашите државни претставници кога идат таму они немаат легитимитет да влезат во тие органи и тела. Таму имаат пристап само членките на тие меѓународни асоцијации и имаат пристап само членките на ОН, а ние и натаму ако играме на оваа карта и натаму од ходниците ќе ги прибираме сите докази.

Денес тоа што го слушнавме овде беа и последни бисери , државната и правна самоликвидација. Ако е ликвидација тоа што ќе бидеме како држава примени во ОН, молам. А правна ликвидација значи стануваме правен субјект, седнуваме со сите членки на ОН на иста маса. Наш претставник ќе седи таму, во ОН и ќе има можност да се справи со сите тези и шпекулации што ги лансира Грција. А тоа не е правна самоликвидација.

Со прифаќањето се рече, на посредништво се укинува суверенитетот на државата. Прво, посредништво е, за што и неколку дискутанти овдека покажаа елементарно незнаење, па го идентификуваат проблемот посредништво и арбитража дека се синоними. Нема врска тоа. Посредништвото е чисто политичка категорија. Посредништвото подразбира процес во кој и ние и Грција и другите што учествуваат во оваа процедура ќе се договараме за мерките за доверба и сите прашања што се спорни меѓу Македонија и Грција, а арбитражата е чисто правно прашање. Што значи тоа. Тоа значи ако се договориме да има арбитража тие што ќе одлучат тоа ќе биде. Ние исходот го прифаќаме. Значи има снага на судска одлука. Значи ако се договориме нашиот проблем да го решава арбитража составена од тие и тие, тие ќе се соберат, Грција ќе прифати и ние прифаќаме, веднаш пред таа арбитража да одлучи. Според тоа едното е правно, другото е политичко прашање, што немаат никаква врска.

Сега да кажам неколку збора за темата.

Јас на почетокот реков изгубивме непотребно 5 дена за прашање што апсолутно не заслужува толку денови да расправаме со оглед на многу јасните факти, а тие се следни:

Македонија се прима во ООН. Документите, разна верзија. Меѓутоа, вие имавте можност да се уверите. Македонија се прима со формулација се прима во ОН државата чие барање е заведено под број Ц и има бројки таму. Таа држава е Република Македонија, не е никоја друга држава.

Сега, за надминување, бидејќи има спор од една членка на ОН таа е внатре во ОН, сите други ја штитат неа и нејзините интереси, не на онаа која не е членка на ОН. За надминување на тој спор таа држава ќе се ословува, до надминување на спорот во ОН за интерни употреби како поранешна Република Македонија. Дали ни се свиѓа, мене ако ме прашате апсолутно не ми се допаѓа таква формулација. Верував дека нема ни еден

овде во салата, а ако сакате и во Републиката тој што ќе каже навистина ова ми се допаѓа и тоа е решение. Меѓутоа, не е наша волја тоа односно не е прашање за кое ние треба да одлучиме. На наша страна е и правдата и правдината и меѓународното право, ако сакате и јавното мислење на напредните луѓе во светот, меѓутоа на нивна страна е силата, а сила бога не моли, како што рече некој овде. И сега се поставува прашањето. Ние овде расправаме цело време дали треба ова или она решение да се прифати. Јас искрено да ви кажам. Не слушнав од опозицијата освен од еден пратеник овде што е алтернативата наша. Никој не рече, не слушнав ни од позицијата никој да каже дека треба да јадеме корени. Никој тоа не го кажа. Кажуваа само за предностите на своите тези. Меѓутоа, од опозицијата слушнав само жестоки критики против позицијата: овој предлог, претседателот на Републиката, Владата. Никој ќе понуди како треба да се однесуваме во оваа ситуација. Што е другата алтернатива. Знаете што е. Двајца понудија овде, што држат дека до себе дека се многу силни економисти, стратези, па понудија Македонија да издржи натаму на се, да се изолира. Знаете ли тоа што значи. Ние го имавме примерот со Енвер Хоџина Албанија, земја затворена од сите страни, нема контакт со никого и еве до каде ги доведе луѓето, или денес имаме уште поактуелно го имаме Милошевиќ и Србија. Он ја изоли] земјата до крај, доведоа до 30 марки плата просечна на кадар со висок( образование, а мислам денес е веќе и помал, 17 долари. Ако е тоа алтернатива, јас не гласам за таква алтернатива.

Што губи Македонија од сето тоа. Рече некој од овде дека се прима како држава во ОН. Да знаете само држава членка на ОН може да има своја национална валута. Држава која е членка на ОН е членка на ММФ е членка на Меѓународна банка. Таква држава не може да издава национална валута.

Второ, држава која не е членка на меѓународната асоцијација за воздухопловство во Торонто не може да добие меѓународен сертификат да лета, да има своја компанија авио, да има контрола над воздушниот простор. Вие прочитавте пред некој ден изјавата на директорот на Еуроконтрол за безбедноста на сообраќајот на нашиот простор. Тој кажува дека Македонија, бидејќи не е членка на ОН, а тој статус е поврзан само како членка на ОН, она не е меѓународно правен субјект за еуроконтрола. Според тоа алтернатива ни е дали и натаму да останеме под контролата на Белград, управата за контрола на летање или бидејќи сега се изолира и Србија ќе треба да одиме и во Софија. Мора со нив да заклучиме, со управата за контрола на летови па тие да го контролираат нашето небо. Нема трета варијанта, бидејќи Грција не не прифаќа. Или Тирана. Значи изборот му е стеснет, а ако бидеме членка на ОН тоа го имаме.

Ние не можеме, ако не сме потписнички на спогодбата за меѓународна трговија и царина никакви погодности во Европа да добиваме Не можеме да добиеме ни сертификат, како се вика стручно јас незнам. Не можеме марката Македонија што ја печатиме да ја пуштиме, не можеме код да добиеме. Марката Македонија да ја пуштиме во меѓународен сообраќај,ако не го добиеме тој код, а тој код ќе го добиеме дури ако го имаме исполнето овој услов, да бидеме членки. Не можеме да добиеме ако не сме членки на тие спогодби дозвола нашиот железнички сообраќај да транзитира, да вози надвор. Не можеме да добиеме дозволи за нашите транспортери да превезуваат стока. Сега да ве прашам.

Ако го имаме сето ова во вид, а пред себе ја имаме Грција која што непризнавањето на Македонија го издигна на ниво на основно национално прашање, која 80 години не сака да се спомне името Македонец и државата, а знаете ли зошто го прават, верувам дека знаете. Затоа што во 1913 година Грција доби поклон од големите сили и 51% од македонската територија. Тој процес на елинизација, на асимилација во Грција трае и денес. Тие немаат легитимитет сеуште на таа територија. Во таа држава и

ден денес луѓето се затвараат ако се кажат дека се Македонци. Еве скоро судеа двајца луѓе затоа што се декларираа како Македонци. Таа и таква Грција што е анахронизам на прагот на XXI век големите сили ја поддржуваат, ја поддржуваат од егоистички причини, затоа што тие ја распарчаа Македонија, тие, големите сили 1913 година го распарчаа телото на Македонија на три дела и тие како сега ќе си го признаат својот пораз па да кажат извинете, тогаш бевме во заблуда грешка сега правиме. Според тоа чекаме од нив да ни дадат простор, да се коригираат, а политиката господо денес никој не ја води не одлучува, ниту алтроизам ни хуманизам. Во политиката доминираат само интереси. Големите сили сакаат да пенетрираат на овој простор и натаму и воено и политички, па се она што го прават го прават само за нив и за нивните егзоистички причини, а не го прават затоа што навистина денес сме на прагот на XXI век па хуманите принципи одлучуваат. Нема врска таа работа. Одлучуваат нивните стратешки интереси, сакаат да имаат влијание на овој простор. За нив е многу побитно тоа влијание да го остваруваат преку Грција, туку преку една минорна Македонија, со 2 милиони жители. Цело време таа Грција до ден денес игра на картата дека Македонија бидејќи е составена од еден конгломерат од национални групации, таа држава не е способна да има своја држава. Таму според грчките тези од сите родови има, само нема Македонци. Токму со таа теза ја убедува цела Европа дека тие не можат да најдат консензус, да живеат заедно.

Сега наспорти сите тие околности и меѓународни констелации нашиве соседи, Македонија бара модус вивенди во цела таа ситуација, едноставно да опстане Македонија во тие услови. Јас разбирам дека емотивно го примаме сите фактот што треба да се прави компромис. Меѓутоа, господо компромиси се прават во политиката. Тоа е нужна придружна појава на секоја дипломатија, меѓу луѓето, меѓу државите во секое општество. Само е прашање која е таа долна граница до која може да се прават компромиси.

Која е таа граница што нас национално не деградира, не обезличува, нашите интереси што не дозволува да се реализираат. Која е таа долна граница што ни отвора простор некој во овој круг зачаран во кој се наоѓа Македонија да ја погледаме светлоста на денот.

Видете, јас се определувам, меѓу тие варијанти апокалиптички за кои говорев, првите и оваа втората што отвора мала перспектива, јас се определувам за таква варијанта. Македонија постапно овие година ипол дена покажа дека ќе води мирољубива политика затоа што нема друга алтернатива на таа политика. Македонија мора да наоѓа начин, консензус меѓунационален, да живееме овде, да се заемно почитуваме верски и национално, затоа што тоа е најголемата карта на нашите противници. Постојано не шушкаат дека вие меѓу себе национално ќе се трвите, ќе се испотепате и џабе е Европа да ве признае кога не можете конечно да имате држава, пак ќе треба да ве делиме. Тие се силни карти на кои игра Македонија. Немојте, ве молам, да ги обвинувате средствата за јавно информираше што таа вистина ја афирмираат. Кај нас дојдоа стотици делегации овде, парламентарни, државни, вондржавни. Никој не кажа дека ова е негативна страна на Македонија. Напротив сите говореа афирмативно дека Македонија навистина гради едно демократско општество, постапно иде чекор по чекор кон надминувањето на сите овие хипотеки од минатото, на сите овие предрасуди и лустрации за да го сочува тој идентитет. Јас ве уверувам, тоа е мое лично мислење, национален интерес е на Македонија да постои како држава и да опстои, а патот не е праволиниски, сигурно, затоа што сите меѓу себе во тоа се уверивме. Во името на тоа ве молам да не се истоштуваме со работи за кои одвај другите чекаат, да не водиме политичка битка околу она што е стратешки, државен и национален интерес. Ние како различни политички партии и пратенички групи овде

можеме да се надмудруваме на политички план околу политичкиот систем, околу економските прашања, да се наметнуваме на нашите бирачи со сите тие тези, ама немојте околу решавањето на можноста државата да ни опстои. Налегнувајќи многу емотивно на тезата дека се денационализираме, се плашам да не ја изгубиме државата. Затоа ве молам никој од нас што овде седиме нема право на Македонија да и ја ускрати оваа шанса што првпат и се дава во историјата. Во тоа име ве молам да постигнеме национален консензус.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, веќе пет дена присуствуваме на оваа седница на која со сета своја жестина по кој знае кој пат се истакнаа две сосема спротивставени мислења, овој пат околу активностите на нашата Влада и дипломатија сврзани за приемот на Република Македонија во ОН. Во една парламентарна демократија и во услови на постоење на позиција и опозиција тоа е сосема нормално. Меѓутоа, чинам дека е несфатливо тие различни гледања на проблемот да се толку изразени во овој така да речам историски миг за македонската државност кога сме поблиску од било кога во долгата македонска историја нашата држава да стане самостоен и широко меѓународно признаен субјект, рамноправен член на ОН.

Се прашувам дали сме доволно чесни и искрени самите кон себе и кон целата македонска јавност и дали навистина сме единствени во настојувањата за меѓународното признавање на Македонија. Од она што можеше да се слушне во текот на расправата очигледно е дека сите не го посакуваме тоа. Инаку, како да си ги објаснам мошне грубите невистини израчени од оваа говорница дека "овде не постои држава, овде не постои народ, овде не постои демократија" Па господа пратеници што тогаш ние бараме да ни биде признаено. Можеби воздухот.

Не можам да разберам и сфатам како тоа меѓу нас да има и такви народни пратеници кои се залагаат за рехабилитација на Тодор Александров, познатиот и осведочен македоноубиец чие име можеше да се слушне од оваа говорница извикувано од некои пратеници од најмакедонската партија ДПМНЕ. Навистина македонскиот народ тоа не го заслужил и не заслужил таква навреда. Затоа сметам дека е умесно пратеничката група на ДПМНЕ јавно да се извини или да се огради од ваквите истапи на своите членови.

Во текот на оваа повеќедневна и обемна расправа бевме сведоци на многубројни и по својата содржина мошне различни анализи на постапките на извршната власт на Република Македонија во врска со нејзините активности во процесот на зачленувањето на Република Македонија во ОН. Некои од нив беа мошне злонамерни, насочени пред се кон минимизирање на сето она што е досега постигнато, а според мене мошне многу е постигнато.

Лично не, само што внимателно го следев експозето на премиерот на македонската Влада господинот Бранко Црвенковски, а имав задоволство истото да го прочитам и проучам и да бидам искрен нема што да додадам ниту да одземам, зошто фактографски ја отсликува целата и единствена вистина за сите активности на нашата Влада и дипломатија, а без никаква своја вина за резултатите. Сите ние овде присутни свесни сме, а се надевам дека е тоа и целата македонска јавност дека не и по наша вина поставени сме пред така да кажам историска дилема.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Понудена ни е, една најблаго речено, ненормална формулација за времено име и презиме на нашата држава, што навистина претставува преседан во досегашната практика на 0Н. Но, за жал, зад неа стојат нај релевантните фактори од кои најнепосредно зависи приемот на нашата држава во Он. Предлогот на Резолуцијата нуди две можности, две зла, а нам ни е оставено кое ќе го одбереме. Јас лично сум за она помалото, а оценувам дека во овој момент тоа е прифаќањето на предлог Резолуцијата , како и на се она за што се залага нашата Влада, дипломатија и претседателот на Републиката, затоа што тоа е единствената шанса во натамошните преговори нашата држава да има рамноправен третман и да биде активен учесник во корењето на својата иднина, а не како што е во моментов тоа да го прават други како ќе им падне на умот. Во текот на оваа долга расправа често пати беше спомнувано промената на името, па нека не ми биде замерено што сакам да изнесам свое видуваше кон тој проблем.

Името Македонија е вековно и за нас свето. Го имавме, го имаме и ќе го имаме. Но, оваа држава е создадена со револуцијата од 1941 година кога македонскиот народ заедно со другите народности на чело со Комунистичката партија успеа, за жал да ослободи само еден мал дел од Македонија кога за прв пат слободно македонски прозборевме, ги добивме нашите училишта, Универзитетот и сите институции што ја красат една држава. Да се потсетиме, бевме НРМ и преживеавме. Станавме Социјалистичка Република Македонија, исто така преживеавме и богами поживеавме. Станавме независна и самостојна Република Македонија и живееме онака како што живееме. Одеднаш некој ни нуди име со чудно презиме. Значи , ако бев со име македонец и презиме народен, ако бев со име македонец и презиме социјалистички лично ништо нема да ми пречи

времено да бидам и македонец без или со чудно презиме за што ме охрабрува сознанието дека секогаш сум бил и ќе бидам македонец. Честопати во текот на расправата прифаќањето на Предлогот на резолуцијата беше поистоветувано со предавство или велепредавство. За мене лично најголемо предавство е ако дозволиме нашата држава да остане на буниште и стане незаштитен и лесен плен на нашите гладни соседи.

Дозволете ми на крајот да направам една мала споредба тесно поврзана со мојата професионална преокупација. Кога пливаме во мирно море спокојно размислувал за координацијата и убавината на движењата со рацете, нозете и дишењето. Меѓутоа, ако во тоа спокојство и убавина одненадеж се појави морски пес нема повеќе убавина и нема координираност на движењата. Чинам дека во слична ситуација се наоѓаа и нашата држава во овој момент кога малку е битно како плива а многу е битно да исплива. Но, при тоа секако не забораваме дека успешен пливач станува оној што има совесен тренер, добар советник и водач, во кој пред се се верува дека го носи кон патеките на прогресот. Затоа, господа пратеници, ве повикувам на толерантно единство неопходно во овие мигови, со што ќе го избегнеме македонскиот синдром на самоуништување позната во нашата вековна историја. (аплауз)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, дозволете во врска со оваа многу важна тема да го искажам моето мислење веќе пет дена расправаме за една многу важна тема битна за нашата држава и нашите народи. Информацијата на нашата Влада по Предлог резолуцијата

на Советот за безбедност за прием на Република Македонија во ООН. Со посебен почит кон вас, средствата за јавно информирање и граѓаните на Република Македонија, дозволете и јас како ваш колега и пратеник да го искажам мојот став за прием на Република Македонија во ООН. За овие пет дена многу е зборувано од оваа говорница, но малку е речено за суштината на ова прашање. Во нашите дискусии наместо да зборуваме за темата, ние како и вообичаено, прво, се обвинивме себе си, а потоа обвинивме како народи, така и други држави. Наводно за настанатата ситуација тие се криви, а не ги анализиравме нашите постапки и нашите однесувања како пратеници, како Собранието на Република Македонија.

Историјата не почнува и нема да заврши со нас и нашата генерација. Таа се пишувала, постоела како што постоеле нашите предци, како што постоиме ние и ќе се пишува и ќе постои како што во иднина ќе постојат нашите деца, внуци и правнуци. Низ историјата ве нарекуваат срби, бугари, грци и што не друго, а вие сте биле македонци, сте и ќе бидете во иднина, зашто така се осеќате, зашто такви сте и за што такви ќе постоите. Сте толку колку што сте. Можеби сте во мал број, можеби сте многу, важно е вие да постоите и во иднина како такви ќе постоите. Треба да се дивите со тоа. За мене овој факт не е спорен, ниту за другите албанци, ниту за Албанија. Познато е за Балканот во почетокот на овој век биле одржани многу министерски меѓународни конференции како што била Лондонска, Версајска, Букурештанска, секој од нас , почитувани колеги и албанците ја знаат и ја пишувале нивната историја и вие ја знаете и ја пишувате вашата историја, меѓутоа, скоро сме имале иста среќа. И ние сме биле поделени и вие сте биле поделени. меѓутоа, среќата наша можеби била што веќе постои држава. Но, можеби и ние заедно ќе ја имаме државата по име Република Македонија.

VIII/4.-

По Втората светска војна не е спорно дека бившата држава Социјалистичка Федеративна Република Југославија се распадна, а дел од нејзините поранешни републики станаа признати субјекти на меѓународното јавно право. Членки на Организацијата на ОН и се зачленува во други меѓународни асоцијации, како на пример, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина. А со Република Македонија досега, и ако сакаше не успеа да стане членка на ООН. За нас јасно зошто. Познат ми е фактот што една членка, што еден сосед не се сложува Република Македонија во ООН да се прима под името Република Македонија, туку пред привременото име Бивша Југословенска Република Македонија. Зошто со името Македонија може да се има територијални претензии спрема Грција. Сметам дека првата грешка што ние ја направивме е ние и нашите државни органи е референдумот од 8 септември 1991 година и тоа другиот дел од прашањето, да стапи во сојуз со другите југословенски републики. За ова искористија и Србија и Грција. Ако не беше ставено ова прашање може би предлогот Бивша Југословенска Република Македонија немаше да биде ставена во Предлог Резолуцијата на Советот за безбедност.

Втората грешка е барањето на одредени политички сили од македонскиот национален блок дека едниот Конгрес ќе се одржи во Солун, карти со територии и на други земји и друго. Ако не беа истакнати овие работи сметам дека Македонија полесно ќе беше признаена како од Европската заедница, така и од ООН.

Трета грешка сметам дека е знамето на Република Македонија. Наводно ова знаме асоцира на симбол од старогрчката култура. Од академикот Грозданов и уште од еден академик се зборуваше дека не би требало ова знаме. Сметам дека МАНУ и интелектуалците на Македонија и историчарите требаше да решаваат и да донесат суд за ова.

Четвртата грешка е Уставот на Република Македонија. Уставот на Република Македонија е национален, а не граѓански и демократски. Државата Македонија сака да се конституира како едно национална, како дефакто, фактички, таа положба е поинаква. Македонија, дефакто, е многу национална, многу културна, многу јазична и многу професионална држава и како таква треба да се изгради. Затоа сметам дека што побрзо треба да извршиме измени на актуелниот Устав на државата и тоа да отпадне преамбулата "како и ограничувачките негови одредби", членовите 7 и 48 и да се воспостави механизам на консензус За прашањата од меѓунационален карактер да не се носат дискриминаторски закони и веднаш да се почне со разрешување на меѓунационалните проблеми и тоа како во сферата на употребата на јазикот , школството, информирањето, вработувањето, како и пропорционално застапување во органите на власта и другите државни органи и организации. Ако овие меѓунационални проблеми не се решаваат сметам дека тешко ќе биде на македонците за составување само на нивна држава, која како таква ќе биде призната. Сум на мислење дека пред приемот на Република Македонија во ООН треба да се организира една мировна конференција за Бивша Југославија односно во рамките на мировната конференција за Бивша Југославија треба да предложи уставни промени за Македонија или да се одржи конференција во која би зеле учество претставници на соседните земји , како и претставници на народите, кои живеат во Македонија На оваа конференција би се донела одлука со гаранции за респектирање на неповредливоста на територијалниот интегритет на Македонија, регулирање на меѓунационалните односи во неа и дефинитивното елиминирање на секаков вид дискриминација во неа, како и за решавање на проблемот со името на Република Македонија. дека е потребно да се одржи меѓународна конференција за Македонија зборува и фактот што соседните земји ја имаат

признато Република Македонија. Грција го оспорува името. Бугарија ја признава територијата, а не и македонската нација. Територијалните претензии на Србија кон Македонија и изјавата на претседателот на Србија дека е во соседство со Грција . А по однос на Албанија решавање на проблемот за албанците да станат државотворен народ. А по однос на територијата и границите, не се спорни.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ .ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, пред да почнам со дискусија сакам да кажам дека обична пракса во сите парламентарни држави во работата на парламентот е што секоја партија и таа што е на власт и таа што е во опозиција си има одредени стручњаци за одредени области и тоа се по неколку пратеници и тие да дискутираат за еден проблем и тој проблем што се вели да го сожвакаат до најголеми танчини. Ние овде имаме случај на пратеници универзалци кои што се разбираат во се, во рударство, во економија, во земјоделство, во здравство, во надворешна политика и т.н. Мислам дека треба уште многу да учиме од работата на високо развиените демократски земји, како позицијата , така и опозицијата.

Исто така, сметам дека не продуктивноста во нашата работа е и големиот број пишани говори кои што ќе беше многу поцелисходно да беа дадени готови, а не да се носат овде и да се читаат. Бидејќи сум прв дискутант од нашата пратеничка група ценам за добро да го кажам прво нашиот партиски став во врска со целата оваа ујдурма досегашна. Нашиот партиски став е дека за членување под име Бивша Југословенска Република претставува само едно кукавиче јајце за раздор помеѓу

македонскиот народ од проста причина што се знаеше дека ќе дојде до ваква реакција и од опозицијата, од сите партии во опозицијата и од многу те здруженија граѓански.

Исто така, цениме дека временскиот период од два месеци во нацрт резолуцијата, кој што ни беше даден во превод, јас лично не верувам дека ќе биде тој рок запазен и мислам дека до колку влеземе во членство во ООН како Бивша Југословенска Република дека тоа име ќе си го носиме за век и веков во таа зграда. Мене ми смета тој атрибут, посебно Југословенска, од причина што означува припадност кон една странска наша соседна држава. Ценам дека не смееше да дозволиме со таков атрибут да влеземе во членство на ООН од причина што тој атрибут Југословенска ценам дека крие огромен број на опасности по нашиот македонски идентитет. Тука се наметнаа и една друга теза , која што упорно се инсистира во јавноста на нејзино промовирање, име за внатрешна и име за надворешна употреба. Јас цена дека тоа наше име што со векови гордо го носиме македонско е име, не е за внатрешна употреба. Ние во нашата внатрешна употреба знаеме кој сме и што семе. Тоа е име за надворешна употреба. име , кое во ООН, во ЌЕБС и било каде во светот ќе се идентификуваме со тоа име. Сметам дека тоа име македонско е за надворешна употреба и дека тука се извртуваат тезите. Име за внатрешна употреба, име за надворешна употреба. Нас името ни е потребно за надворешна употреба, бидејќи во нашата внатрешна употреба многу добро знаеме кој сме и што сме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Претходниот пратеник Авди Муртезани многу добро објасни и кажа кои сме и што сме. Сметам дека ние како Парламент го немаме тоа право да дискутираме за името и оваа седница по мене лично е непотребно свикана. Никој го нема тоа право во оваа држава да дискутира за името на државата. Го нема тоа право ни народот на референдум, бидејќи за тоа име гинеле многу и многу претходни генерации.

Сметам дека целта на оваа петодневна расправа во Парламентот е одговорноста од претседателот на Републиката за целата оваа заврзлама, и од коалиционата Влада да се префрли на Парламентот и сите ние како пратеници овде да ја понесеме одговорноста за ова зачленување, што по мене е штетно и како пратеник од опозициона партија сметав дека воопшто не требаше да се влегува во една ваква дискусија. Многу пологично ќе беше по мене да се гласаше за доверба на Владата, да се кажеа сите аргументи, зашто ако за ваква тема не се гласа за доверба на Влада, тогаш јас не знам за што би требало да се гласа за доверба на Владата.

Во истиот овој контекст, доколку пледираме да бидеме демократска држава, во нашите заложби од оваа говорница сите се искажуваме дека сме за демократија, тогаш зошто владејачката коалиција и медиумите во Република Македонија не покажаа спремност да се чуе и поинаквото мислеше. Јас не сакам да стојам на цврсти становишта дека моето мислење е тоа најисправното. Врз основа на една шестчасовна емисија на радиото нашите граѓани не беа во можност да слушнат и од другата страна за тие што мислат поинаку. Тоа е демократија. Не можеме сите да размислуваме како еден. Дури се оди до таму една манифестација што вечерва се одржува во Универзалната сала во 18 часот не може да се истакне преку медиумите. Организаторите не можат да продрат до граѓаните. Тоа што кажува? За каква демократија пис се залагаме господа?

Би сакал да кажам и некои мои забелешки до господинот претседател на Републиката, за неговото досегашно раководење на надворешната политика. Сметам дека непотребно се создаде еден монопол на водење на надворешната политика од неколку поединци, од многу малку луѓе и сметам дека многу повеќе луѓе и политички партии и поединци и интелектуалци требаше да бидат вклучени во оваа наша борба за зачувување на нашето македонско име. Исто така, сметам дека многу проверени и докажани дипломатски кадри, македонски беа ставени по страна. Ние си го дозволивме и тој луксуз да имаме Македонец кој што беше и амбасадор на бившата СФРЈ во Обединетите Нации и личен пријател со претседателот бивши на САД Џорџ Буш, ние не се ни обидовме со тие наши стари македонски дипломатски кадри да ги ставиме во употреба во оваа наша борба. Исто така, отидовме дури и дотаму што и наши докажани македонски вредности во странство и овде да ги отстрануваме од политичкиот живот. Мислам на господинот Тупурковски, на господинот Гошев и мислам дека тоа е и една од причините за состојбата во која денес се наоѓаме. Можеме да се угледаме иако сум против тоа да го кажам, а нејќам да го кажам, но можевме да се угледаме на информативните медиуми на Република Атина која што ги применува и на кој начин и како нивните медиуми се трудат секој детаљ да го изнесат и жалосно е што ние како пратеници од опозицијата се доведуваме во ситуација да бидеме информирани единствено од медиумите, како македонски така и од соседните медиуми.

Главна моја забелешка до претседателот Киро Глигоров е што тој беше најповикан во оваа ситуација да создаде општонационален и општопартиски консензус во една ваква ситуација. Ценам дека воопшто не беше вложен таков труд, иако и ние како партија инсистиравме и баравме од него постојано, барем еднаш месечно да се собираат претставници од

сите партии во Македонија како парламентарни, така и вонпарламентарни, а се со цел да се постигне тој толку посакуван македонски меѓупартиски и меѓунационален консензус. Сметам дека и една од причините за овој можам да кажам и раскол кај нас се и лидерите на двете најголеми политички партии, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, нивниот меѓусебен антагонизам кој ценам дека се рефлектира и на еден антагонизам кај целиот народ и може да има силни последици по еден раскол помеѓу македонскиот народ. Сето тоа претседателот на Републиката мораше да го знае и за да ја симне одговорноста од себе беше должен да ги повика сите партии секојдневно на разговори и на информирање,

Оваа ситуација што сега е создадена само му погодува на белградскиот и на софискиот врховизам, кој уште од почетокот на нашето предизборје со сета своја жештина се појави, најпрво преку бугарските летоци кои беа фрлани, за се до ден денешен да се дојде до овој степен на разединетост на македонското ткиво.

Исто така, се отиде и до таму што одредени министри во Владата на Република Македонија почнаа да промовираат и фашизам овде во Македонија. Дури министерот Фрчковски и мене ме посочи како еден од тие носители на такви идеи, што со индигнација одбивам, одбивам да помислам дека во Македонија постои било каков фашизам. Сето тоа и резултираше со една изјава на еден слушател во таа шестчасовна радиоемисија, која што е само продукт на овие заложби од одделни министри и од претседателот на Републиката, комплетно да се дели македонското национално ткиво.

За носталгијата по Југославија, јас ќе ве потсетам, на денот на промоцијата на Уставот, 20.11.1991 година, еден дел од говорот на претседателот на Републиката, цитирам: "Во југословенската криза ќе

продолжиме, н е жалејќи напори и иницијативи, да се бориме за мир, за излез од кризата, за успех на Хашките преговори, за асоцијација на југословенските суверени држави". Овој цитат доволно кажува за се.

Исто така, сакам да кажам збор два и за белградската и за атинската пропаганда. Сметам дека во една ситуација во која што Белград е до крајна граница искомпромитиран во светското јавно мнение со војните во Босна и Херцеговина и Хрватска, сметам дека на таков искомпромитиран Белград му одговараше еден сојузник, еден негов гласноговорник, Атина, која што ќе се бори за неговите витални интереси и ние како држава требаше многу појасно да ги осознаеме и да ги кажеме тие работи, зашто Белград е тој што губи со Македонија и требаше на народот наш македонски да му се каже отворено за вистинските намери. Проблемот на Атина е најголем по Македонците што живеат во Грција. Сите овие проблеми други со името, со знамето итн., по мое мислење сето тоа се вештачки наметнати проблеми од Атина, со цел да се запазат виталните белградски интереси. Впрочем, делбата за Македонија, е идеја на Белград, на неговите историчари од времето на делбите во Македонија. Македонските пасоши ги признаваат членките на Советот за безбедност во Обединетите Нации, петте постојани членки, додека единствено не можат нашите граѓани на територијата на Белград да поминат и имаат проблеми. На Телевизија Приштина се слушаат и такви изјави од македонски граѓани. На пример на 30.03. дека овде не постои македонска нација, дека ова е конгломерат во кој што живеат повеќе нации, Срби, Бугари, Албанци и т.н. Понатаму, се создава клима на антимакедонска хистерија, за секој што и најмалку повнимателно ги следи сегашните прилики во Белград, а врв на сето тоа беше и поранешната, пред месец дена авионска несреќа во која што претседател на државната комисија која што ги испитува причините за несреќата е човек

од Белград, на државна комисија која испитува на наша територија, суверена држава, на македонска авиокомпанија, доваѓа човек во својство на претседател на државна комисија од Белград. Истиот случај и со шведскиот авион "Херкулес" и во тој контекст е и изјавата, вчерашната изјава на претседателот на Белград Слободан Милошевиќ, кој што е достоен и доследен во ословувањето на Македонија. Бидејќи се залагам за реципроцитет, бидејќи Атињаните и Белграѓаните не ословуваат нас со Скопјани, тогаш за тоа си го земам правото во нивното ословување јас исто така да ги поистоветувам со нивните главни градови.

Исто така, сакам да кажам дека ние имавме еден цел куп аргументи за борба против Атињаните, кои нашата надворешна политика воопшто не се путруди да ги искористи и да ги презентира на меѓународната јавност, зашто во тие аргументи е вистината. Ние воопшто не се потрудивме на Европската заедница и на Светската заедница и било каде во светот да кажеме, да презентираме, без да се плашиме дека Европската заедница толерира фашизам. Една членка нејзина пропагира и дејствува со најцрните методи, дури поцрни од методите на Хитлер во Втората светска војна. Ние како држава се срамевме, се плашевме или не сакавме да кажеме, јавно да зборуваме за фашизмот што го пропагираат и спроведуваат Атињаните. Зошто нашата дипломатија не ги даде и следните аргументи:

Зошто на меѓународната јавност не и беше укажано за Македонскиот абецедар, што 1925 година го издаде тогашната грчка Влада и тоа под притисок на меѓународната јавност. Тоа е еден многу важен аргумент за постоењето на Македонците во Грција во Егејска Македонија и за нивната обесправеност во остварување на нивните човечки права. Понатаму, стојат аргументите дека во периодот меѓу двете светски војни со притисок беа

преселени стотици и стотици илјади македонски граѓани, Македонци под присила од Грција во Бугарија, преку тие меѓудржавни грчко- бугарски договори.

Потоа дека од 1913 година постојано во Грција, особено во Егејска Македонија се населува и народно немакедонско население. Дури, за ова тврдам дека Европската заедница е многу добро запознаена бидејќи уште во 1988 година имав средба со членка на Европскиот парламент, Рики Ван Бешотен која многу добро ги знае проблеми те и тврдам дека Европската заедница многу добро ги знае сите проблеми во врска со нејзината членка која што врши промоција на фашизмот 50 години после поразот на фашизмот.

Тука спаѓаат и грчките методи за време на диктатурата на Метаксас од 1936 година. Тука е и историскиот доказ дека во Втората светска војна имаше единствен пример во Егејска Македонија, две антифашистички војски меѓусебно да се судрат. Тоа е единствен пример во Втората светска војна.

Егзодусот 1948 година, на 30 илјади деца од Егејска Македонија, раселени во целиот свет. Па тоа ни Хитлер господа не го правеше, а ние се срамевме на меѓународната јавност на светската организација, на Европската заедница да и го кажеме. Дали претседателот или Владата со било каков акт или писмен документ, пишан документ ги презентирал овие документи на меѓународната јавност. Тоа што се случуваше 48 година во Егејска Македонија тоа е нешто невидено во светот. Се рушат цели села, на тие рушевини се градат комплетно други села со друга структура и луѓето кои се родени во тие села да не можат да одат и да си го познаат своето родно место Па дали некој во светот го прави тоа? Па ни фашистите, ни Хитлер тоа не го правеше! А ние како дипломатија и како претседател на држава бидејќи тие си го зедоа тоа ексклузивно право да ја водат нашата

надворешна политика не се ни обидоа ни со мал прст да и ги укажат овие работи на Меѓународната заедница.

Исто така, во овој контекст спаѓа и Балканскиот воен пакт 1953 година меѓу Тито, Атина и Турција со кој пакт Тито се обврза дека правата на Македонците, човечките права на Македонците во Егејска Македонија дека нема да ги потегне повеќе никогаш. Тоа се купишта и купишта аргументи.

Понатаму, стоте илјади дискриминирани граѓани на Република Македонија, зошто оваа наша држава не се стави во заштита на тие сто илјади граѓани. Со каков доказ, со каков аргумент е побарано во меѓународните институции остварување на нивните човечки права, нивното право на слобода во патувањето. Зошто нашата држава не побара од Европската заедница да се остварат нивните човечки права? Зошто не се повикавме на Извештајот на Стејдепартментот од 1990 година каде што Американците кажуваат за постоењето на славомакедонци во денешна Грција. Има ли поголем аргумент од тоа, извештајот на Американскиот стејдепартмент.

Исто така, судењата што во последната година дена се во Република Грција, на Грци интелектуалци, на Македонци заради тоа што се осудија да кажат дека се Македонци, на турски државјани, на германски државјани.

Или членот 108 од Грчкиот устав. Кога веќе толку инсистираат на членот 49 од нашиот Устав, ние треба да инсистираме на нивниот член 10 8, кои се потполно идентични. А ние цело време сме доведени во една дефанзива. Цело време не сакаме нашите аргументи да и ги презентираме на меѓународната јавност.

Или тоа дека до пред пет години во Грција беше забрането да се спомене самото име Македонија. И наеднаш сега метаморфоза, сите се

Македонци, нивно е името Македонија. Јас тврдам дека не случајно беа милионските митинзи во Атина и во Солун. Тоа беше со цел да се покрене една националистичка, фашистичка хистерија кај Атињаните и тврдам дека во наредните 20 до 30 години ќе нема услови за било каков договор, посредување или компромис со нив.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Јас тоа ви го тврдам. Секој што се лаже дека ќе се договори со нив времето ќе покаже. И спремен сум да чекам два месеци, рокот што го даде претседателот во неговото обраќање дека за два месеци ќе се договорат со Грција, со Атина. Јас тврдам дека ние доколку се зачлениме под тоа има БЈРМ тоа ќе си го носиме години и години. Сметам дека е потребно и неопходно како македонци, како македонска држава, тука смета: на сите македонци како државјанство дека е неопходна изработка на национална стратегија за остварување на виталните македонски интереси во однос на нашиот јужен сосед Атина. Доколку тоа не го сториме и доколку сериозно не му пријдеме на овој проблем уште многу, многу непријатни изненадувања ќе доживееме.

Исто така, како да верувам во чесноста на намерите за остварување на нашата независна македонска држава од актуелната власт подеднакво оддалечена од Белград, од Атина, од Бугарија, од Албанија, кога ова актуелна политичка гарнитура не прави ништо за внатрешното консолидирање и оформување законодавно- правно на нашата држава. Не прави ништо во спречувањето на масовниот грабеж на државниот имот, на вештачките стечаи на добрите фирми, на цветањето на сивата економија, на масовната корупција во скоро сите државни органи па се до највисокиот орган Владата. Мислам дека сите многу добро сме информирани и сите многу добро знаеме што се случува, а сите молчиме и страв ни е да кажеме.

Исто така сметам и тоа дека ретко кој политички субјект на Македонија понуди алтернатива, тоа е жалосно, погласно и поенергично на досегашната и на актуелната власт. Единствен кој што понуди алтернатива во борбата за меѓународното признавање беше Здружениот Достоинство и јас тврдам дека Грција е многу повеќе исплашена од едно здружение отколку од сите политички партии во Македонија заедно. Петицијата на

Здружението Достоинство, која е сега во процедура во Комисијата за човечки права при Европската заедница е начинот на кој што требаше ние и треба да се бориме против атињаните• Исто така по мене единствено можна алтернатива е градењето на сите можни патни правци, железнички на коридорот исток- запад, поврзуваше со Албанија и Бугарија, во електроенергетски поглед поврзување со Албанија и Бугарија зашто тврдам доколку во наредните шест месеци не успееме да се поврземе, јас за ова поврзување зборувам досега пет-шест пати, но и старата експертска влада и сегашнава коалиционава спијат. Доколку во наредната половина година не успеавме да го оствариме тоа поврзување со Албанија и со Бугарија јас тврдам дека ние и политички ќе бидеме фрлени на коленици. Не ќе можеме тогаш веќе да зборуваме за независност и самостојност на нашата македонска држава. Имаше многу излагања на кои што сакав да реплицирам, но морам да се задржам само на едно од нив, најкарактеристично.

Господинот Тито Петковски како во старите добри времиња, на времето на ЦК си излезе овде и почна да врши анализа на сите претходни дискутанти. Да кажува што чини што не чини. Изгледа ние не може ме да ги прескокнеме навиките здобиени од минатото време• Ова е Парламент, ова не е партиска дебата каде што се сумираат дискусиите.

Исто така мене ме навреди тоа што истиот дискутант го обезвреди признавањето на Русија, што за мене е некоректно. Ја поистовети цела опозиција со една партија и една контрадикторност искажа каде што рече дека не може ме да користиме никакви, треба да ги користиме' погодностите што ги дава Европската заедница, а не може ме да ги користиме ако не се зачлениме. А, од друга страна дека Грција, Атина ја поддржувале големите сили. Па, како ние ќе користиме погодности од Европската заедница ако истата таа Европска заедница јавно кажуваме дека ја поддржува Атина.

Сметам дека во нашето излагање не смееме да бидеме контрадикторни и при настапите во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика побара господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Михаил Пановски, што ми даде шанса уште неколку работи да кажам во вид на реплика.

Прво, јас незнам каде се најде господинот повреден од мојот аналитички приод. Незнам, ако се идентифицира со ВМРО-ДПМНЕ, а овде говореше во име на некоја пратеничка група.

Втора, анализите што ги правеше за претседателот Глигоров од неколку тези, а мене ме демантира за анализите на тезите од некој пратеници овде не прават исти во приодот.

Трето, не можам да кажам ништо освен ова што го кажа господин Фрчковски, јас само не смеам така да го изговорам тоа, туку овде инсинуацијата дека јас сум ја обезвредил Русија е чиста глупост не може да биде ништо друго. Со други зборови тоа не може  да се изрече. Бидејќи јас пред малку говорев тука. Не може  да се опише на друг начин. Затоа што јас реков буквално Русија беше прва земја од големите сили што не призна меѓутоа, Русија не воспостави дипломатски односи со Македонија. А зошто не ги воспостави дипломатските односи. Тоа го кажав. Не да не сме барале. Сто пати досега нашето раководство барало. Да појде и министерот таму, меѓутоа таа иста Русија се огласи сега преку Министерството за надворешни работи, што имаше можност цела наша јавност да прочита дека го поддржува настапот на претседателот на Републиката и дека смета дека тоа е пат да се дојде кон решавањето на проблемот на Македонија и нејзиниот прием во ООН. Според тоа со ништо не ја обезвреднив, напротив

говорев со комплименти дека е единствена супер сила како докажан пријател на Македонија. Јас тоа го истакнав во својата дискусија, но дека е соочена со внатрешни проблеми и не може да се наметне на меѓународната заедница со поагресивен начин за македонското прашање. Јас мислам дека тоа е комплимент за Русија а не навреда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика на репликата. Господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас не би сакал да се спуштам на нивото на господинот Тито Петковски за изразите што он ги употребува. Инаку, отфрлам она што го рече за моја идентификација со ВМРО-ДПМНЕ бидејќи ако сакав јас ќе останев во ВМРО-ДПМНЕ, немаше да излегувам. Само би го прашал, бидејќи е адвокат на господинот Киро Глигоров, очигледно зошто нашата држава цело време имаше посети на Англија и на Франција. Зошто еднаш колку посети се остварија на тие држави, 10 кои што не признаа, освен една или две посети на Република Бугарија. Или, тие земји што за цело време благонаклоно гледаат кон нас Италија, Германија, Австрија, тоа е една многу симптоматична работа. Ние моравме да настојуваме и кај држава членка на Советот за безбедност, една таква светска веле сила каква што е Русија после нејзиното признавање моравме сите можни мисии да ги пратиме таму, а не кога дојде господинот Чуркин, да ни го врачи признавањето да се осеќа навреден што не признале. Само присетете се на ликот на фацата на нашиот тогашен министер кога го примаше признавањето. Само тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој на кое ниво се дига или паѓа е друга работа. Пак господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ќе се спуштам на нивото на господин Пановски за да бидам разбран. Веројатно слабо памети, бидејќи не само претседателот на Републиката туку и Републичката влада бараа неколку пати прием во Советскиот сојуз, меѓутоа, не не примија, што сме ние виновни. Понатаму, претседателот Глигоров, беше и во Англија, беше и во Франција, секаде каде што не примија, и претседателот Глигоров и претседателот на Владата и претседателот на Парламентот беа. Министерот за надворешни работи да не говорам во колку земји беше да ги посети. И тоа е однос Македонија со тие сили, не само онаму каде што ќе отиде претседателот Глигоров. Не си земам никаква улога да бидам адвоката на претседателот Глигоров и нему не му треба таков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една деловничка интервенција. Госпоѓица Димовска сака да даде. Само на тоа да се ограничите ве молам.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, согласно деловникот би сакала една дезинформација, непрецизно што беше кажана од потпретседателот Тито Петковски да исправам. Тој кажа Советскиот сојуз. Како што се распадна СФРЈ се распадна Советскиот сојуз и не постои веќе таа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, државите да се именуваат како им е вистинското име, а фрустрациите да ги оставиме.

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, иако сум убеден во немањето потреба посебно да се декларирам во однос на државната припадност и националниот идентитет осеќам за потреба, поттикнат од

некои дискусии од досегашната расправа од типот на бивш Југословен, бивш македонец, прав македонец, немакедонец, и слично како провокации и јас мојата дискусија да ја почнам со изјаснување дека сум Македонец и ништо друго не можам и не сакам да бидам. Искрено и сесрдно ја сакам мојата држава самостојна и независна Република Македонија, а по однос по прашањето за непрекинатоста на нацијата со државата кристално ми е јасно дека нацијата и дава белег и на државноста и името на нацијата фактички се одразува и во името на државата и како граѓани и како пратеник и досега и секогаш ќе ги штитам државните и национални интереси на Република Македонија. Таков мандат впрочем како пратеник јас и сите ние заедно и немаме друг освен да ги штитиме и да се залагаме за државните и национални интереси на Република Македонија.

Осврнувајќи се на она што значи информација на она што значи дипломатски активности на надлежните органи што ја водат нашата надворешна политика во однос на приемот во членство на ООН за мене суштинска работа е да се тргне од тоа која е основната цел на нашата надворешна политика. Таа основна цел е да се изврши членство во ООН што ќе биде услов и за пошироко меѓународно признавање на Република Македонија паралелно со што да не се загрози државната самостојност и националниот интерес на Републиката.

Тргнувајќи од оваа основна цел сметам дека единствено таа може да биде критериум за позитивно оценување на дипломатските активноста на внатрешните органи што ја водат Република Македонија во нејзината надворешна политика. Сега ако ја оценуваме реализацијата на тоа дали е остварена оваа основна цел односно прием во членството на ООН констатација е дека тој прием во членството не е извршен, а непосредно претстои и ако се разгледува тоа како крајна цел факт е дека тоа не може да биде некоја потврда и во оваа расправа. Реално и објективно

согледувајќи ги вистинските причини за досегашното непризнавање овде многу пати беа искажани, тие се досегашната историја на државата и на македонскиот народ кој што го карактеризира постојано присвојување и оспорување на неговиот идентитет и државност; понатаму политичките интереси на Грција, и не само она во однос на нејзините европски и светски сојузници на економски, политички и безбедносен план и како трето резултатите од досегашните дипломатски активности на актуелната раководна политичка власт која ја води нашата надворешна политика.

Неспорно е дека она што значи нормален прием во членството на ООН на Република Македонија наспроти тоа што е потврдено дека таа во правна смисла ги исполнува сите услови за членство во ООН, наспроти од друга страна тоа што таа е фактички призната како субјект во меѓународниот политички живот исклучиво од политички причини. Приемот во членството на ООН на Република Македонија се одложува и попречува токму од горе спомнатите причини. Условено од тоа се јавува и неопходноста од дипломатската активност на нашите надлежните органи за водење на надворешната политика во однос на што јас ќе се осврнам на еволуцијата во тие дипломатски активности гледано од последната седница на Парламентот кога се расправаше проблематиката по истото ова прашање и каде се постигнати ефекти од оваа расправа. Тоа е период од еден месец.

Само да се потсетиме дека во таа расправа расправавме за Нацрт на резолуција во која што децидно по декрет и налог требаше Република Македонија да биде примена во членство на ООН под привремено име БЈРМ и по однос на спорните прашања да одлучува арбитража што значи без рамноправно учество на Република Македонија во изнаоѓањето на решението по овие проблеми и спорни прашања. Ние на таа седница донесовме и децидни заклучоци во кои се определивме на нашата

доследност за бараше членство во ООН, што ќе значи и услов за пошироко меѓународно признавање.

Втор заклучок беше тоа што го поддржавме меморандумот на претседателот на Републиката во кој што децидно се определивме да не се менува името на Република Македонија и да не се прифаќа никакво привремено име како и да не се прифаќа арбитражата што значи без Република Македонија да не се одлучува ништо по однос на нејзината суд бина во верификацијата меѓународна на нејзина државност. Сега кога реално ги споредуваме овде искажаните дипломатски активности и резултати од истите со ефектите од таа дипломатија и активност кои овде ги расправаме а веќе содржински поместени во текстот на резолуцијата може да го констатираме следното.

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение

фактички како што стои во Информацијата и во сите документи кои к'е бидат пратечки во приемот на РМ во членство на ОН претстои непосреден прием на Републиката во членство на ОН.

Второ, се врши верификација на процесот на досегашното формирање и градење на нашата самостојна и независна државност со тоа што во текстот на ситата Резолуција се потврдува дека Републиката ги исполнува сите услови според Повелбата да биде членка на ОН.

Трето, и најитно за мене името на Републиката, името Македонија не се менува, не се прифаќа никакво привремено име и од нас никој не бара тоа да го правиме овде во Република Македонија.

Четврто,оној нужен компромис при обраќањето на нашата делегација во ОН под БЈРМ при зачленувањето на Републиката во ОН притоа е заштитен по мене државниот и национален интерес на РМ со тоа што значењето на оваа терминологија е дефинирано дека се однесува на тој историски факт дека се работи за Република која што порано била во склопот на СФРЈ и дека тоа условување со сегашна СР Југославија ниту има врска, ниту ќе имаат било какви последици по однос на самостојноста на државата. И што е најважно не се работи за име. Нашето име е Република Македонија и вековно ќе остане Македонија и никакво значење на присоединување кон трета Југославија, или било што друго сега што е југословенско.

И на крајот ефектот е арбитражата по оваа Резолуција се укинува, а Република Македонија како рамноправна членка на ОН самостојно ќе ги разрешува проблемите по спорните прашања со Република Грција. Заклучувајќи ја оваа ретроспектива на досегашните дипломат ски активности и ефектите и резултатите за мене се јавува недвосмислено

една констатација дека и позицијата и опозицијата се единствени во две работи, а тоа е дека е неопходно зачленување на РМ во ОН. И второ, името Република Македонија не се менува. Каде се јавува разликата? Разликата се јавува во недовербата кај опозицијата дека не е вистина тоа што позицијата јасно и доследно има став и се залага името на државата да не се менува, да не се прифаќа како име БЈРМ, сестрано залагање е на позицијата за членство на Републиката во ОН и нејзино признавање, а незагрозувајќи ја државната самостојност и националните интерни и достоинство. Моја оценка е дека вакви прашања кои се од државен и национален интерес односно по истите меѓусебна доверба, па дури и содејство е неопходно помеѓу позицијата и опозицијата и тоа треба да претставува нивна обврска и задача во понатамошното делување градење на единство по прашања од ваков државен и национален карактер. Во оваа смисла сфатена содржината на Информацијата, јас ги поддржувам дипломатските активности на надлежните органи во Републиката што ја водат нашата надворешна политика бидејќи тие имаат решение за зачленување на Републиката во ОН и водат кон прием на Републиката во членство на ОН и нејзино пошироко меѓународно признавање, овозможуваат позитивни економски, политички и безбедносни ефекти за Републиката. А како член на ОН убеден сум Републиката рамноправно ќе ги разрешува отворените проблеми од заеднички интерес за кои решенија и ние овде како Парламент ќе одлучуваме.

И на крајот затоа што името на Република Македонија не се менува и не се прифаќа никакво привремено име и не се загрозуваат државните и национални интереси на Републиката. За мене се работи за убедување и верување на актуелната политика која што во својата мирољубива опција, во својата определба кон градење на добрососедски односи и односи на

сожителство и кон својата определба сите прашања и проблеми да ги решава во дијалог и договор нема алтернатива наспротив оспорувањето и резервите кон позицијата од опозицијата без конкретно да се предлага како да се реши приемот на РМ во нејзиното членство на ОН и пошироко признавање. Единствена загриженост пројавувам кон тоа да не се пренесе оваа крајна недоверба и безпоштедна борба за власт врз народот и граѓаните на РМ што може да доведе и до нивна поделба на вештачки создаденото прашање дали е некој за Македонија, дали е македонец,или е немакедонец и не е за Македонија, бидејќи јас сум убеден дека ние сите сме за Македонија и за нејзините државни и национални интереси за што треба да бидеме единствени и како Парламент треба и ние да придонесеме да не настане внатрешно подвојување, нарушување на безбедноста на РМ и слабеење на нејзината позиција во престојниот прием за членство во ОН.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, со оглед на тоа што бројните дискутанти веќе изнесоа многу од она што јас конципирав да кажам, ќе гледам да бидам краток и да пренесам некои свои импресии од досегашниот тек, а исто така и некои свои видувања за она што се случува, а што не доволно го земаме предвид. Најнапред Информацијата на Владата, таа Информација за мене е неприфатлива затоа што во неа се заговара ова име, име кое јас не го сметам за афирмација на нашите ставови, или за надминување, или премавнување на Лисабонската декларација, туку за мене во тој предлог има елементи кои се посилни од она што се бараше во таа Декларација. Нас ни е познато кој став го зазеде Собранието по повод Лисабонската декларација. Со тоа што се инсистира на име Бивша југословенска Република Македонија велам е за нас многу неповолно бидејќи тоа има и

нота на прејудицирање на настаните. И моите сомнежи можеби се неумесни, можеби не ќе умеам да ги поткрепам доволно, но ќе ми останат. Јас немам увид во натамошните настани и извесни стравувања ги негувам во себе дека понатаму ќе следи и ќе следат поточно чекори на растурање на нашата држава. Зошто гледам така?

Прво, она што се заговараше во експозето дека наводно со членството нам ќе ни претстоел процвет на стопански план пред се анимирање критики, туѓ капитал, членство во било која асоцијација. Сакам да ви укажам на тоа дека и Азија комплетно е склопена во ОН и Африка и Латинска Америка, но исто така се познати широките пространства каде што царува бедата, каде што царува гладот. Меѓу најразвијните држави, или меѓу атрактивните држави на овој свет по анимација на капитал согласно на извештајот на светскиот економски кворум од Женева котираат само две држави меѓу првите 22 кои по традиција не се христијански. Ниедна држава меѓу тие 22 држави не е со православна христијанска традиција. Поточно за да бидеме верни XXI-то место го држи Република Грција. Петнаесеттото место го држи Република Турција единствено муслиманска држава и чинам второто место е на Јапонија. Сакам да ви укажам дека со тоа што ние бегаме од нашата православна традиција, или верска нема да сториме добивка за државата. Во експозето на Владата, поточно на претседателот на Владата и за овој аспект нема ништо исто така, бидејќи нашиот противник настапува фронтално, а ние се лимитиравме само на неколкумина носители на надворешната политика, моето прашање е во насока каде се невладините друштва, институции, некои тела кои инаку во широк број ги има акредитирано во ОН. За акредитација на невладина агенција јас како што знам не е нужно членство во ОН. Нашата држава во такви агенции исто така не инвестираше и

веројатно не мисли и натаму да инвестира. Потоа имаме бројни доктори по меѓународно јавно право кои можеа на релевантен,прецизен начин да дадат толкување што се имплицира овој предлог. Исто така, можеше тие да бидат вклучени како консултанти и за тоа ништо не сме чуле, не сме запознаени. И најмногу што мене ме иритираше во Извештајот на Владата, а што инаку за жал го пропуштив да го кажам на Комисијата, не оти не сакав, едноставно го изумив, или отпадна од мојот видик, тоа е што во сето експозе никаде не се споменува македонскиот народ. Замислете, овој македонски народ сака да стане субјект во меѓународниот сообраќај, меѓународниот правен сообраќај. Претседателот на Владата поднесува експозе и не го споменува него ниту еднаш. За мене тоа е непримерно. Во текот на овие месеци ние имавме двојни посети. Една од нив беше г-динот Жак Атали. На неговото заминување од тука сосема прецизно и децидно беше кажано:"овде реформите се стопирани'. Не е проблемот само да се стане член на меѓународниот монетарен фонд, во светска банка, во меѓународната банка за обнова и развој итн. Едноставно нужни се напори внатре во државата. Тоа е таа позната инверзија, зборуваме за надворешна политика, а се префрламе на внатрешна. Актуелниот вршител на должноста министер за односи со странство тоа мислам прв пат тука го лансираше на нашите простори, но тоа така е.

Да не би должел многу, јас ќе ви кажам и тоа дека заклучоците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се во ред и мене ми е жал што околу нив нема никаква расправа. Во подолгиот настап на потпретседателот Тито Петковски мислам дека и тие завреднуваа малку од малку да бидат споменати. Не гледаме ништо од тоа. Што во заклучоците мене ми недостасува. Посебно потенцирање на спогодбата со УНПРОФОР. Присутноста на заштитничките сили на ОН кај нас е да се запази мирот, да

се води превентивна дипломатија, да не дојде до ескалации. Исто така, требаш е нивното присуство да придонесе за афирмација на нашата држава. Редно е ние како пратеници. како состав на овој Парламент да размислиме кое е местото, која е улогата во овие неколку месеци на УНПРОФОР. Сосема бегло ќе кажам и тоа кои се моите стравувања по однос на нашето опкружување и ќе завршам. Имено, на почетокот спомнав , меѓу најатрактивните држави само две не се од христијанска, римокатоличка, или протестантска традиција. Останатите сите по ред вклучително 12-те членки на ЕЗ се од таа традиција. Тоа е сигнал, тоа е еден знак.

Овие растројства што се случуваат сега во БиХ, пред тоа во Хрватска има можности да продолжат, т.е. да се преселат и кон нашиот крај . Јас нема да се осврнувам околу Кавказ, околу Црноморијето, руските простаранства, едноставно за нашиот крај. По мое видување можно е такво влошување на ситуацијата и едноставно да дојде до целосно растројство на цели народи било православни, било муслимански на Балканот. Наша одговорност, или делумно наша е да размислиме околу тоа. Она што соседите на РМ од север и од југ форсираат упорно и што на еден чуден начин е поддржано и од руската православна црква е во најмала рака антихристијански. Мислам дека на тој план мораме да бидеме поактивни, да се заложиме да контактираме со таквите средини, да бараме излези од оваа севкупна беда на општествен план.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам многу краток. Наводно добиена е информација дека Република Македонија е приемна во ОН под името

XI/7.-

Бивша југословенска Република Македонија. Па оттука ја користам можноста претседателот на Собранието да го повика претставникот од Министерството за односи со странство да ја каже таа информација што се говори на радиото со цел да можеме да ја привршиме оваа седница во духот на она ако веќе е донесена таква одлука. Понатаму, исто така сакам да ја искористам можноста ако е тоа точно да им честитаме на носителите на таквата одлука во Советот за безбедност и на нашите предлагачи за поразот кој што го доживеа македонскиот народ овој ден и овој час

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никовски од Министерството за односи со странство.

**РИСТО НИКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, според веста што е добиена од Њујорк,Комитетот за прием на нови членови во ООН, донел препорака Република Македонија да биде примена во членство. Меѓутоа, тоа значи дека само тече постапката и таа не е завршена, бидејќи претстои седница на Советот за безбедност и на Генералното Собрание. Дури тогаш постапката е завршена.

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Под кое име!

**РИСТО НИКОВСКИ:**

Тоа е пакетот кој на пратениците им е познат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Врз основа на резолуцијата.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ**:

Барам од претставникот на Владата под кое име и под кој пакет. Бидејќи Македонската јавност не знае, да се каже официјално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вам ви е поделена резолуцијата и вие го знаете тоа добро.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Народот не ја знае и резолуцијата не е за мене туку е за народот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За народот ќе се објави таму каде што треба, а вамо, овде се кажува. Овде цело време водиме дебата околу тоа.

Збор има господин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, господата пратеници да си седнат на своите места за да се запази редот во Собранието. Молам секој на своето место.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само 150 километри од овој парламент на југ има македонско- грчка граница. Интересно е дека на таа граница од двете страни опозицијата обвинува за неуспех. Во Грција, Актуелната власт е обвинета дека дозволила, наводно нејзиниот голем непријател Македонија да биде држава која ќе биде примена во членство во ОН и дека тоа претставува тотален пораз на грчката надворешна политика. Заради тоа се бараат оставки, заради тоа се бараат доверби на Владата. На северниот дел од таа граница на Македонија исто така се бараат оставки, се бараат доверби, исто така, за неуспех, овој пат за наводни отстапки, за наводни предавства, цитирам изречени зборови од оваа говорница итн. Она што зачудува тоа е фактот дека сепак, мораме да најдеме еден реален показател и да о цениме која од тие две политики имала поголем успех, со тоа што објективно, не можеме да апсолутизираме и секако дека релативно треба да оценуваме, и политиката на Република Грција олицотворена во политиката на многу други земји особено во Советот за безбедност, и политиката на Република Македонија која не донесе до чинот на непосреден прием и членство во ОН. Или со други зборови можеме да зборуваме и зачин кој што значи, доколку бидеме примени и ако се одлучиме да бидеме примени некаков вид на колективно признавање на Република Македонија од страна на 180 членки на ОН, преку гласањето во Генералното собрание. Секако она што е битно

и што треба да го дискутираме и го дискутираме неколку дена, тоа се условите под кои Република Македонија се зачленува во ООН и како тоа да се направи. Што се отстапки на тоа поле, пред се она наша страна, кои се придобивките од наша страна. Меѓутоа, исто така треба да се разговара и што понатаму.

Јас се согласувам со многумина кои кажуваат дека ќе имам проблем со тоа како ќе ни се обраќаат кон нашата држава и во рамките на ОН и, а ко не примат под името провизорно наименување Поранешна Југословенска Република Македонија во членство на ОН. Меѓутоа јас отворено се прашувам како во овој момент нас ни се обраќаат, оние членки кои што предлагаат резолуција и кои што сакаат така да ни се обраќаат. Јас само ќе напоменам дека официјални претставници на надлежните органи во Франција, Англија, во Европската заедница, веќе неколку месеци на РМ и се обраќаат со провизорното наименување ПЈРМ. Така да сум убеден дека без разлика на нашата одлука и зачленување во ОН, именувањето на нашата Република Македонија ќе продолжи под тоа име, затоа што веќе од нова година има пракса во светот поставена. Иако процедурата во Обединетите нации не беше ни започната или пак не е ни завршена, ние сме свесни дека официјалните личности на многу земји ни се обраќаат, за разлика од други, кои што ние треба да го цениме ни се обраќаат со името ПЈРМ. Дури ќе наведам дека има еден голем прелом во американската администрација за разлика од пролетното писмо на претседателот Буш до претседателот Глигоров како претседател на Република Македонија, во последниве неколку месеци, а особено последниве недели, дури и претседателот на САД во неколку наврати специјално се обрати до нас како кон ПЈРМ и мислам дека тоа мораме да го имаме предвид без разлика на фактот под какво име ќе бидеме примени, како во овој момент тоа нас ни се случува и од тоа тек ако останеме тврди или не останаме тврди на тој став.

Исто така, мислам дека за нас е многу битно да оцениме кој суд е валиден. И како што има една мисла дека општествата се ценат, овој пат и нашата држава, под тоа не што сами за себе мислиме туку по она што другите мислат за нас, ќе треба да имаме предвид некои од фактите кои што беа изнесени и во експозето и во надворешна' политика на многу членки на ОН особено на оние кои што имат одлучува ко влијание.

Меѓутоа, она што сакам да го потенцирам во врска со нашиот прием во ОН е следново:

Што е тоа што Македонската дражва во овој момент кога се бори и се избори за меѓународно признавање од историски аспект што ја одржува, особено од историско правен аспект. Не ги занемарува сите факти на постоење културно, востание, итн., меѓу тоа што е она што македонската држава историски правно почива особено во поново време, за што за во постаро не можеме да најдеме нешто слично, тоа се 10 дена на крушевската република како документирана државност на овие простори на Македонија, АСНОМ исто така како документирана и остварена државност на Република Македонија и во тој контекст колт е тоа битно или небитно е јавно.

Што друго е она на што ние можеме да ја почиваме нашата државност и на што ние можеме да градиме иднина, а овде некои се повикуваа на внуци итн. Заправо сум убеден дека нашата иднина ќе ја градиме на фактот дека од 17 ноември 1991 година Уставно функционира до ден денешен Република Македонија како самостојна држава. Тоа значи една година ипол и се надевам дека тоа нема да се прекине и сигурно нема да се прекине. Меѓутоа историски факт е дека една ипол година Македонија функционира како независна држава и тоа веќе не може да биде избришано од историјата на светот. А исто така се надевам дека многу брзо нема да може да се избрише од историјата на светот дека Македонија била како

самостојна држава членка на ОН . Дури и од аспект на дилемите кои се овде кажуваат дали е тоа грешка , имаше и потешки зборови капитулација или придобивка треба да го оцениме тој аспект. Што ќе значи од идните не 10, 20 туку може би 100 и 20 0 години фактот дека Македонија во одреден период се зачленила како членка на ОН и дека нејзината државност била потврдена на тој начин од 180 други држави членки на ОН веројатно и од другите кои во овој момент не се.

Под притисок на таквите гледишта мислам дека можеме отворено да се прашаме дали носиме лесна одлука денес односно со целата оваа расправа и ова што го прави Владата ан РМ при прифаќање на условите за прием на РМ во ОН и одма да одговорам она што ја с

мислам а тоа е дека сум убеден дека оваа одлука не е ни малку лесна. Напротив, тоа е одлука која претставува избор од две зла, која ние мораме да се определиме и да го прифатиме помалото зло. Притоа, се разбира дека кога веќе расправаме за такви категории, ќе го изнесам мојот став што значи и она што мораме, ако се сложите да го прифатиме, а кое сигурно е неповолно во овие услови за прием , тоа се отворање на извесни апетити кон РМ отворена навреда кон достоинството на дел од граѓаните во Македонија особено оние со македонска националност, и тоа сигурно ќе биде и може би е болно и трагично за македонската дражва, да не ми замерат припадниците на националностите особено и за оној дел кои се македонско- етничко потекло македонци по нација, со придавката која што се додава од провизорен карактер на нашава Држава меѓутоа отворено можеме да кажеме и поинаку што без тоа. Дали можеме да разговараме за изолација на РМ, ако тоа се отфрли. Дали можеме да зборуваме за заборав на Република Македонија, доколку останеме тврди на ставот. Дали можеме

да го прифатиме слоганот кој што американците многу јасно го кажаа олицетворен во изјавата"теј кит ор ливит" -"земи или остави". Од тој аспект, имајќи ги предвид сите овие проблеми кои што можат да произлезат од името ПЈРМ кое асоцира на СР Југославија, јавно давам поддршка прво на оградувањето на Владата на РМ со Писмото до Советот за безбедност и до ООН во врска со оградувањето од тоа какви импликации може да има провизорното име за Република Македонија кое се кажа и не би сакал да потсетувам дека тоа не значи ова што сега значи ниту дека има некаква иднина, и намера спрема таа држава. И особено изјавата на Советот за безбедност, цитирана и од премиерот во своето воведно излагање, во истата насока, со појаснување какви врски може да има тоа и дали воопшто има врска со некои актуелни држави.

Исто така, мислам дека е неопходно во таа процедура да се залагаме и за некој, можеби некој веќе се претвораат во банални работи меѓутоа се работи кои што се многу битни за целата процедура за приемот на РМ во ОН, како што е местото во салата на ООН истакнувањето на нашето знаме, таква каква што е итн..

Исто атка мислам дека по повод приемот на РМ во ООН односно постапката и сите наши напори за прием на РМ во ОН во Собранието на Обединетите нации, ние правиме и се обидуваме да направиме цел однос кон надворешната политика на РМ, а не само денес туку веројатно и иднина, како ние ќе се однесуваме кон светот, по повод ова прашање веројатно и за многу други прашања. Дали ќе бидеме кооперативни со светот, дали ќе успеваме да градиме кооперативни односи со свето? или карикирано ако се изразам дали ќе градиме однос кој нас не уверува дека ние сме најповикани да бидеме соочени само со визитната и со ништо поинаку и дека во друг случај постои заговор против Република Македонија. Мислам дека во секој случај треба да избереме начин на однесување и

политика на кооперативност. И само ќе го споменам еден многу близок пример во нашето северно соседство во Р. Србија, јас се оградувам дека нашиот случај е ист или може да доведе до слични последици, меѓутоа тој пример за нас треба еда е многу поучен, па тргнувајќи од тоа што се случува, каков притисок има во светот, колку време ќе треба да се врати довербата итн. итн.

Она што мислам дека е особено битно по повод постапката за прием и условите под кои ќе бидеме или треба да бидеме примени во ООН, ако има место во овој момент да се каже каде можеби и направивме некоја грешка. Јас само ќе потсетам на една моја и на многу други пратеници дискусии по повод претстојниот, тогаш, самит на ЕЗ во Единбург кога ние се обидувавме во овој парламент да изградиме однос на компромис од страна на нашата држава, провизорен компромис ако сакате. Јас тогаш се залагав и бев критикуван од некој, па од некои бев придржуван, меѓутоа имаше обид, поширок, од поголем дел пратени на овој парламент да разговараме за иницијатива од страна на РМ за провизорното тогашно име Република Македонија Скопје. Мислам дека овој парламент, па може би дел и од извршната власт не сфати во тој момент, особено после Единбург дека за Македонија веќе не постои чист случај и дека Македонија ќе мора да се соочи со некако е компромис. И затоа мислам дека наша историска грешка е во овој парламент, сите заедно, што не најдовме сили да имаме и сопствена иницијатива, која што беше во тоа време дадена, може би грешам, од амбасадорот 0'Нил, зад кој стоеше Англија. Кога ние таа би ја прифатиле, во тоа време, ние ќе бевме, повторно можеби под провизорно име, меѓутоа, многу по прифатливо за нас Република Македонија Скопје. Ние меѓутоа, ние бевме многу тврди. Таа иницијатива пропадна, а се соочивме со нова иницијатива, која што, за жал, е полоша за нас. Тоа мораме да го признаеме. И мислам дека сеуште е време и тоа да се

прифати, заради причини од кои зборував понапред. Доколку тогаш се прифатеше мислам дека ќе можевме сега со едно многу поприфатливо име за Републиката, на туѓа иницијатива на член на Советот за безбедност кој има право на вето, кој е постојан, кој произлезе од Единбург, во резолуцијата на Европската заедница дека основа ќе биде и Лисабонската Декларација и извештајот на господинот 0,Нил во кој се содржеше ваквиот предлог. Доколку ние тоа го поддржевме или го претворевме во наша иницијатива ќе имавме ние, политика на нудење а не политика на прифаќање. Меѓутоа, мислам дека во тој момент, парламентот не најде сили да сфати дека Република Македонија ќе мора да оди по долг и трпелив пат до сопствениот прием во ОН, до сопственото меѓународно признаваше, а не пат поплочен со злато.

И покрај сето тоа мое мислење е дека во овој момент во надворешната политика во РМ приоритет претставува зачленувањето во ООН од повеќе причини.

Прво затоа што мислам со тоа ќе стекнеме рамноправен статус за да можеме од позиција на членка на ООН, прифатена од 180 држави, небилатерално туку колективно признавање,да водиме натамошна борба за доведување на нашето уставно име во регуларна процедура во ОН, од позиција на членка на ОН. Меѓутоа, исто така и од позиција на меѓународен субјект, признат од неколку држави и член на ООН и да водиме борба за билатерално признавање под нашето уставно име. затоа мислам дека оваа работа за нас е многу приоритетна, како држава да бидеме членка на ОН.

Меѓутоа мислам дека приоритетот продолжува и од фактот што со тоа ќе бидеме верифицирана држава и дека можеби се што ќе правиме ќе се валоризира во нашата дражва повеќекратно, со самиот факт дека ќе бидеме колективно признати. Јас ќе наведам неколку примери како мислам

дека тоа повеќекратно дека тоа ќе се валоризира. На пример ние пред неколку,некој и го спомена тоа, седници или недели донесовме Закон за царини. Тоа е првиот пример каде врз основа на ваквите наши постапки треба да имаме и потпишување на ГАТ и членка во ГАТ. Влегувањето во ООН ќе го валоризира тој наш, веројатно , закон со овозможување преку членство во ООН, да влеземе во системот на ГАТ. Не верувам дека во ГАТ ќе можеме да се вклучиме без членство во ОН. Односно во најмала рака ќе ни се олесни можноста да бидеме во ГАТ, во сферата на економскиот систем. Или во сферата на приватизацијата која ни претстои и ако можеби делува дегутантно. Меѓутоа се надевам и верувам дека многу полесно и подобро ќе го остваруваме тој процес на приватизацијата поради тоа што ќе влеземе и во некои меѓународни институции УНТАКТ итн., кои што се во рамките на ООН. Ќе имаме меѓународна помош, меѓународна поддршка за тој процес во рамките на ООН. И заради тоа како ништо друго нема они тој процес да ни го нудат, меѓутоа многу полесно ќе го изведеме од таа позиција. Беше спомнато нема да елаборирам дека со тоа ќе ни се овозможи финансиска соработка со бројни институции во светот, меѓународни финансиски институции. Беше спомнато и тоа нема да го елаборирам посебно, и она што се критикува од оваа говорница дека немаме контрола на сопствениот воздушен простор. Па немаме, Словенија, а особено Хрватска знам дека е членка на ООН, меѓународно признато од скоро сите држави и нема контрола на својот воздушен простор, зашто таа процедура е многу тешка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ** (продолжение):

Меѓутоа, нас ќе ни се овозможи побрзо да станеме членови на тоа меѓународно здружение итн.

Верувам дека со процесот на наше примање во ОН воената затегнатост во и околу Македонија ќе попушти од сите страни, со една ограда. Мислам дека можеби од една страна ќе се зголеми воената затегнатост од страна на онаа држава која со тоа од време на време дава изјави, меѓутоа, колективната безбедност и системот на колективна безбедност во врска со членството во ОН, во тој случај ќе добие конкретен лик во Македонија, а дали има или нема опасност од војна, токму најголемите противници на фактот дека има опасност од војна рекоа дека имале 100 начини да предизвикаат војна во Република Македонија. Па тоа е фактот, значи во Македонија многу лесно, нели, може да дојде до тоа.

Сакам да укажам уште на еден факт за кој сметам дека е многу значаен. Тоа се меѓунационалните односи и нашиот прием во ОН. Мое лично мислење е дека меѓунационалните односи во Македонија од септември наваму се во фаза на релаксација, не во фаза на затегнување и дека приемот во ОН особено ќе погодува на процесот на натамошна релаксација на меѓунационалните односи. Зошто тоа го велам?

Имаше еден повод во Република Македонија да се случат пошироки настани. Тоа беше Битпазарскиот случај. Тој случај покажа дека во Македонија нема терен за меѓунационална омраза и дека во Македонија сите страни можат кооперативно да соработуваат на проблемот на меѓунационалните односи и еден таков инцидент да го доведат во рангот на инцидент кој не се проширува. Таков инцидент во било која бивша

југословенска Република од сегашните четири и овие во федерацијата предизвика или може да предизвика пошироки консеквенци. Токму, мислам дека фазата во која навлегуваме во меѓунационалните односи и признавањето во тој пакет ќе бидат во иста насока. Не треба да го пренабрегнеме фактот дека во Македонија, ваква каква што е делумно призната односно повеќе непризната и нечленка на ОН постои еден аргумент кој не постои или многу ретко постои во државите со кои ние можеме да се компарираме, државите на централна и источна Европа. Тоа е фактот дека кај нас во исти партии или пак во различни партии, меѓутоа многу често се во исти партии седат припадници на различни етнички колективитети, меѓу себе соработуваат на тој начин и меѓу себе контактираат. Меѓу себе контактираат во Парламентот, структурата на нашиот парламент е индикативна во таа насока, соработуваат во Владата припадници на разни националности и народи кои живеат во Македонија. Тоа укажува дека во Македонија се гради однос. А да кажам зошто тоа е многу битно, ќе го потенцирам следново:

Во Србија нашата соседна држава, албанците, маџарите, и србите политички не комуницираат ни во исти партии ни во ист парламент ни во иста влада. Тоа е и во Босна тие водат војна меѓу себе. Во Хрватска е истото, србите и хрватите не комуницираат меѓу себе ни во Влада ни во партии ни во Собрание. Тоа е исто и со најголемиот дел на републиките и државите кои произлегоа од бившиот СССР а се со мешан етнички состав.

Со тоа сакам да укажам дека во Република Македонија се гради еден однос како живеат помеѓу себе народи и националности. И мислам дека токму заради тоа за нас е исто така приоритет да бидеме членки на он затоа што сум убеден дека нашиот прием во процесот на признавање кој може да потече после тоа позитивно ќе се рефлектира врз овој домен и да

го задржиме она што недвосмислено досега го задржавме. Други примери не сакам да наведувам, за тоа што мислам дека и на тоа ниво е доволно.

Исто така треба да го имаме предвид и следниот факт а тоа е како се однесуваат влијателните држави во светот или таканаречените големи држави во светот. Ќе дозволите само накратко да кажам.

Имаме извесно отстапуваше во ставот на САД, пред малку кажав, писмото до нашиот претседател со именување на Република Македонија, сегашниот притисок, сегашното именување на РМ. Руската федерација отстапува од првото именување, признавање под Република Македонија, досегашното прифаќање на Предлог- резолуцијата, што е многу битна работа за нас. Имаме исто така едно повлекување од Турција, кажувам за држави кои не признале. При посетата на претседателот на Озал недвосмислено беше во разговорот со парламентарните групи кажано "вие треба самите да ја напишете формулата со која ќе бидете и примени и признати", инаку тие не ја напишаа таа формула не признаа под Република Македонија. Значи има извесно отстапување, тоа мораме да го имаме предвид. Да не говорам за ставовите на Франција, Англија кои се добро познати. Понатаму индолентноста на Кина која е постојанен член на Советот за безбедност и т.н. Така да мислам отворено тука можеме да се прашаме како во тие рамки ние да одиме понатаму.

Јас во тој правец ќе цитирам неколку изјави на странски државјани по повод обраќањето на Глигоров и по повод писмото на нашата Влада , на премиерот Црвенковски до советот за безбедност на ОН во врска со прифаќањето или не прифаќањето на резолуцијата.

Даглас Херд како предлагач на државата Велика Британија вели таа е заинтересирана за брз прием на РМ. Како предлагач, а она е предлагач на Резолуцијата која е спорна.

Понатаму државниот секретар на СДЦ Ворен Кристофер изјави "двете страни се блиски да постигнат договор и тоа го цениме", или "Глигоров е добредојден во Вашингтон", дадени после истапувањето на Глигоров за ставот на Владата.

Ставот на министерството за надворешни работи на Русија кое беше, го цитирам според преносот во средствата за информирање вели "ги прифаќа разработените предлози за прием на Република Македонија во ООН". Разработените предлози се во рамките на изјавите и резолуцијата во Советот за безбедност. "Глигоров пројави реализам и конструктивност во својот настап", "ја поздравуваме готовноста на раководството да ги прифати предлозите на Советот за безбедност". Очигледно дека една држава која некој ја карактеризираше овде и како една од супер силите во своите официјални изјави после резолуцијата v после сопственото признаваше како Република Македонија има извесна репарација и тоа ние мораме едноставно да го имаме предвид. Сакам да ви кажам, јас очекував во првите три дена после средбата во Ванкувер да се види што ќе биде со нашиот случај, очекувајќи дека или во трите дена ќе се умртви работата или во трите дена ќе се поспеши работата. Мислам дека таа моја прогноза досега се остварува. Веднаш после Ванкувер се убрзува работата во Советот за безбедност, што значи дека и таа средба на тоа ниво се има одвивано по прашањето на РМ.

Сега на крајот, со оглед дека имаме некакви предлог- заклучок и по повод однесувањето на многу пратеници во Парламентот сакам да го кажам следново или да го прашам следново. Ова е политиката на позицијата која доведе до ова со сите позитивни и негативни страни за кои барем сега јас говорев и говореа сите. Меѓутоа што е другата политика што се нуди, на која, ако јас би требало да избирам во Парламентот би се определил.

Опозицијата 15 месеци нас ни сугерира да водиме агресивна надворешна политика. Една првачна анализа на заклучоците кои се нудат е следново, првиот заклучок од анализата на заклучоците:

"Политиката што се нуди во тие заклучоци од опозицијата, да ја прифати. Во наводници кажано е најагресивна и таа претставува молк, претставува исчекување, претставува збунетост како концепт. Зошто? Отфрламе ова, не прифаќаме она, не прифаќаме она. Што понатаму Очекувања за било што. Тоа не е агресивна политика. Агресивна политика е таа која знае што сака. ВО овој случај ние велиме дека ние приоритет во она да бидеме примени од таа позиција да се бориме. Имаме предвид се што говорев. Тоа е агресивен однос. Не е агресивен однос ако ние се отфрлиме и велиме сега има молк, исчекување, збунетост. Што нудат тие заклучоци. Ништо. Едноставно да кажеме не и да молчиме и да бидеме збунети. Тука не гледам никаква иницијативност никаква агресивност. Затоа мислам дека за мене се неприфатливи. Не се прифаќа едно, не се прифаќа друго, не се прифаќа трето се исчекува без сознанија што понатаму за време на исчекувањето или после исчекувањето и за тоа ќе дозволите јас да се изјаснам против тоа што е поделено овде а да го поддржам предлогот кој е понуден во информацијата и од дискутантите од позицијата со оглед дека се различни.

Сега сосема на крајот една моја забелешка во врска со водењето на надворешната политика, меѓутоа не на официјалните органи. Го молам претседателот да не ме прекине. Надворешна политика која ја доведува под знак прашање официјалната надворешна политика на Република Македонија и за тоа сакам на оваа говорница да го истакнам.

Две партии во РМ, двете се по својот состав еднонационална или етнички како сакате, едната македонска, едната албанска. Со водењето на сопствената надворешна политика, двете се во Парламентот, едната е многу голема, а едната е со еден или двајца пратеници застапено. Со водењето на својата паралелна политика, политика која во Њујорк, достави сопствени декларации не усогласени со никого туку партиски декларации во Име на Македонија ги доставува во едно тело каде што државите комуницираат, а не партиите ниту политичките сили, ниту здруженија. Исклучиво државите се претставени во ОН. Две наши партии доставија сопствени декларации во Њујорк и тоа мислам дека ја загрози нашата официјална политика. Зошто? Затоа што е на нивото, извинете на израз, на држава која се наоѓа во Африка. Ние често го слушаме тоа. Државните органи едно, се наоѓаат разни конгреси, движења, борци за ова, борци за она кои доставуваат до меѓународните институции едно или друго барање, декларација за сопствената положба. Развиените држави ниту европските држави не се одлучуваат, зрелите политички сили на чекори вон сопствените државни чекори. Тие одат усогласени, особено во ОН. Затоа мислам сосема африкански потег е потегот на тие две партии да доставуваат сопствени декларации со паралелни сопствени политички платформи во ОН каде секој пат се комуницира на шеф на држава, на шеф на влада или легитимен легален орган на државата.

И на крајот една реченица, една моја порака до сите оние кои се плашат да ја видат Македонија застаната на две нозе, им порачувам дека имаат причина да се плашат затоа што Македонија веројатно ќе биде член на ОН со сите работи, поволни работи кои произлегуваат од тоа.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, се привршуваме кон крајот, меѓутоа секој си има свое гледање и право за водењето на надворешната политика и за зачленувањето на Македонија во ОН.

Овие денови ние што ја водиме оваа дискусија околу приемот на РМ во ОН работата веќе се кристализира и тука се поставени две основни дилеми за кои ние цело време дискутираме. Околу приемот на Македонија во ОН никој ни во ова собрание ниту надвор од Собранието не е против приемот на РМ. Тоа е јасно и недвосмислено. И од почетокот кога ние баравме разрешување на југословенската криза и како партија и како субјекти овде во Парламентот беше јасно дека ние водиме една таква политика која ќе доведе до осамостојување на Република Македонија. Но дилемата е второто прашање за кое овде често пати се дискутираше. Тоа второ ! прашање е прашањето дали Македонија, ако биде примена во ОН со името поранешна југословенска република Македонија носи извесни дилеми, носи извесни опасности кои подоцна ќе не доведат во некаков ќор сокак и ќе не доведат во состојба каде што не може ме да одлучуваме и дали политиката која е водена пред две години некако тенденциозно да не се слева се со цел оние контакти на Белград и Атина да коинцидираат со сето она што ние денес го правиме како прием во ОН со името поранешна југословенска република Македонија.

Јас имам мои аргументи, мои анализи и ќе ве молам да бидете трпеливи за да ме сослушате и да видите сами што ќе понудам, каде јас ќе ја гледам како човек и како пратеник во овој Парламент таа опасност анализирајќи некои работи што се случени овде кај нас.

Овде еден дискутант истакна дека при самото донесување на Уставот овде вметната е една алинеја, еден цитат, а во политиката според мене нема случајност и се одмерено и сите потези треба да се мерат, а поготово на крупните или водечките личности на државата, без разлика на која позиција се наоѓаат како клучни луѓе. Секој чекор, секој изговор се мери и треба да се следи и анализира. Јас почнувам со донесувањето на Уставот на Република Македонија кога беше споменато:

"Во југословенската криза ќе продолжиме не жалејќи напори и иницијативи да се бориме за мир, за излез од кризата, за успех на хашките преговори, за асоцијација на југословенските суверени држави. 11 За асоцијација на југословенските држави". Тоа е еден повод.

Понатаму во уставниот закон член 14 "дипломатските и конзуларните претставништва и културно информативните центри на СФРЈ ќе ги застапуваат интересите на Република Македонија како суверена и самостојна држава до постигнување на договор меѓу суверените држави на СФРЈ до основање на сопствени дипломатски конзуларни претставништва и културно информативни центри". До ден денес нашето ресорно министерство, кое носи министерство за односи со странство не го имаме преструктуирано, не го имаме екипирано и сеуште е на оваа дистанца која овде е спомената. Сега ако на овие два аргументи, на овие две вистини кои стојат овде во Уставот не се измислица, тие си стојат како политички чин или како извадок.

Да го поставиме и третото прашање кое некој од дискутантите многу сериозно го потенцира. Тоа е вториот дел од прашањето, со право да се стапи во иден сојуз на суверени држави. Тоа коинцидира со овие два аргументи иако сега овој третиот со вториот дел од прашањето го поврземе

и со ова што ни се случува или ќе ни се случи како прием во ОН поранешна југословенска република Македонија дали вас како на луѓе нешто ве асоцира и дали како политички чин или политички потег на одредени личности може да значи нешто. Тоа за мене е најголемата дилема што се крие околу ова име поранешна југословенска република. Југословенска за мене е она што не можам сега барем во овој момент од оваа говорница, немам сознанија и не можам да подразберам какви се има опасности. Но, исто така за да биде тоа уште поаргументирано поткрепено, мораме да истакнавме уште еден чин. Цело време ние дискутираме, скоро две години околу тоа како нашите соседи, Атина, Белград и Софија не ја признаваат македонската нација а овие двете дури ни македонската држава итн. Зошто ни се случува такво нешто на овие простори. Ние знаеме дека 1913 година е донесен тој Букурешки договор кој според моите длабоки уверувања е тој голем аргумент и факт за кој се борат овие две соседни земји, а да не речам и трите соседни земји кои не опкружуваат, Атина Белград, Софија.

Според меѓународното јавно право за да може да се наруши овој договор или да биде не валиден, како што истакна и претседателот на Републиката во своето обраќање до нацијата пред неколку дена според мое уверување би требало начелото во меѓународното јавно право би требало да биде нарушено или членките, договорници на денот што го склучиле овој договор. Ако се нарушат тие услови или еден од тие услови дури тогаш ќе може овој договор да не биде валиден или да се ревидира. Сега тука се поставува и онаа втора опасност што јас ја поврзувам, а претходно кажав една дилема околу името. Тоа е дали оваа предвремена изјава околу ревидирањето на Букурешкиот договор е свесно искажана со претекнување, со прејудицирање или пак има друга политичка позадина.

XIII/10

Според ваквата состојба што јас ја проценувам ако ние како политички субјект РМ а поранешна југословенска република бидеме признати во ОН тогаш тој правен континуитет ќе го влечеме од Југославија.

**ГОРГИ КОТЕСКИ**: (Продолжение)

Од таа поранешна Југославија, фактички тој договор ќе остане понатаму во сила нема да биде нарушен ниту еден услов од неговото донесување. Тука е втората опасност која се крие за мене како човек и како пратеник. И со тоа не може да се наруши клаузулата ребус инктантибус, а децидно во договорот, во образложението во Букурешкиот договор е кажано врз кои услови и Србија на тоа време променила некои свои услови околу донесувањето на тој договор и околу поделбата на Република Македонија. Ова е многу битен аргумент. Тука е мојата дилема, инаку немам дилема. ако некој има потполно сознанија во оваа Република Македонија дека со ова име поранешна Југословенска Република Македонија кога ќе го носиме провизорно или било како два месеци некој гарантира дека нема никакви опасности. јас знам и верувам дека во Македонија и во овој парламент дека нема никој против околу таквото ставање, наденување на име. Овие се основните дилеми што се поставуваат. Имаме овде ние и квалитетни луѓе што седат овде, можеби, можат да дадат и пошироко образложение околу овие теми. Ја толку умеам и толку знам и овие дилеми остануваат и понатаму за дискусија. Оттука, мора да произлезат сите опасности и не е случајно почитувани колеги, не е случајно активирањето на една Англија, на една Франција кои се вечити пријатели на Белград или на Грција и кои му создадоа држави на времето на овие две држави. но, ние треба да го гледаме и другиот аргумент, кој ена нашата страна, а на нашата страна е аргументот што во овој Букурешки договор од 1913 година, Русија беше главен арбитер, а таа веќе не призна како држава. Исто така, голем адут, втор, е што не призна Бугарија. Иако не ни ја признава нацијата затоа што има два милиони македонци во Бугарија, тоа е причината, а не е причината за македонската нација овде. Истата причина се наоѓа и во Грција Еден ипол милиони македонци и затоа не

сакаат да го спомнат македонското прашање. Сакам да потенцирам , почитувани пратеници, сослушајте ме ве молам, имам голема причина да с искажам и го почитувам мислењето на Димитар Трпеновски и тој кажа една голема мисла и таа е мојата дилема и мојата голема размисла во овој момент. Дали ќе ја прекинеме врската помеѓу нацијата и државата. Држава без нација тоа оди во корелација едно со друго. нема исклучок. Сакам да продолжам. На Балканот ми се случуваат такви нешта сега, сплет на околности, поделба на политички свети, економски сфери и т.н. Македонија се наоѓа во еден зовриен казан, Ние времеме или како во едно буре шира кога преврива не знаеме дали ќе остане или киселина или ќе биде најубаво питко македонско вино од Тиквеш Кавадарци. Тоа е нашата дилема и немојте залудно да правите овде беседи бес потреба илузорни дека некој е против приемот на Македонија во ОН или не. Ова е дилемата. Дилемата е дали ние како Македонија, како македонска нација конечно ќе ја заокружиме нашата држава и ќе добиеме статус на рамноправна нација и дали ние ќе можеме понатаму со стратегија , со национално долгорочна политика да ги оствариме правата и на нашите македонци и во соседните земји и ширум светот во дијаспората. Не е тука никаква дилема, затоа што видете, битно прашање е на овој Балкан втора нација по големина е македонската нација после Србија. Ние сме солидна нација од б милиони, без разлика дали тоа некој сака да го признае илине. Но, ако има реалност во овие соседни земји и ако нивните усвитени глави попуштат и ако на некој начин преку ОН, преку големите сили земјите кои активно учествуваат на помагањето на еманципацијата на малите народи, јас сум уверен дека оваа вистина ќе одекне како голема вистина во светската јавност. Ние сме нај обеспрaвениот народ, на Балканот , во Европа, да не ги бројам уште неколку народи во светот што ја доживеале истата судбина. Јас овде често

ги слушам и почитуваните колеги албанци кои вели Албанците се поделени во три земји. Ние во колку сме поделени? И дали некој воопшто до сега и во рамките на таа Југославија го покрена прашањето за македонците. Не само во Грција, во Албанија, во Бугарија, Пиринс: Македонија и т.н. никој, апсолутно, секој гледал на сметка на Македонецот и на македонската територија да се прошири. Затоа, да свати1 и да разберете најискрено, најчовечно од дното на душата дека не е ова празна фраза, не е ова празен говор дека ние овде сакаме маркетинг да правиме кај нашите гласачи или гласачко тело во Македонија, па ќе тргуваме со името или ќе тргуваме со државата или со нацијата Тоа кој го прави, за мене, е умоболен. Кој тргува на таков начин со сопствената нација и сопствената држава. Ова го подразбира и за секој што живее во Македонија. За што опасноста подеднакво за сите ќе биде катастрофална со катастрофални последици. А досега треба да имаме поука што се случуваше и во тие Југословенски места. Затоа треба да бидеме внимателни, но кога веќе, сакам да завршам еве имам и некој работи овде кои почитуваните колеги и пратеници ни ги поставуваа овде како прашања и како одредени сознанија во поглед на водењето на надворешната политика, па дека одредени политички партии или сили во смисла помогнале за непризнавање или не афирмација на македонската држава и македонската нација. Јас со тоа не се слагам . Апсолутно не се слагам . Прво, заради мојата политичка партија за која до крај сум уверен и знам дека се било во рамките на она што значи целосно признавање, целосна афирмација на македонската држава, никакво поткопување на било која политичка сила што се стремела во Македонија за острвување на овие цели. А друго е натпреварот што некои сакаат да го водат во Македонија на сметка токму на овие фундаментални прашања за нашата држава.

Овде беа спомнати повеќе аргументи или против аргументи како сакате да ги наречеме од одредени говорници дека или и тези имаше 7, 8 и 9 , кои исто така како на претходните седници господинот Црвенковски ги спомна, па стана одма министер за надворешни работи и овде ни беа спомнати 8 тези. Господинот што ги спомна изгледа сака некоја поголема функција, па јас морам накратко да му одговорам. Не знам кој беше, не се сеќавам, меѓутоа јас ги запишав следејќи ги дискусиите Прво, зошто не била променета власта во република Македонија во градот те таму каде што одредени политички сили добиле своја власт. Јас би ве запрашал почитувани пратеници, како може да се менува кога целата власт се пресели во рамките на ресорните министерства , Законот за локална самоуправа не е донесен, регионализација на државата не е направена , други системски закони не се донесени, не се реализирани или практично спроведени во дело некои Уставни одредби околу да кажеме локалната самоуправа итн. и сега како истите луѓе што веќе не сакаат да ги донесат овие закони, а ние чекаме како пратеници вртат околу и проблемот ни го товарат на нашиот грб. Дајте да ја понесеме целата одговорност заеднички. Кој ни пречеше досега , ние две Влади имавме во овој наш мандат. Кој ни пречеше и дали во овие наши клупи дојде Законот за самоуправа. Кој ни е крив што не ни помина законот за судовите. Кој ни е крив што уште законот за трансформација на општествениот капитал не ни е поминат ве молам јас упорно ги слушав сите дискутанти и на некој прашања не можам да одговорам, затоа што и мојата политичка партија беше спомната.

Друга теза, исто така, беше исфрлена дека во Македонија се направил голем јаз и некои политички сили направиле црквата православната црква да ја конфронтираат со исламот или да направат било каков конфликт . Јас имам една народна изрека почитувани пратеници. Таа гласи вака:"Кој сака војна и кој сака раздор помеѓу луѓето и кој сака зима,

Господ да му ја даде дома и во семејствата, на сопствените деца". А не овде цело време да се лаже јавноста дека ако не биде вака како ние што кажуваме, ќе биде војна. Кој е тој во Македонија што сака војна и која е таа наша спремност да сакаме ние војна е Македонија и врз тој факт, тој аргумент овде да се жнеат баснословни да кажам потези или плусови на политички план. Кој сака? Ако ние сакавме, ние сме, не сакам до крај да бидам многу отворен , отвореноста носи и опасности во животот. Не сакам многу отворен да бидам, меѓутоа, кој фактор сме ние овде на Балканот и во светот да можеме одредена политика да ја креираме со сила и со насилство. Тоа е најголема глупост. Исто така, самиот самоуверен и гарантирам дека нај погубната варијанта за Македонија е да се случи војна овде во Македонија почитувани пратеници. А знаете зошто? Затоа што најелитниот дел на Македонија, на македонските чеда , ќе одат во првите борбени редови, македонската нација во корен ќе биде сотрена. Тоа е најпогубната варијанта. Ние имаме други поголеми цели, кој треба многу потактични и по мудро да настапуваме. Но, јас една единствена грешка , можеби тие се и повеќе но јас ја сметам за капитална и има во политичкото раководство на Македонија. Но, овој момент заради, опкружувањето на Македонија не сакам да потенцирам и на кој начин тоа може да се работи за подолги години, за 50, за 100 и т.,.

Затоа на крајот да завршам. Симнете ги сите маски и илузиите дека во оваа Македонија некој има против зачленување на Македонија во ОН, дека некој има против сувереноста и самостојноста на Република Македонија, и да не правиме маркетинг на работи кои не смееме да ги правиме. Маркетингот се прави, натпреварот на прашања каде што можеме да се натпреваруваме и да трчаме. А не таму каде што немам стискавец и немаме доволно ум и разум и немаме ладни глави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега уште некој друг бара збор? Господин Ферид Садику, па потоа Ристо Јованов.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, длабоко револтиран и навреден цело време чекам да ми се даде збор, а додека Претседателството се шушка помеѓу себе, се смеат, посебно господин Мурати на кого му се јавив уште за време на пауза и во тој однос ја приложувам дискусијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодариме.

Господинот Мурати беше спомнат во дискусијата и има збор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, ништо не се шушка. Господинот Ферид Садику кога последниот пат имавме седница бараше збор и самиот се откажа , а јас ја водев седницата. незнам зашто бара повторно збор. Лично се откажа, бидејќи јас го прозивав да се јави за збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, секој пратеник може да се откаже ако се пријави и нема после што да зборува.

Господин Томислав Стефковски. Ова е само деловничка интервенција, инаку нема право да зборува.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не давам реплика никому , само сакам да укажам дека д-р Ферид Садику навистина ми се пожали пред три саата дека бара збор, а не му се дава од господинот Мурати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, на суд се потребни два сведока, а овде не треба. Се откажал и доста му е.

За збор се јави господинот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Почитувани пратеници, денес кога светот се наоѓа на раскрсница, кога многу народи и земји ги преживуваат своите кобни моменти за пошироко окружение можеби и фатално. денес кога е на сцена повторното праместување на сферите на влијанијата помеѓу моќниците технолошки и технички, најсупериорните држави кога не се бираат средства и начин да се стекне позиција и влијание во се и над се што е можно и достапно.

Денес Македонија нашата света и пресвета држава, нашето свето и пресвето име се ставени под голем знак прашалник. Ние македонскиот народ, граѓаните на Македонија сме доведени во позиција некој други од надвор како и секогаш досега да ни го преиспитуваат нашиот корен , нашата самобитност и нашето име.

Господа пратеници, јавно ве прашувам кој дозволи да се најдеме во ситуација други да бидат наши арбитри, други да предлагаат и да одлучуваат за тоа што сме и кое име ќе го носиме. Кој дозволи да се игра и поигрува со нашата судбина. Кој ја имаше и се уште ја има храброста да

дозволи на оваа арбитража за нашиот корен за нашето име. Толку ли сме неспособни како нација и држава или би рекле како актуелна власт да издејствуваме нешто што само нам ни припаѓа, нешто само нам ни значи, што само нам ни е свето македонската држава и македонското име. Како нација и држава не, но како актуелна власт сигурно да. Зошто? Затоа што оној што беше повикан и назначен да обезбеди внатрешен консензус, оној што требаше и мораше над партиски да се издигне и да застане над скалилото на сите политички субјекти да ги обедини и поведе во заеднички напор да изградиме држава достојна до секого и да го издигнеме името на скалило достојно за почит од секого, не кога не го стори тоа. Не е за верување кога е во прашање наивност, ниту глупост. Во прашање е нешто подлабоко, поинаква скриен; и за нас страна визија за нашата иднина, за нашите перспективи.

1. Зошто?   Затоа што темелот на нашата држава, државност, Уставот на Република Македонија не беше навреме и се уште заокружен со клучните системски закони. Затоа што тие што направија вештачка коалиција и кои се уште тврдат дека таа суштински постои не најдоа начин и не изнајдоа средства да обезбедат согласност и поддршка да понудат квалитетни и компромисни решенија.

2. Затоа што истите тие дозволија народот македонски, граѓаните на оваа држава да гладуваат да егзистираат на ниво кое оди во фазата на преживување. Не се зачекори смело кон приватизација, не се најде храброст да се донесат радикални законски решенија за привлекување на странскиот капитал во Македонија, за поттикнуваше на развојната функција во стопанството. Слаб аргумент е, не сме се уште признати.

3. Старите институции на системот се уште се на сцена. Да беше ова нов систем кој на сите врати го прокламира актуелната власт тие досега ќе беа отфрлени како страно тело, значи прокламцијата е едно , а стварноста

сосема друга и повторно прашање: Кој систем е на сцена во Македонија. Стариот ли Комунистички, само пребојадисан и со нови име. Нов ли досега непознат со светското опкружение. Хибрит можеби од едното и другото. Одговор нема. Тие што се повикани не го даваат. И каде е сега. Ја гледа ли некој македонската, национална и државна стратегија. Гледа ли воопшто некој каде оди Македонија. Дали од магловитост не може да се види оди ме ли кон самостојна, сама и горда македонска држава или можеби во прегратките на така наречената ЈУ федерација. Или можеби стануваме конгломерат на безимени граѓани на Балканот. Ќе се сети ли некој дека не е сам во оваа држава. дека не е единствен и најповикан за дефинирање на перспективите на македонската земја. Ќе се сети ли дека иднината ќе го осуди поради тоа ќе го анатемиса или недај боже. Генерации, генерации се во прашање. Потомството на оваа нација и држава. И токму поради тоа ги повикувам сите пратеници и македонскиот народ и граѓаните на оваа света држава да застанат сложно едни до други да не прифатат инфериорен однос спрема светот, наметнат од актуелната власт, да не дозволат никој да се игра и поигрува со нив под наметнатата тензија од војна или измислена босанлизација. Затоа шт можеби уште утре ќе биде доцна за каење, за плач, за постоење на македонското битие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете ми јас да го дадам своето видување околу Извештајот на Владата за преземените постапки околу приемот на Република Македонија во ОН како рамноправна членка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Морам да кажам да оваа тема се наоѓа по втор пат на ова Собрание. По истиот клуч како и првпат, се понуди варијанта да се кој каже еднаш и да не се појави повеќе на говорницата без да се води сметка колку време ќе се задржи на говорница. Исто тоа стана и сега. Меѓутоа, кога ќе требаше да се одговори на основната тема да се пцуе извештајот од актуелната Влада станаа претставници кои говореа зошто не е доволен успех за постигнат во меѓународната политика и наоѓајќи недостатоци во опозицијата. Па така едно од прашањата зошто во Лисабон Македонија не беше призната од страна на дванаесетмината, беше дека наводно челниците од ВМРО на прашање дали постои македонска нација во Македонија е одговорено дека за тоа ќе каже историјата. Се манипулираше со институт македонци бугари, македонци срби, македонци грци и слично. Господа, ние никаде оваа работа не ја проверивме дали некој од нас навистина тоа го сторил. Меѓутоа, од оваа говорница претседател на држава повика да дојде, поправо беше дојден за промоција Жељо Жељев на својата книга "Фашист" и од оваа говорница се заговараше дека Македонија е мултинационална заедница, мултиконфесионална, мултијазична, мулти се и на крајот од Жељо Жељев да се бара дали се признава, кој народ се признава овде. Го доведоа човекот во непријатна положба, да добиеме одговор дека се признава онаа нација кој народ има таму. Тоа беше мана зошто не не признаа во Лисабон.

Втората мана зошто не сме биле признати во Лисабон е тврдењето на одредена политичка партија во Македонија дека нејзиниот нареден конгрес ќе го држи во Солун. Ова се зема како голема мана, меѓутоа, што се докажа? Дека македонците не си ја познаваат сопствената историја. Па господа, првиот конгрес на ВМРО е одржан во Солун 1896 година. Конгрес на ВМРО-ДПМНЕ се држеше 1991 година и 100 години се совпаѓаат токму 1996 година, па нели е јубиларна работа било каде, па и да е примерно

било која земја, ако сака да биде добар сосед, ако се бараат услови за добрососедство, тогаш не ќе имаше проблем еден конгрес на политичка партија да се одржи во местото каде е првпат држан.

Се говореше дека некоја политичка партија, овде Владата неуспехот свој го бараше затоа што некоја политичка партија говорела дека овде е комунизам, а тоа било теза и на грците. Па господа пратеници, ние не сакаме да одиме подалеку никаде. Влезете во било која институција, влезете во било кој суд, во рамки и тоа гобленски рамки стојат ликовите на Тито и пресудите се изрекуваат во име на народот, но под негова слика. Тито никаде во светот не бил претставник на демократијата туку оличење на комунизам. Ако некој имал некоја варијанта за оспорување и да докажува, тоа е иконографијата и тоа ВМРО не го направил. Ве молам, ова се условите поради кои слабо одеше признавањето.

Дали во Република Македонија ние сме тврделе дека не постои демократија. Па од оваа говорница претседателот на Влада има ваква реченица: "Па господа, кој не ја поддржува Владата, тој е против државата". (Некои од пратениците реагираат). Господа, Владата не претставува држава и ако некој не ја прифаќа политиката на Владата, не значи дека не е држава. Тоа е еден од синонимите за недемократија. Тоа не го правиме ние, тоа го прави актуелниот претседател на Влада. (Дофрлања од место). Јас господа ниту ви реков како изгледате ниту ве нареков на надимакот. Јас од тоа не бегам, а не ви приговарам на вас што вие не знаете ништо, тоа е ваш проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде продолжете сега, а ги молам сите пратеници да не викаат од место.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Основно беше, што се кажува овде. ВМРО во моментот кога требало да се признае разговарале со Парошки дека наводно Македонија не била загрозена. Господа, да ви речам една работа. Баравте аргументи, првпат во Македонија од било кој сосед, од било која политичка партија и во време кога во Србија и Црна Гора беа изборите се најде една политичка сила која дојде да ја признае Македонија како држава, да го признае македонскиот народ и да каже дека во Македонија живее српско национално малцинство, а не дека живее српски народ. Каква сака нека е, меѓутоа, тоа беше и на телевизија, се кажа и јасно и гласно, потпишале документ. (Дофрлања од место).

Да одиме понатаму. Денес треба да разговараме дали ова што се нуди пред Советот за безбедност треба да го прифатиме како варијанта за поранешна југословенска Република Македонија. Ова господа овде се правдаше дека е сеедно, нема потреба, има разлика меѓу арбитража и посредување. Меѓутоа, едно е вистина. Посредувањето се сведува на посредништвото за последиците за разврска на Југославија. Едно посредништво од Овен и Венс имаме во Босна и Херцеговина. Ги направија тие мапи на Босна и Херцеговина, се јави на една од тие да не ги потпише. Сега доаѓа варијантата или потпиши или има други средства за принудување. Не може ли да ни се случи на нас таа посредничка мисија да ни постави некое име во кое ќе ја нема именката Македонија, па ако не сакате да прифатите фака, ќе ве најдат овие услови. Тоа е посредништвото, што значи дека и арбитражата и посредништвото сега говорам да му одговорам на колегата Петковски дека се извршуваат. Ако не се извршува, се поставува прашање зошто сега толку душебрижие на Англија, Франција и Шпанија, тие да не се залагаат за правата на Грција како нивна сојузничка во Европската економска заедница, во Обединетите Нации, тие веднаш да бараат начин на кој сега нам ќе ни дадат предност

над Грција. Меѓутоа, се заборава во ова провизорно име за употреба во ОН ќе се применува додека не се најде решение меѓу спорните странки.

Понатаму, што е последната варијанта: Генералниот секретар да го извести Советот за безбедност за преземените иницијативи, ништо повеќе. Нема ли да ни се случи Северен Кипар, да преговараме 30 години. Сега морам да кажам еден пример што ќе биде од тоа. Ако ни се случи оваа варијанта, а ова е грчката варијанта, што ќе биде најнавредливо е на човек да му речеш свиња. Меѓутоа, еднаш, двапати, три пати, еден, два, три сто човека ќе го наречат така, последниот човек ќе те праша како ти е име, тој од навика ќе заборави па ќе каже свиња. Се плашам немој некој нас да не натера од навика да си го смениме името. Во оваа смисла што има заднина, зашто во овој случај дојде Англија и Франција да се залагаат токму за ваква одредница. Се обиде да се каже дека ќе ни беше подобра варијантата Скопје, е сега полоша варијанта ни е бивша југословенска Република Македонија. А што ќе биде конечна варијанта, да го прашам оној што го застапува ова. Ни беше арна варијанта Скопје, ни дојде полоша, а одлучува друг каква варијанта ќе ни даде. До кога така ќе одиме со една друга, четврта варијанта и затоа во преговорите се има што, до каде може да се оди со преговараше. За достоинството нема попуст, достоинството е Македонија држава. Ако немаме име Македонија, ако го смениме со друго, што се појавува овде? Има коалиција, господа, од оваа говорница се говори дека веќе станува збор за повеќе народи. Овде почнаа на таа мултинационална теорија, почна да се создаваат и "романестани" (во салата се слуша реагираше од некои пратеници), на кој ќе му текне, да дојде уште некој да создаде некоја друга држава, секој ќе бара територија на оваа македонска територија. Значи, секоја држава што ќе се создаде, затоа што ќе ги види флексибилни, ќе имаме место за разговарање, ќе го

чуе тој глас и на "романистан" и тогаш ќе ни се даде и дота да го анализираме. Во овој случај, јас сакам само да кажам што треба да биде, што треба да се приговара и дали наредниот ден кога ќе се постави прашање, господа, останува од овие три имиња да останете "бивша". А по кулуарите на судството бивша значи покојна. Немојте да дојдеме до една ваква покојност и не ми е на мене жал за другото, како кој ќе се нарекува, жал ми е што ќе изгубиме идентитет на достојност на Македонец, па некој ни приговара. Овде, господа, вие се залагате само како да е Македонија ваша држава и веднаш другиот да говори дека има матична своја држава. Македонија нема друга матична држава, ова е, а тие приговараат и се во состојба на коалицијата кога се говори за наоѓање место како името да се изгуби.

Од тие причини, јас сметам дека не треба да се прифати разликата бивша југословенска Република Македонија, да се говори за Република Македонија, тоа е наше уставно име. Зошто? Ова сега ќе кажам дека никој освен ова Собрание не може да преговара за името. Ова Собрание го донесе името на државата. Кој може сега мимо Уставот да биде флексибилен, да преговара и тој што ќе каже јас ќе го сменам името, па макар и привремено. Ова зошто го говорам? Ако некој прифати, ќе мора да прифати и веднаш уставна промена. Што значи уставна промена, ако некој од страна, а не поради своја внатрешна потреба ти наложи да промениш Устав, тогаш не си држава, тогаш си некоја територија под нечиј патронат. Што доаѓа? Веднаш доаѓа прашањето на секој му боде одредницата во очи, одредницата од член 4 9 дека ќе се грижиме за македонците. Има ли некоја нација на овој свет за својата нација да не се грижи. Тоа е на секој, само од нас тоа се бара да го направиме.

Понатаму, што ќе остане? Јас не сум толку задрт околу онаа контрола на леташе. Што стана, стана, меѓутоа, ние немаме ни технички средства,

армијата отиде со потпис на претседателот без да се знае што е и како е, отиде како отиде, тоа ни наложи (некои од пратениците дофрлаат, на што претседателот Андов вели "тишина"). Отиде, мораше да се врши контрола. Меѓутоа, што ми беше залагањето? Ние ако не бидеме членка на Обединетите Нации, не може ме да имаме валута. Тоа е апсолутно не лага, туку незнам што да кажам. Швајцарија е жив пример. Швајцарија не е членка на Обединетите Нации, а камо таа среќа да имаме стоти дел во јачината на нашата валута спрема швајцарскиот франк. Што значи оваа говорница не се користи за вистина, туку кажи нешто па да е кажано само.

Понатаму, што е другиот дел? Австрија не е членка на Европската заедница, меѓутоа по кажување на Владата се тврди дека Австрија превземала да го реши прашањето за наоѓање начин да се дојде до договорно име и за разврската. Што има Австрија да се загрижува за Грција и за ЕЗ. Таму навистина беа од нас кај Моќ, меѓутоа, што? Кога во ова Собрание господа се постави прашањето да го видиме писмото на Мок од господинот претседател Андов се кажа тезата како ние ќе можеме да преговараме со други дипломатии од страна, ако нивните писма ги кажуваме овде и што е работено. Сега искача дека дошло писмо од Мок дека ни се предлагаат овие и овие имиња како можна комбинација со Грција, што значи тоа е слабоста на политиката, а не да кажам јас дали ова го направил или не го направил. Да се проценат околностите. И што се користеше? Штом не успеала таа политика, изгубивме и Лисабон и Единбург и вендаш доаѓа дека некој е виновен. Јас сакам едно да кажам. Да не бараме виновник за прием на Република Македонија во ОН. Да бараме да бидеме примени, меѓутоа, не како бивша југословенска Република Македонија, туку како Република Македонија. Тогаш овој Устав што ние овде го изгласавме, има некои што не го гласале, меѓутоа, тие што го изгласавме тогаш ќе бидеме достојни на себе. Еден од тие кој не

претставува таму е и претседателот на Владата, тој тогаш бил пратеник и гласал за овој Устав, што значи и себе ќе се докажува и ќе остане цврст на својата позиција. Ако сега како претседател на Влада оди вон уставот, тогаш се прашувам кое име ќе го добиеме, уставно или името на Владата или на претседател на Република. Тоа е дали е лоша или арна политика.

(Пратеникот Фаик Абди сака да излезе на говорница и вели: "бев спомнат", но претседателот не му дозволува).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

(Седницата прекина во 18,20 часот).

(Седницата продолжи со работа во 18,35 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Членот на Владата, госпоѓата Сиљановска се јави за една интервенција.

**ГОРДАНА СИЉАНОВСКА:**

Јас се извинувам, мислев дека прв пат ќе настапам пред Парламентот со закон, меѓутоа морам да интервенирам во поглед на една опасна и навредлива теза.

Овде беше изнесена тезата дека за Македонија пред да биде признаена треба да се расправа на некаква си балканска конференција Јас морам да кажам дека конференциите повеќе за Македонија не смее и нема да има. Единствено македонскиот народ и националностите ќе одлучуваат за иднината на Македонија.

Мора ова да го кажам, бидејќи член сум на Владата и мислам дека таа теза што се шири низ Македонија, па и надвор од Македонија за Македонија како конгомерат на нации е сосема погрешна. На секоја нација, па и на македонската и е иманентно да создаде своја држава. И од Француската револуција до денеска кога ќе се каже нација се мисли на држава. Токму како таква и Македонија побара прием во ООН.

(Аплауз)

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само од две причини се јавувам и ќе се обидам да бидам пократок. Едната причина е што во предвечерието на чинот кој се очекува сакам да бидам еден од учесниците што ќе го каже сопственото мислење на актот кој се очекува за прием на Република Македонија во Обединетите Нации.

Втората причина е што во актот за прием на Република Македонија во ООН со предлог на резолуција кој е усогласен, што треба да се предложи на асамблејата на ООН за прием на Република Македонија во одредени искажувања од дел на пратеници од оваа говорница, што се пројавуваат резерви во однос на водењето, на искреноста на актуелната државна политика на актуелното државно раководство. Веднаш да кажам дека јас сум од оние кои длабоко веруваат дека самостојна и суверена Македонија е чин кој со донесувањето на Уставот на Република Македонија е неповратен во историските токови на македонскиот народ и другите граѓани и националности што живеат на оваа територија и дека враќањето и искажувањето на сомнеж еве и после скоро две години во искреноста на намерите мислам дека нема никаква подлога. Ниту во таквите сомнежи што беа искажани овде беа поткрепени со валидни аргументи и било кои други показни изнесувања што можат барем да наличат на аргументи, туку се се тоа некои инсинуации, закачалки и состојби искажани кои немаат никаква подлога во фактичката ситуација.

Исто така, верувам дека за таквата фактичка состојба во која се наоѓа Република Македонија како самостојна и суверена држава и во нејзината вековна борба за таа нејзина самостојност и со овој чин, со барањето за прием во ООН како историски континуитет во борба на македонскиот народ за самостојна држава е чин кој во континуитет лежи низ историјата онака како што е создавана и која во овој момент служи како визија за влегуваше во големата заедница на народите. И мислам дека сите политички субјекти кои се присутни во овој Парламент и кои не се присутни дадоа свој адекватен соодветен придонес и самата оваа седница го потврдува тоа. Од сите говорници што дискутираа на оваа тема ниеден говорник не рече дека треба да се повлече барањето за прием на Република Македонија од ООН.

Исклучително само еден дискутант кажа и мислам дека сепак со одредено невнимание дека ако не примаат, не примаат, ако не не примаат никому ништо ќе го повториме барањето за прием и така натаму како да се работи за некој конкурс за вработуваше па ќе дојдат пријатели наши, ќе фатиме врски и ќе извршиме прием. Додека сите пратеници практично што се изјаснува овде викаа дека треба да остане барањето за прием, но искажуваа одредени резерви во однос на тоа дека можни се некои задкулисни состојби во врска со пакетот на резолуцијата кој се предлага. Оттаму јас верувам дека и од искажувањата на претпоследниот дискутант, всушност на последниот дискутант дека и Партијата ВМРО-ДПМНЕ има многу повеќе направено за успехот на Република Македонија од она што и самите нејзини поодделни членови тоа го признаваат. Лично сметам дека ВМРОДПМНЕ нема направено само со овие изнесувања што беа овде искажани. На пример дека само со одржување на конгресот во Солун, за именување на македонците за македонци- бугари, срби, грци, за изјавата во НР Бугарија дека македонската националност и чувството за припадност на македонската нација е сепак прашање на историјата и дека само со врските со Парошки што се остварени за признавање на Македонија е сторено нешто. Јас мислам дека истата партија има многу придонесено активно за овие две години на оваа политичка сцена, пред се во конституирањето на оваа држава и со нејзиниот највисок чин со носеше на Уставот на Република Македонија иако по полно прашања политички сме биле различни. Значи, јас повеќе верувам во таа политичка снага од полно членови што веруваат во неа и според искажувањата што ги има од оваа говорница. Но, сметам дека ваквата тема која беше елаборирана овие шест-седум дена Информација за приемот на Република Македонија во ООН, намерно, да не речам злонамерно, беше често извртувана во смисла

дека се работи за клучна тема дека се работи за менување на името на Републиката а всушност заборавајќи притоа дека се работи за основното прашање за прием на Република Македонија во ООН, што е основното прашаше за да се дојде до основната цел Република Македонија да биде призната со нејзиното уставно име.

Самиот чин и акт сфатен за приемот во ООН на Република Македонија во рамките на резолуцијата која се предлага, како и карактеристиките што притоа се доби таквата политика од оваа говорница, од дел на пратеници кои дискутираа во смисла на национално предавство во смисла на компромисерство и ред други епитети кои при оваа прилика беа искажани јас длабоко сум убеден дека се работи за дневно- политички потреби на одредени субјекти и дека и самите субјекти кои од оваа говорница ги изрекуваат не веруваа и дека чувството дека е се поблиску приемот на Република Македонија, се поизвесна е одлуката за прием на Република Македонија во ООН се чувствува и во самата атмосфера во Парламентот. Според тоа мислам дека непотребни се и многу временски кратко ќе бидат памтени таквите изјави за таква дневна политичка потреба. На крај ќе останат чиновите како акт и целите кои треба да се постигнат со оваа политика што е градена во минатиот период. Но, зачудува фактот дека некој констатации се извлекуваат на волшебен извитоперен начин и во оваа прилика и во вакви судбински моменти за Републиката и државата и што навистина сме магионичари да некои работи и факти се читаат на начин кои имаат сосема спротивно значење Јас на пример ќе споменам само неколку од нив.

Тоа е прашањето што неколку пати овде беше потенцирано за надлежноста на одредени институции од Бивша СФРЈ во Република Македонија, притоа споменувајќи ги институциите на цивилната управа за воздушна пловидба и државната комисија за утврдувањето на причините кои се земаат како показ и пример и причина за непризнавањето на

Република Македонија, кои факти се сосема точни, но кој заклучок е сосема од наопачки поставен и всушност се работи за факти кои егзистираат и ќе егзистираат се додека Република Македонија не биде признаена. Значи, тие не се причина за непризнавањето на Република Македонија, туку се последица од непризнавањето и дека признавањето на Република Македонија и нејзиниот прием во рамките на ООН се услов за да може да се изградат такви автономни субјекти кои ќе бидат признати и во меѓународната заедница со меѓународни норми кои се регулираат. Тоа е еден чуден приказ што за широката јавност не е познат и што остава впечаток и дека е познат само на тесен круг на луѓе кој што го познава механизмот на функционираше на институциите во држава кои имаат и меѓународни релации. Па, оттаму се влечени и други констатации. На пример, Уставот на Република Македонија со целокупниот карактер што го има таков каков што е во добар дел на дискусии е влечен како причина за отежнувачка околност за непризнавањето на Република Македонија притоа заборавајќи дека токму Уставот на Република Македонија онака како што е концепиран во неговиот дел, а притоа се напаѓан на перфиден начин што се цитирани одредени одредби не од Уставот на Република Македонија, туку од Уставниот закон кој е за спроведување на Уставот на Република Македонија и од одредени реченици вадени од контекстот на експозето на претседателот на Републиката по повод на носење на Уставот, затоа што во самиот устав нема аргумент кои можат да одат во прилог на поддршка на таква теза дека Уставот може да биде причина за непризнавањето на Република Македонија. Тоа е многу опасна теза, притоа самите кажувачи на таквите тези заборава дека од целокупната меѓународна заедница токму поради тој и таков устав е добиена целосна поддршка на Република Македонија и е главна карта за легитимитет на Република Македонија во рамките како фактор на позитивната оценка на Бадинтеровата комисија и

другите меѓународни институции и делегации што имаа увид во самиот текст на Уставот и во политичкиот и економскиот живот на Републиката.

Мислам дека вакви тези има безброј многу изречени деновиве од оваа говорница се со цел да се прикаже дека нешто е направено, таква фалшивост и таква мана има во оваа држава што ниту со хирушка интервенција не може  да се отстрани и дека нужни ќе бидат катастрофални последици од излезот на Република Македонија од таа ситуација. Практично дека ќе се соочи со проблемот на лебдење во воздух, ни на земја ни на небо. Мислам дека треба да се води доволно сметка, барем елементарна за една таква констатација за омаловажување на елементарните, основните вредности што ги има направено оваа Република. Впрочем пред се овој Парламент, во овој состав што ќе останат како историски факти и собития и за понатамошната судбина на Републиката за еден долг период, а да се напаѓаат од самите пратеници од оваа говорница мислам дека говори за еден типичен нехилизам или занесеност во овој момент политички на некој начин да се преживее на одредени политички снаги. Затоа јас сметам дека суштински и нема разлика во однос на политичките снаги во овој Парламент и вон Парламентот по однос на курцијалните прашања затоа што оваа вкупна политика на некој начин беше градена, според мене, со одреден консензус во минатиот период без разлика на манифестациите што ги имавме секојдневни, можеби со недоволна аргументираност, недоволна практичност, недоволна ефикасност како за почетен Парламент, Парламент на почетна демократија, но остануваат фактите и останува она што е сознание сепак клучните одлуки во овој парламент се носени со широко мнозинство за разлика, како што имаме прилика во добар дел на парламентарни земји каде што се вршат прегласувања за клучните проблеми за еден глас. Во овој Парламент ниедна одлука,било закон, или резолуција во дел од

надлежностите што ги имаше овој Парламент во градењето на надворешната политика не беа носени со минимално мнозинство иако имаше многу критички тонови, неразбирања, критизерство, искажувања за дневнополитички потреби итн., туку се носеа со целосно, убедливо мнозинство на овој Парламент. Оттаму, јас мислам дека добар дел од разликите што произлегуваат не е од целите што треба да се постигнат и затоа овој Парламент нема и такви делби, курцијални, туку од начинот на водењето и промовирањето на сопствената партиска политика за добар дел од прашањата кои ги имаат партиите зацртано во програмите и во овој Парламент. Можат да се набројат добар дел на индекс на проблеми за овие две години што сме во Парламентот каде што дијаметрално за конкретни прашања сме се разликувале во однос на пристапот на решавањето на проблематиката. Кој начин, на каков начин, која политичка снага предлагала и се залагала за одредени цели да се постигнат во услови какви се наоѓаше Република Македонија во целокупниот двегодишен период со состојби и ситуации кои се менуваа секојдневно и на кој се бараше целокупна будност и трезвеност и реагирање на достоинствен начин во целокупните превирања на бившите простори на СФРЈ и на Балканот. Но, сакам да потенцирам уште една работа во оваа ситуација, а тоа е прашањето што во искажувањето на добар дел на парламентарци овде што беше кажувано преовладува прашањето на пристапот на песимизам, пристапот на безперспективност наместо во овие моменти да преовладува според мене,, чувство што треба да биде искажано на отворени перспективи кои се пружаат за Република Македонија во објективните околности во кое се наоѓа во просторот и во времето. Веројатно моето објаснување за еден таков пристап на еден добар дел на говорници овде, според мене, ете и од тој субјективен приод.......

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Од мачната историја на македонскиот народ што е нас не учеа често како да преживееме, како да го прогураме животот со страв и опсесии, наместо да не научат во животот да грабиме и да го градиме со отворени визии и крупни перспективи. Оттаму се надевам дека тоа и сите политички субјекти го имаат согледано и ќе треба во иднина пред се да се свртиме кон перспективите што ќе бидат отворени да се остават пред се дневниот политичките потреби на политичките субјекти, затоа што да повторам уште еднаш мислам дека, сепак, за круцијалните прашања не мислиме различно. Но, веројатно за некои политички субјекти новите ситуации што ќе бидат создадени со приемот на РМ во ОН и со нејзиното билатерално, пошироко меѓународно признавање од другите држави одредени политички субјекти ќе имаат повеќе перспектива, можеби ќе се раѓаат и нови политички субјекти кои ќе понудат нови перспективи на Републиката. Одредени политички субјекти веројатно ќе бидат фрлени во индексот на историските појави и можеби и оттаму одредени нервози што се јавуваат кај дел од пратеници и политички субјекти во Републиката со секојдневното поизвесно доаѓање на денот на меѓународното признавање и поширокото признавање на РМ дека се исцрпуваат нивните политички опции и проекции и дека веројатно ќе треба да се дефинираат нови политички опции и проекции кои ќе бараат повеќе знаење, повеќе храбрости, повеќе умешност кои ќе бараат се повеќе конкретни резултати и кои ќе бараат проверени на кажаното и ветеното во практиката. Јас верувам дека оние кои ќе бидат способни тоа да го направат на умешен начин дека ќе продолжат да бидат актуелно присутни, а оние кои не ќе смогнат снаги тоа да го направат, дека ќе исчезнат од политичката сцена.

Имаше и дел искажувања што беа и во таа насока на пример, некои пратеници имаше искажување на проекција на РМ од XXI век па беа кажувани такви конотации дека Македонија ја гледаат во рамките на едно ново балканско граѓанско општество. Цитирам: ја гледаат во рамките на примерот на еден нов Бенелукс, ја гледаат во рамките на една нова модерна балканска држава И мислам дека тоа се алтернативи без алтернатива за РМ и Европските интеграции кои на некој начин ги имаат кажано сите политички субјекти во своите програми присутни овде и надвор од оваа сала. Всушност пред се ќе се прекршуваат во такви потесни пред се меѓурегионални интеграции, а дури после тоа таквите регионални Заедници ќе бидат интегрирани во ЕЗ. Мислам дека танкиот приод и кој од политичките субјекти ќе го согледа тоа побрзо и работи стратегиски и оперативно на тој план ќе ја преземе иницијативата во понатамошниот политички живот, а оној кој ја гледа Македонија рефинитивно заградена во високи ѕидови на нејзината автономност и некорелација пред се со соседите и пошироко со балканските интеграции и со Европските интеграции мислам дека ќе се лаже себеси, а ќе ги лаже и другите и брзо ќе биде освестен за своите заблуди.

Јас во оваа прилика се обидов да кажам некои работи и притоа никого да не навредам, евентуално да не предизвикам реагирање на начин на кој знаеме ние да реагираме во одредени моменти и ако некој евентуално во оваа сала се најде засегнат, или се препознае на начин кој не сака да се препознае од ова мое искажување јас се извинувам претходно и на било каква реплика јас нема да одговорам.

XVII/3.-

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници, во секоја навистина демократска и цивилизирана земја, каква што сака македонската пројугословенска и неокомунистичка власт, да ја прикаже Македонија пред светот, кога ќе се доживее и многу помал пораз од овој кој на меѓународен план го доживеа тнр. "мудро" и многу фалено и самобендисано македонско раководство, нормално е протагонистите на таквата политика не само да поднесат неотповилива оставка, туку и да се бара нивна одговорност. Во демократските и цивилизирани земји тоа е прашање на достоинството и моралот на секоја личност. Колку меѓутоа, мудрото раководство држи до демократијата и цивилизациските при- добивки и колку тешко можат да се откажат од својата комунистичка идеологија и свест, најдобро покажува нивното двогодишно владеење и одлуките кои ги донесоа не само на внатрешен, туку и на надворешен план.

Ако навистина на некого му беше до достоинството и честа на македонскиот народ, сигурно е дека нема двапати да ја земеше самоволно слободата и правото да и кумува на името на Македонија. Прв пат давајќи согласност за промена на името на Републиката со додавката "Македонија-Скопје" и сега кумувајќи ни со името "Бивша југословенска Република Македонија" . Дека е тоа точно , најдобро зборува пишувањето на светскиот печат од чии написи јасно се гледа кој е кум на Македонија. Затоа во најмала рака е цинично да се обвинат други дека се наши кумови. Тие тоа никогаш не би го направиле, ако претходно не добиле солгасност од некого, за што впрочем и пишуваа "Гардиен", "Монд" и други светски весници и агенции

Како на некој не му е јасно дека токму благогодарејќи на нивната таканаречена "мудра", а всушност сенилна и стерилна внатрешна и надворешна политика, Македонија денес се наоѓа посрамена, понижена, поразена и со изгубено достоинство. Токму на таква та негова компромисерска, дволична и слободно може да се каже антимакедоснка политика, Македонија и македонскиот народ денес влегуваа во една од најтрагичните и најнеизвесни историски етапи, може би многу покритична и потешка од онаа во 1912 и 1913 година. Тогаш го черечеа живото тело на македонскиот народ, а денес сакаат да ни го избришат и името и презимето. А иронијата да биде поголема на сето тоа кумуваше и тоа непосредно носителите на власта во Македонија кои само за да ја сочуваат власта, спремни се дури и името на државата да го променат. Такви примери во досегашната историја на цивилизацијата не постојат.

Кога веќе даде согласност за промена на името на Републиката, прв пат како "Македонија- Скопје",а сега како "Бивша југословенска Република Македонија" , дали мудриот претседател Глигоров е воопшто свесен дека со тоа сака да ни ја избрише досегашната историја, да ни ги избрише досегашните достигања, да ни го сотре родот. И за да трагедијата биде помала, ни се сондира тезата дека името "Бивша југословенска Република Македонија" ќе биде привремен.

Државното раководство очигледно не сака, или не може да сфати, дека со својата досегашна антимакедонска политика ја запечати судбината на македонското прашање за еден подолг период. Не сака или не може да сфати дека со таквата своја досегашна политика, потпомогната од неговите верни поданици кај трансформираните комунисти, ја изгубија битката за меѓународно признавање на Македонија. Историјата набргу ќе покаже дали тоа беше намерно или пак од незнаење и политички дилентантизам. Не

сака или пак не може да се соочи со големиот пораз кој денес и на слепците им е видлив, не може или не сака да сфати дека со својата компромисерска и дефаззивна антимакедонска политика директно го ранеше, на внатрешен план, албанскиот национализам а на надворешен план, грчкиот национализам.

Затоа државното раководство мора да одговара пред македонската јавност за илузиите кои вештачки за да остане на власт по секоја цена ги создаваше во врска со неговата таканаречена мудра надворешна и внатрешна политика. Мора да одговара зошто македонскиот режимски печат и ТВ му ја дозираа на македонскиот човек "вистината" околу признавањето на Македонија, мора да одговара за теророт кој средствата за информирање веќе две години го вршат врз македонскиот човек. И конечно г-динот Глигоров мора овој парламент и целата македонска јавност да ги запознае за содржината на своите разговори со Слободан Милошевиќ, со Милан Паниќ, со содржината на своите разговори и преговори со меѓународните фактори. Глигоров конечно треба да престане да го третира овој парламент и сите граѓани на Македонија за свои експериментални заморчишта, конечно треба да престане да манипулира со сите нас.

Ако кон тоа се проанализира и додаде излагањето на премиерот на Владата Бранко Црвенковски, како и некои дискусии на пратениците на СДС, ситуацијата станува повеќе од јасна. Присуствувавме на завршниот чин на еден катастрофален пораз, на едно класично Фијаско што го доживееја нашата надворешна политика и нивните главни креатори Господата Киро Глигоров, бившиот министер за надворешни работи Денко Малевски и актуелната Влада на премиерот Црвенковски. Само наивните и

политичките слепци можеа да очекуваат и да се надеваат на успех од една политика која за цело време на своето практично остварување се раководеше според македонската народна мудрост "Турни ме да кинисам" или уште попрецизно , според парафраза на една друга народна мудрост која во нашиот случај гласи "Молам бога да не не признаат". Целокупното однесување и постапување на единствените креатори и узурпатори на водењето на македонската надворешна политика на планот на едно од најзначајните прашања за Република Македонија нејзиното меѓународно признавање, практично се сведе на една серија од дилетански постапувања, лажни ветувања, наивни верувања и катастрофално лоши проценки. Резултатот од тоа е "бивша југословенска Република Македонија" со непредливи трагики и катастрофални последици кои од тоа произлегуваат. За тоа сметам дека доволно беше зборувано и од претходните дискутанти.

Основното прашање на кое македонскиот парламент во оваа расправа мора да одговори и следното: Зашто република Македонија не е примена за член во Организацијата на обединетите нации и пошироко меѓународна призната под своето уставно име, односно зошто денес и Македонската држава и македонскиот народ се наоѓаат исправени пред можноста од нова катастрофа иа трагедија? Сигурно за ова има бројни причини. Улогата на Грција во оваа антимакедонска завера е добро позната и нема потреба посебно да се елаборира. Но нашето внимание првенствено ќе мора да ги свртиме кон оние внатрешни причини кои не се малубројни и од кои посебно би се издвоиле следните:

Никој не признава држава која сеуште не го заокружила својот правен и политички и државен субјективитет и во која сеуште не се во сила правни акти на една непостоечка и меѓународна осудена држава како што е СФРЈ

односно нејзината наследничка СРЈ.

Никој нема да признае држава која долго време не знаеше што сака дали сака самостојна држава или било каков сојуз со некогашна Југославија. Водечката парламентарна група на СДС и нејзината најголема промашена инвестиција долго време работеше на тоа да се остане на Југославија по секоја цена. Додека Словенија и Хрватска се бореа за своето меѓународно признавање нашите мудри политичари на цел глас трубеа против нивното легитимно право, а г-динот Глигоров ја пишуваше пројугословенската платформа Глигоров Изетбеговиќ чии "позитивни и спектакуларни" резултати ги гледаме денес во Босна.

Никој нема да признае држава чие раководство никогаш не го спомнало вистинскиот виновник и агресорот што ја започна и сеуште ја води војната на просторот на Бивша Југославија.

Никој нема да признае држава која не ги почитува меѓународните документи, а посебно Резолуциите на ООН каде бара прием на членство. Еклатантен пример за тоа е непочитувањето на Резолуцијата 757 за ембарго и економски санкции спрема СРЈ во Македонија никогаш не е применета. За тоа и не треба посебни докази. Доволно е да се погледа трговијата со Србија на некои големи државни фирми, посебно со т.н. стратешки производи- нафта, опрема и др. Впрочем тоа недвосмислено ги констатира и Европската заедница во еден свој Извештај во кој Македонија, заедно со Романија и Грција се најде во неславно друштво да биде жигосана како сојузник на Српскиот агресор. Тоа е неоспорен факт Господо! А факт е и тоа што Германската телевизија непосредно го установи тоа во една телевизиска емисија која и ние имавме прилика да ја видиме каде јасно стоеше дека нашата нафта служи за активирање и погон на српските

тенкови во Босна. Само политички дилетанти не би можеле да се наведат дека тоа светот од кој бараме признавање ќе ни го прости или заборави.

Секој ќе се замисли и запраша дали да се признае една држава во која, владее "ајдучка економија" според старите комунистички правила и прописи, спроведувани токму од редовите на парламентарната група на сдс и нејзината комунистичко- албанска коалициона Влада на премиерот Црвенковски. Политичко- полициската мафија составена од Владата и добар дел од пратеничката група на СДС веќе ја опљачка државата, а преку намерно уништување на најмоќните државни фирми и прелевање на националното богатство во нивните приватни фирми настојува од Македонските граѓани да го одземе и лебот. Затоа, невиден е цинизмот господа од СДС да зборуваат дека се загрижени за народот за да не јадел "треба и корени". И тоа истите оние што од тој народ ги опљачкаа нивните тешко спечалени девизи.

Сосема е неверојатно и речиси невозможно, ООН или било која друга меѓународна институција сериозно да размислува за прием на една држава во своите редови, чие врвно раководство нема доверба во својот народ го лаже, дезинформира и манипулира. Тоа се случува речиси две години од самиот почеток на процесот за меѓународно признавање на Република Македонија.

Зарем некој може да очекува признавање на Македонската држава со раководство кое јасно ја прокламира својата национална и верска недифинираност претопувајќи се во некаква аморфна маса на граѓани, со раководство кое на својот народ му сугерира поданичка понизност и

послушност, му влева страв во коски и за најбанални работи, го минимизира неговото право на опстојвуање и неговата моќ, му влева дефетизам и на безмилосен начин му го руши неговиот основен човечки и национален дигнитет. Сите вистински водачи, лидери во светот без оглед на тоа дали биле раководители на бројно мали и големи народи секогаш на своите поданоци настојувале да им ха разбудат и поттикнат храброста и довербата во себе и во најтешките моменти да ги обединат во една единствена сила способна за национално опстојување и самодокажување, самопотврдување и самоопределување како народ.

Господинот Киро Глигоров и неговата марионетска Влада со досегашното водење и на внатрешната и на надворешната политика јасно и недоссмислено покажаа и докажаа дека се единствен пример на државно раководство во светот што на својот народ и граѓани, наместо се погоре речено им понудија безалтернативност, страв, понизност, губење на достоинството и национално обезличување.

Почитувани пратеници,

Со изнесените причини кои ги слушнавте досега од мене и од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, воопшто немаме намера да опонираме и полемизираме со изнесените квази тези, празни фрази и смешни будалаштини, ноторни невистини и лаги што подолго време ги слушаме од пратеничката група на СДС и нивните сателити.

Сето ова што досега го изнесов може да се сведе на следното, дека е последен момент и во интерес на македонскиот народ и република Македонија, главните креатори на ваквиот катастрофален пораз на нашата

надворешна политика, да се повлечат од македонската политичка сцена. Секој нивни натамошни обиди и натаму да раководат со судбината на

XVII/10.-

Македонската држава и на Македонскиот народ ги води во директна опасност мошне брзо, заради нивните докажани недела, Македонскиот народ да ги смести таму каде што им е местото на бунштето на Македонската историја!

Почитувани пратеници,

Македонскиот народ деновиве го полага најважниот испит во својата повеќевековна историја. Исправени пред меѓународната заедница треба да докажеме дека правото на самоопределување никој не може да ни го одземе нити да го условува со наметнување на понижувачко и бесмислено име на македонскиот народ кој ја задолжил европската и светската цивилизација и кој оправдано бара да влезе и да ја дели судбината со останатите членки на Обединетите нации со своето чесно и вековно име Македонија:

Поаѓајќи од историскиот опит на македонскиот народ во борбата за создавање на сопствена независна, самостојна и суверена држава ја споделуваме загриженоста на бројни политички субјекти во Република Македонија партии, здруженија и организации на македонскиот народ и на националностите кои непомирливо го одбиваат понуденото ултимативно решение за прием на Република Македонија во светската организација, нарекувајќи го како акт на политички тероризам на светската заедница против Република Македонија, како деперсонализација на историското и државното битие на Македонија, како акт на заткулисни игри на највисоките државни функционери на Република Македонија, како влегуваше на

република Македонија во Трета Југославија и уништување на македонската држава.

XVII/11.-

Да застанеме сите како еден во одбрана на библиското, историското и уставно име на Република Македонија. Да не допуштиме врз нашите плеќи да се фрли проклетството на поранешните и идните поколенија поради пропуштање да си го одбраниме името и родот, достоинството и честа, самобитноста и државноста, правото на самоопределуваше на секој народ во светската заедница на народи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам разбирање за вашето трпение, но и јас имав трпение пет дена да слушам, па сметам дека е ред да имате трпение и јас да го кажам своето мислење околу оваа седница зашто по барање на Пратеничката група на ВМРО—ДПМНЕ беше поставена на дневен ред Информацијата и Владата на РМ со експозето на претседателот Бранко Црвенковски даде информација во врска со активностите за нашиот прием во ОН. Искрено очекував заради тоа што имаше иницијатива да се расправа за оваа точка дека овој пат ќе се случи нешто, навистина, позитивно, во оваа собраниска сала, дека ќе има критички осврти и погледи на активностите и на надворешната политика што актуелната власт ја води од страна на опозицијата, што е нормално. Но исто така очекував дека ќе се понуди алтернативна надворешна политика во која ќе се каже, господо вие сторивте тоа и тоа, ниту е тоа доволно ниту е добро, а ние нудиме, еве нешто кое може да биде предмет за разговор. И најголемиот дел од овие денови ќе расправавме околу алтернативната политика односно политиката која досега се водеше како надворешна во Републиката. Но, наместо тоа ние добивме овде повторно еден куп навреди инсинуации, клевети и слични работи кои го рушат дигнитетот на овој Парламент за кој дебело сите комплетно во овој Парламент треба да се запрашаме и дали имаме право да го малтретираме народот и граѓаните кои што не гледаат и слушаат.

Изгледа дека конечно дојде време за едно јавно и јасно разграничување на работите пред очите на нашиот народ. Изгледа дека токму во овој момент во кој очекуваме да се случи еден исклучително

значаен чин за нашата држава РМ, нејзиниот прием во ОН, треба да ги наречеме работите со нивното вистинско име. Ако се согласиме дека опасноста е во одлагањето, тогаш веднаш да се соочиме со сегашниов политички амбиент во Македонија.

Прво, сосема е јасно дека во неа постојат политички сили кои свесно манипулираат со народот, со цел кај него да предизвикаат револт и чувство на измаменост.

Второ, сосема е јасно дека истите тие политички сили шират дезинформации, полувистини и лаги кои имајќи ја за цел да ја поткопаат или урнат сегашната власт, всушност имаат за цел да ја дестабилизираат РМ како држава.

Трето, логичен производ од првите два става, тие сили што со чисто срце можеме да ги наречеме како реакционерни, присвојувајќи си го мандатот за единствени заштитници и душегрижници на македонската кауза, го туркаат овој народ и оваа држава во мракот на тоталитаризмот.

Од друга страна јасно е дека постојат и политички сили со поинаков квалитет. Тие се оние сили кои што преземајќи го ризикот да бидат наречени национални предавници и сл., секогаш гледаат еден чекор подалеку. Тие знаат дека шансата што ја има оваа мала но миројубива земја, не лежи во воскреснувањето на соништата од минатото, туку во едно машко, бессентиментално зафаќање со сегашноста. Тоа е широко поле за работа. Оваа земја треба да се соочи со фактот дека внатрешниот мир и стабилноста, полната демократија и решителноста, ориентацијата кон пазарно стопанство, значат отвореност кон светот, т.е. отворени економски и духовни граници. Дали сето ова треба да се попречи со неколку фрлени пароли, со неколку неодговорни изјави, фрлени во јавноста последниве денови, а чија содржина без исклучок е следната: "некој ја продава

Македонија  "некој го обезличува националниот идентитет на Македонија", "некој ја фрла Македонија во преградките на Југославија". Со кој потег се прави сето тоа, ќе се запрашаме? Дали можеби со чинот на прием на Македонија во ОН и активностите околу тој чин. Срамно е да го повторуваме она што веќе и врапчињата го знаат. Но изгледа дека добива оној што најмногу и најчесто повторува.

Прво, приемот во ОН е прием во светската организација на државите. И фактички значи колективно меѓународно признавање.

Второ, во случајот со Македонија каде сите факти што беа наведени во дискусиите, станува збор за една привремена номинација бивша југословенска Република Македонија, номинација со која Република Македонија нема да биде обврзана да ја користи вон државните контакти, не се менува Уставот, а со тоа ниту нашето уставно име.

Трето, никој нема право и не може да го менува името на Македонија. Таа останува она што секогаш била Република }У1аќедонија. И под тоа име ќе биде признаена колективно или поединечно од земјите ширум светот.

Секој кој тврди дека одредницата бивша југословенска Република Македонија под која ќе бидеме примени привремено во ОН, но со која привремено ќе ни се обраќаат значи нејзино прекрстување, и дека за тоа има согласност од државната власт во Македонија, ја искривува вистината, прави политички маркетинг или сосема други или има сосема други цели. За тоа јас ја прифаќам Информацијата на Владата во врска со приемот на Република Македонија во ОН и давам целосна согласност заради тоа што верувам дека тоа во овој момент е и најисправниот пат кој РМ го води.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој не бара збор).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Има овде еден текст на Предлог- заклучоци што ги достави координаторот на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Ги давам на гласање.

Кој е за молам, а еве само господинот Голубовски сака да каже нешто процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (Од место)

Само така можете дома.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само така, само така.

**АЛЕКСНАДАР ФЛОРОВСКИ**: (од место)

Само така можете дома, а не овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не овде само така, а ако господинот Флоровски сака, он како што сака само дома може овде само како што е напишано по Деловникот и како што јас ќеречам, а така може господинот Флоровски дома.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи веднаш се пристапува кон гласаше на заклучоци а деловнички имам право да кажам зошто нема да гласам воопшто по никакви заклучоци, прифаќање на никакви информации, сакам да го искористам моето деловничко право.

Сметам дека оваа седница на Собранието на РМ која што беше под сомнителни околности непотребно свикана, не дава елементи за никакво редефинирање на веќе утврдената политика на РМ, ниту постоеше

инсистирање ниту јаки факти со кои што уште во оваа фаза можеше да се оспори противуставно дејствување во рамките на водењето на надворешната политика. Бидејќи, исто така, сметам дека заклучоците за кои што инаку интимно би гласал, кога би имале шанса да projадат, немаат шанса да пројдат на гласање, сметам дека со поставувањето на гласањето би се создале правни импликации заради тоа што едни ставови тука се предложени избрзани и без доволно проценка од делот на опозицијата, ќе предизвика расположение и можно толкување понатаму во наредниот период за да се извлече поддршка за својата политика или сеедно политички шпекулации на било која од страните која што спори во врска со водењето на надворешната политика и особено околу поширокото меѓународно признавање и приемот во ОН.

Исто така сакам сосема отворено да го искажам својот став дека скоро во целина наведените заклучоци и точките се содржат веќе во утврдената политика на РМ и не гледам причина повторно да се поставуваат на една ваква седница, туку прифаќам во принцип веќе она што беше искажано од некои од делот на опозицијата, бидејќи оваа држава е правна и има свој устав, постои процедура да се преиспита во делот на уставноста. Но тоа е друго прашање а не денес за оваа седница.

Со оглед на створената фактичка состојба, сакам исто така да го искажам својот став дека соочени со историскиот момент и сложеноста на ситуацијата, доколку денеска би инсистирале на заклучоци на победници и поразени во досегашниот тек на водењето на надворешната политика, ќе си ги воскратиме можностите за кооперативност во наредниот период, каде што повеќе од секојпат ќе ни биде потребно да го изнајдеме македонскиот одговор во новонастанатата ситуација.

И на крајот само да потсетам дека и други народи биле соочени со национални трауми, но сите тие успеале да излезат појаки од тие ситуации. Сметам дека македонскиот народ има само доверба и може да влезе и во новата ситуација и да бара излезно решение, а не да констатира никакви порази. Се спротивставувам на било какви дефиниции од оваа говорница дека македонскиот народ е поразен. Македонскиот народ не е поразен и никој не може да го порази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стоиле Стојков бара збор. Има право секој 5 минути да образложи како ќе гласа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сакам да го искористам своето деловничко право и да се искажам ако и на кој начин ќе гласам по повод заклучоците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, пред тоа сакам да кажам само една мала вистина во овој Парламент која ќе биде во однос на тоа мое гласање, а тоа е дофрлувањето од еден пратеник од ПДП кој ја кажа целата вистина на денешнава седница. Зошто зборувате од оваа говорница, кога се е готово. Вие од денеска сте Република- држава со име ПЈРМ, односно како некој што велат бајрам. Затоа јас ќе кажам дека ќе гласам за заклучоците, меѓутоа мислам дека тие заклучоци нема да минат во ова Собрание, затоа што го знаеме односот на силите во Собранието, коалиција- опозиција итн. и мислам дека нема да бидат продуктивни во однос, и ако во нив е содржано тоа дека како заложба, дека единствено име на нашата држава е и нема право никој да го менува, а тоа е Република Македонија што се наоѓа и во Уставот. Значи ќе гласам за заклучоците.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во текот на расправата поднесе Предлог на заклучоци како солиден придонес и прилог кон она што сите се стремиме^а тоа е признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име. Со оглед дека процесот на признавањето тече во ООН, сметаме дека има место и се актуелни предложените заклучоци од нашата пратеничка група. Оттука бидејќи не се достапни овие заклучоци за македонската јавност да на одреден начин интерпретирам по точки во што е сушината на предложените заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тоа не може затоа што заклучоците беа овде, секој доби збор, можеше да интерпретира се што можеше да интерпретира. Расправата е заклучена. Само дадете си мислење како ќе гласате. Ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас ќе гласам и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа за заклучоците од проста причина што заклучоците се категорични во барањето на безусловен прием на Република Македонија под нејзиното уставно име. Тоа е сосема логично и одговара на една теза која што овде се пласира дека ВМРО-ДПМНЕ нема алтернатива. Па, ние не нудиме алтернатива, алтернативата наша е единствена уставното име на Република Македонија и само под тоа име прием. А ако некој има алтернативи јас верувам дека утре кога ќе дојде тоа посредување ќе се вадат многу алтернативи на бројните предлози кои што ќе бидат предмет на посредувањето. Со други зборови предлагачот и оној што го прифатил ова име да речам БЈРМ, го прифати под сугестија од странство. Во

посредувањето ќе учествуваат странски претставници. Тие секогаш ќе бидат во позиција да му сугерираат компромиси, на штета, кога викам компромиси, јасно е на секому дека позицијата не отиде до крај да ја објасни својата ситуација пред овој Парламент. Што понатаму? Компромисот знаете ли што значи? Компромисот значи дека Македонија дава се, предмет е на компромис, Грција не дава ништо и за што е компромисот за се она што е македонско. Според тоа требаше позицијата да каже до каде ќе оди во отстапките по однос на тој компромис, кој што исто така ќе и биде наметнат, да бидеме свесни за тоа, од посредувачите, а тоа значи од Европската заедница.

И ако веќе одиме понатаму јасно е дека тоа е таа алтернатива која што стои во заклучоците, што се овде предложени и што треба да се гласаат. А тоа е дека ние не прифаќаме наметнато име Бивша Југословенска Република Македонија. Тоа мислам дека е толку природно и најлогичното. Заклучокот исто така поднесува дека Грција се однесува непримерно. И тоа е факт. Дека Грција ќе се однесува непримерно, му е јасно на секому кога ќе дојдеме да разговараме за тие компромиси кои што исто така ни се нудат во наредниот период.

Понатаму, исто така сакам да нагласам дека овде се потенцираше ова е една брана, овој заклучок е една брана од она што ни го направи Владата. Да бидеме јасни. Овој Парламент донесе заклучок во врска со ставот на Парламентот во однос на Лисабонската декларација. Па се постави прашањето дали Владата ги почитуваше тие заклучоци што ги донесе овој Парламент во однос на Лисабон. Се постави прашањето дека не ги почитуваше. Ова исто така е брана овој заклучок,со што ние повторно ја обврзуваме Владата дека мора да го почитува овој Парламент кога се работи за нејзиното уставно име и позицијата што треба да ја има во светот.

Сакам да кажам дека она што навистина се случува, тоа е наметнато решение и ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија, тоа е четвртиот заклучок дека за промена на името нема никој право да го менува. И Владата го нема тоа право. Во основа тоа се заклучоците кои што овде ние пред вас ги предложивме на овој Парламент. Повторно велам како брана од можни компромиси кои што може Владата да ги прави без почитување на овој Парламент. Во таа смисла јас сметам дека треба и ги повикувам пратениците да дадат една поддршка и оти нема да им биде тешко и на позицијата зашто и заклучоците што ги донесовме во однос на Лисабон, гласавме сите, па Владата не ги почитуваше. Вака ќе има поголеми адути дека ќе биде доследна во своето однесување и непочитување на заклучоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојановски има пет минути.

(Гласови од место)

Тоа е деловничко право, според член 124 од Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, еве зошто јас ќе гласам за заклучоците, а препорачувам и вие да ги прифатите. Неспорен е правниот основ на Република Македонија да ги исполнува сите услови за прием во ООН. Кога го имаме основот, правниот основ, останува најслабиот,политичкиот. Ние ќе паднеме токму на тој. Тие ни признаа дека имаме право, па сега ние ќе бидеме тие кои ќе балансираме. Грците се за цели гради зад нас Тие немаат правен основ. Имаат само политички основ. И сега наместо ние да се користиме со ова стецили- признаено право, ние сакаме да го девалвираме. Предлогот наш е баш за тоа, да се почитува законитоста.

И во ООН Повелбата е закон на кој што цел свет му се повинува. Тоа е едно. Второ, забраните е една работа, се лансира теорија, опозицијата само критикува, а не ни кажува како треба да работиме. Ако кажува опозицијата како треба да се работи, тогаш нема опозиција. Тие се едно и нема разлики. Опозицијата има за право да најде маана, а тие да се бранат дека не е мана. Ако кажеме ова обиди се направи го вака, што е тоа? И во тој случај, а дали има програма или било што, а друго е ако опозицијата ја преземе власта, тогаш таа е изложена да биде критикував

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Никола Поповски. И тој има исто така пет минути за изјаснување.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Прво, јас незнам деловнички дали е возможно, пратеник што ги потпишал и ги понудил заклучоците, да објаснува зашто ги нуди, меѓутоа тоа е тоа.

Истапувам во името на Пратеничката група на Социјалдемократски сојуз и ќе го кажам ставот на Пратеничката група по заклучоците. Пратеничката група на СДС смета дека прифаќањето на заклучоците понудени од Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ не обезбедуваат прием на Република Македонија во ООН, и истите заклучоци го блокираат нашето примање за членка на ООН.

Второ, цениме дека заклучоците не нудат излез од состојбата со блокирањето на Република Македонија за нејзино меѓународно промовирање.

Трето, Пратеничката група на СДС цени дека заклучоците се дефанзивни и ултимативни према ООН, што за нас е неприфатливо.

Четврто, цениме дека заклучоците нудат исчекување, а не нудат однос со перспектива за Република Македонија во меѓународната заедница; и

Петто, директно, меѓутоа имплицираат изолација на Република Македонија од меѓународната заедница.

Од овие пет наведени причини, Пратеничката група на СДС не е во состојба да ги прифати понудените заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Спировски, исто така согласно член 124 од Деловникот.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе бидам краток. Воопшто не ми е чудно што и оваа последна дискусија што се случи, меѓутоа, факт е да не заборавиме дека овој Парламент еднаш се произнесе по Лисабонската декларација и донесе некаков заклучок за кој што гласавме токму, баш, сите, а тоа беше токму проблемот со уставното име, кога на светот јасно му ставивме на знаеше дека не го менуваме името.

За денешната седница одредена пратеничка група немаше храброст да понуди заклучоци од причина што политиката, меѓународната политика што ја води нашава Република е донесена пред свршен чин. Тоа ние го знаевме. Немој некој да мисли дека ете, ја изигравме некоја партија на јавноста во Македонија. Тоа го знаеме и икс пати тука е барано истото да се отвори пред народот. Денеска, еве се случува токму она односно јас и очекував дека истото ќе се случи и пред месец два кога ќе имаше храброст раководството да каже дека работи на опцијата на Бившата Југословенска Република.

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение)

Која морам да кажам дека беше уше пред година дена начната. Денеска тоа се случува, денес се случува токму тоа правдање, ќе кажам затоа и немаше пратеничката група на СДС храброст едноставно да понуди заклучоци и тоа е правдање и сега јас ќе прашам. Ќе гласаме за заклучоците, меѓутоа, сите вие еднаш гласавте , сите ние изгледа влеговме во некој утопија и сега ќе се случи само една пратеничка група да си го зачува достоинството. Ние можеме да кажуваме теории колку е тоа штетно или корисно за Република Македонија. меѓутоа, факт е дека работите оде премногу скриено, а ние баравме да одат токму јавно. И ова, ако некој смета дека е успех Бивша Југословенска Република Македонија го смета за успех и дека оваа земја со тоа ќе доживее просперитет, ќе го видиме тоа наскоро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Анастасовски, исто така 5 минути ќе зборува по истиот член.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Еден човек тука ја кажа вистината, тоа е Никола Поповски. Ја откри целата игра што се играше, Коле во овој парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зошто ќе гласате за заклучоците за тоа, вам не ви е важно што Николај кажал.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

ВМРО има дадено заклучоци кој треба да бидат прифатени. Затоа што тие заклучоци одговараат само за оваа држава. Сето друго е

направено незаконски и против народно. Копајќи гуштерици, змии ваѓаат. Господа, сега се виде на која страна сте вие. Значи, многу мака видовте да ги убедите ОН и сите фактори во Европа да го прифатат она што сега ни го предлагате. Да, Коле, за жал да. Пропадна и уште еден голем факт за признавање, не само на името, но и за примањето во Обединетите нации. Две зла со една пушка успеавте да убиете два зајаци. Да го убиете она што го бараше народот. Со какво лице вие ќе излезете надвор, јас незнам. Ако се радувате и ако припаѓате во една странка и се борите за некои туги интереси, тогаш нека ви е на чест. Не сакам да зборувам за факторите и за начините со кои настапуваше нашата дипломатија. Таа не беше дипломатија измачена, изморена дипломатија да донесат на нешто старо кога до вчера го носевме во грбот. Трошевме за џабе време две ипол години сме го лажеле народот и луѓето кои живеат во оваа територија, затоа ве молам уништивте уште еден Илинден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Георѓиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ќе го искористам ова деловничко право да кажам зошто ќе гласам за заклучоците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и покрај тоа што сум премногу свесен дека на принципот на надгласување во овој македонски парламент и по принципот на мнозинството, кое обично го надгласува малцинството и овој пат коалиционите партнери од СДС, ПДП-НДП, Реформските сили и Социјалистичката партија ќе не надгласаат нас пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и нашите заклучоци. Нормално, овој принцип кој е воспоставен подолго време во овој македонски парламент и за жал гледаме дека многу пати бевме сведоци каде што по токму тој механизам на парламентарната демократија се надгласува здравата

логика, се надгласува Уставот на Република Македонија и се надгласува достоинството на македонскиот народ. Во таа смисла само уште еднаш ќе повторам дека ќе гласам за овие заклучоци затоа што сметам дека овие заклучоци се премногу јасни и не може да ги сфати оној, навистина, кој не сака да ги сфати и оној кој после овие неколкудневни дискусии за оваа точка на Македонскиот Парламент, или не сакаше ништо да сфати за што се расправа, или пак премногу добро сфати, меѓутоа, свесно сака да го даде својот глас за тоа. Со овие заклучоци кои ги нуди Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се јасни две работи.

Според првата точка дека овој Парламент ќе бара Советот за безбедност Република Македонија да ја признае под уставното име Република Македонија.

Втората точка која е уште појасна дека се отфрла името бивша југословенска Република Македонија. Нема никакви забуни, нема никакви магли, нема никакви илузии, заклучоците се јасни, прецизни и децидни и како што реков не сака да ги сфати само оној кој цело време не убедува во ова време во нешто што треба да биде нездрав разум и нездрава логика, или оној кој навива за едни такви заклучоци

Оттука, сметам дека со изгласувањето на овие заклучоци ние ќе добиеме неколку работи.

Прво, ќе застанеме на манипулацијата која се прави во македонската држава веќе две години и ќе почнеме навистина да размислуваме со здравата логика.

Второ, ќе застанеме на патот на една потполна девалвација и уништување на македонските национални интереси, кои покрај промената на името во бивша југословенска Република Македонија, ќе значат и откажување од националниот симбол на Република Македонија, тоа е знамето што веќе утре ќе го видиме со и веќе дадената согласно( од страна на македонската Влада да не се покаже македонското знаме пред зградата

на ОН и нормално третата работа тоа е промената на Уставот на Република Македонија. Значи, со усвојувањето на овие заклучоци ќе добиеме блокада на она што се нарекува една потполна денационализација на македонската држава.

Третата работа, што сметам дека е можеби најважна од сите тие работи со изгласувањето на овие заклучоци односно оние кои ќе гласаат сметам дека ќе го зачуваме македонското достоинство и како нација и како граѓани и како држава која ќе живее и понатаму ќе биде рамноправна со сите други европски и светски држави. Оттука сметам дека ова гласање за овие заклучоци е покрај се и прашање на глас на достоинството. Оној кој нема достоинство може да гласа слободно против овие заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас ќе кажам како ќе гласам. Јас ќе гласам против овие заклучоци. Ќе гласам против заклучоците од следниве причини.

Прво, имавме пет дена расправа и во таа расправа чув се што се замера на Резолуцијата која е сега пред ОН и со кои Македонија ќе влезе во светската организација како независна земја ќе продолжи да постои. Но, сите забелешки што беа кажани опозицијата не кажа кои членови на Советот за безбедност и дали уверување дека ќе предложи друга Резолуција за прием на Република Македонија во ОН. Бидејќи, ве молам, во ОН може да се влезе само врз основа на предлог на членови на Советот за безбедност или други членови на ОН кои би предложиле Советот за безбедност да усвои таква резолуција и натаму да ја препорача на Генералното собрание. Бидејќи во тоа никој не ме убеди, а беа и во Њујорк луѓето и разговараа со надлежни претставници на сите земји и не ми кажаа овде дека договориле друга алтернатива таква резолуција да се предложи, тогаш овие заклучоци сметам дека се уперени кон тоа Македонија да не влезе во ОН.

Затоа, ќе гласам против нив.

Господин Поповски Љупчо да каже по 12 4 член.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Јас, исто така, ќе бидам многу кус. Прво, морам да кажам дека и понатаму се продолжува со одредени лаги, полувистини да се манипулира од оваа говорница, меѓу другото во излагањето на претходните двајца дискутанти, каде што беше кажано дека ние сме ја одбиле и тоа е точно. Мислам цело Собрание Лисабонската декларација, меѓутоа треба да се каже на јавноста јасно дека во таа Лисабонска декларација пишуваше дека не треба да се содржи името Македонија како услов за прием во Европската заедница и за понатамошниот процес за признавање. Тоа треба да биде јасно. Ние имаме сега една нова ситуација во која што како Република Македонија влегува во Он под една привремена номинација, со тоа што се зачувува името на оваа Република. Тоа мислам дека треба да биде јасно кажано од оваа говорница и постојано да не се манипулира со ставот на Собранието околу Лисабонската декларација.

Второ, мораме да кажеме дека ние не се бавиме како пратеничка група, посебно на СДС со поднесување на разни акти, декларации, заклучоци, кои што главно оддудараат или имаат цел да ја попречат остварувањето на одредени крупни политички или други цели. Туку се бавиме со една практична политика која што дава одредени резултати. Нај очигледен резултат е што ние наскоро се наоѓаме пред прием во ОН, бидејќи е дадена согласност со два битни, така да кажам, односно две битни политички тела на Обединетите нации. Со тоа мислам дека треба и со тоа го искажувам уште еднаш ставот на нашата пратеничка група дека фактички понудените заклучоци на ВМРО-ДПМНЕ имаат единствена цел да се попречи приемот на Република Македонија во ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпогица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, согласно Деловникот сакам да кажам дека ќе го дадам својот глас за предложените заклучоци. Тука беше истакната една дезинформација од страна на претседателот на Собранието дека требало претставниците на опозицијата да преговараат со претставници на Советот за безбедност и со нив да договорат евентуално други решенија. Ми се чини дека во Република Македонија нема паралелна власт и не може партиите немаат мандат да преговараат и да бараат некои решенија од претставници на Советот за безбедност. легалните претставници на Владата , поточно потпретседателот на Владата ве- де министерот Стево Црвенковски веќе два месеци е таму во ОН и резултатите на неговите преговори ги слушнавме вечерва. Имено, се нуди прием во ОН под името Бивша Југословенска Република Македонија, а всушност се работи за слабост на Владата, која што не успеала да изнајде други решенија и да убеди некоја членка на Советот за безбедност, да лобира за Македонија и да понуди поволно решение, поточно признаваше под нејзиното уставно име.

Што се однесува по конкретно до заклучоците јас ќе гласам за, затоа што се бара со заклучоците признавање на Македонија, а не не признавање како штос ака некој тука да врши замена на тезите со нејзиното историско, уставно и легитимно име Република Македонија. А не под наметнато име Бивша Југословенска Република Македонија, која што не е одраз на историските, политичките, културните , јазичните, националните и другите реалности во македонската држава. Исто така, овие заклучоци бараат Република Македонија да биде членка на ОН, но не под барањата и условите на Грција кои што не се во склад со меѓународните норми и принципи усвоени и прифатени и применувани од ОН.

Ми се чини дека секој пратеник не зависно од која партија припаѓа би требало да ги прифати овие заклучоци и да се заложи за прием на Република Македонија под уставното име, а не од оваа говорница да се залага некој за без алтернативност, за политика на исклучивост, за нудеше на единствени решенија, имено, решенија кој што ги нуди позицијата и која што не успеа под поволни услови да извојува признавање на Република Македонија под нејзиното уставно име, туку се обидува да се задржи по секоја цена на власт, нудејќи ни го ова решение за Бивша Југословенска Република Македонија, која што ќе има катастрофални последици по претставниците на македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

За збор се јави господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, можеби е и време сега да го наречеме претседателство на Бивша Југословенска Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ние имаме уставно име кое веќе постои.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Ќе гласам за заклучоците што ги предложи ВМРО-ДПМНЕ, зара, тоа што и ќе ги поддржиме, затоа што не се дозволи и овде да се прочитаат што во јавноста носат тие заклучоци. Јас ќе му честитам н позицијата ако си достои до зборот каде што гарантираше во рок од два месеци како привремено име ќе биде Бивша Република Македонија, а после тоа ќе биде името Република Македонија. Ж

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Би сакал јас да го изнесам своето мислење, почитувано претседателство и почитувани пратеници, а моето мислење мислам дека се совпаѓа и со мислењето на пратеничката група на Социјалистичката партија.

Прво, бидејќи јасно се определивме за Република Македонија како суверена држава, бидејќи јасно се определивме за нејзиното меѓународно признаваше како суверена држава и бидејќи јасно се определивме дека сме против било какви препреки кои би значеле запирање на процесот на меѓународното признаваше, ние ќе гласаме и лично јас ќе гласам против заклучоците. Образложение на мојот став ја приложувам мојата дискусија што ја имав на оваа седница.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Јас ќе кажам зошто ќе гласам за заклучоците. Кога пред час и нешто повеќе Томислав Стевковски кажа дека во процедура ќе влегуваме за прием во Обединетите Нации под името бивша југословенска Република Македонија, овде се почувствува таква гробна тишина меѓу сите нас како да се најдовме пред една капела во која лежи мртовец и треба да го погребиме, а тоа е името на Македонија. Незнам дали тоа го забележаа и камерите овде и дали го кажаа на јавноста, на народот. Наместо радост како многу пати што сме правеле овде, за некои одлуки што се носат сите едногласно да пројавиме, овде се виде една тага. Ако сите се испулиме очи во очи, многу овде срамно некои ја наведнаа главата, а тоа ги оправдувам зошто и срамно, го направија овој срам на Република Македонија, што со векови се негувало тоа, сега го погребуваме.

XX/2.-

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, навистина, е многу тежок овој момент кога веќе има две страни, што историјата ќе запише кој бил поголемиот виновник, ако дојде до нешто, она што е најлошото. Дали едните ќе бидат со крената глава или пак другите ќе бидат со крената глава пред народот и пред светот. Се наоѓаме меѓу чеканот и наковалната. Секој пратеник, секој човек мора да ја осознае својата општествена положба во општеството. Јас сум уверен дека сите знаеме каква ни е општествената положба. И уште една реченица да додадам само, дека ние мора да знаеме, сите што сме ние овде дека ако постои општествено барање во глобални рамки, во овој случај во Обединетите Нации, да биде тоа така или никако во овој момент поинаку, ние мора да сме свесни за последиците од тоа општествено барање и само како такво, како општествено бараше, со тоа што после би дошло пак до преговори, јас сум за тоа Република Македонија во овој момент наоѓајќи се во оваа ситуација во која е да влезе во Организацијата на Обединетите Нации.

**ХАМИД АЛИУ:**

Како и обично, ќе бидам краток. Ќе гласам против заклучоците на ВМРО од проста причина бидејќи Советот за безбедност при Обединетите Нации веќе ја примил Македонија како држава мултинационална.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, заклучоците ниту можат да ја покопаат државата ниту можат да ја воскреснат. Република Македонија воскресна, а тоа беше чинам на Велигден пред една година без малку и денес со донесувањето на овие заклучоци ние едноставно го потврдуваме нашиот став, нашата решеност за да опстои таа држава. По една цела година уште да се нема толкување дали ова е држава на македонскиот народ или не, дали е таа

мултинационална или не, дали е на повеќе нации, навистина мене ме збунува. Исто така сум погоден од тоа што добар дел од пратениците не се ни засегнати. Затоа, сметам дека овие заклучоци се во насока на запазување на нашето име, инаку, може да биде дека во процесот на нагодување или како се вели не арбитража туку другиот термин беше на посредништво, дека во тој процес ќе загубиме редица други елементи. Затоа е важен ставот на овој Парламент и сакам да ве повикам да ги поддржите тие заклучоци каде нема тргување со нашето име.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Претходниот дискутант ја кажа правата вистина. Сакам да кажам зошто ќе гласам за овие заклучоци. Гласајќи за овие заклучоци, како пратеник во овој Парламент на Македонија, ми се чини дека нема да ги посрамам сите што досега го дале животот за Македонија и за името македонско, сите учесници на Народноослободителната борба кои излегле со пушка враце за името Македонија и за Македонија, сите чесни граѓани во Република Македонија, сите наши иселеници во сите земји во светот избркани од комунизмот, сите православни и чесни христијани и што ми е најважно, гласајќи за овие заклучоци, ќе гласам во името на моите избирачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да минеме на гласање.

Кој е за заклучоците, молам да крене рака.

2 пратеници гласаа за.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Барам поединечно да се гласа, се сомневам во броењето, мислам дека беа повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа навистина нема никаква смисла, затоа што точно 2 8 гласаа и тоа е видливо.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

Тоа е мое лично мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, секретарот ќе изврши прозивка при гласањето.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. Фаик Абди - против
2. Газменд Ајдарага - воздржан
3. Ештреф Алиу - не е тука
4. Хамид Алиу - против
5. Митко Анастасовски - за
6. Стојан Андов- против
7. Тиме Андонов- против
8. Гоце Андоновски - не е тука
9. Никола Апостолоски - не е тука
10. Ламбе Арнаудов - за
11. Драги Арсов - за
12. Бранко Арсовски - не е тука
13. Душко Арсовски - против
14. Ѓорги Бојковски- против
15. Јордан Бошков - за
16. Љупчо Горѓиевски - за
17. Александар Гештаковски - не е тука
18.Владимир Голубовски - одбива да гласа
19. Петар Гошев - не е тука

20. Драги Гроздановски - за
21. Санде Давчев - не е тука
22. Ратка Димитрова - не е тука
23. Димитар Димитровски - не е тука
24.Тодор Димов - против
25. Доста Димовска - за
26. Боко Горчевски - за
27. Душко Горѓевски - не е тука
28. Петар Грѓиев - против
29. Зуди Емини - не е тука
30. Јордан Зафиров против
31. Горан Зафировски - за
32. Насер Зибери - не е тука
33. Васил Зимбаков - против
34. Ванчо Златанов - против
35. Борис Змејковски - за
36. Иван Иванов - не е тука
37. Љубосав Иванов - не е тука
38. Јаким Ивановски не е тука
39. Симеон Ивановски - против
40. Љупчо Јакимовски - не е тука
41. Ристо Јованов - не е тука
42. Цветан Јовчевски - за
43. Ристо Ќелешов - не е тука
44. Ташко Киров - за
45. Зоран Китев за
46. Кирил Ковачевски - за
47. Стојан Ковачевски - против
48. Горѓи Котевски - не е тука
49. Зоран Крстевски - против

50. Никола Крстевски - не е тука
51. Биљана Лазаревска - не е тука
52. Веско Личоски - за
53. Коле Луловски - за
54. Ефтим Манев - не е тука
55. Јован Манчевски - не е тука
56. Ѓулистана Марковска - не е тука
57. Флоре Масалковски - не е тука
58. Марин Миленковски - не е тука
59. Страшо Милковски - против
60. Панчо Минов - против
61. Владимир Митевски - не е тука
62. Трајан Мицевски - за
63. Ванчо Младенов - против
64. Џеладин Мурати - воздржан
65. Авди Муртезани - не е тука
66. Наиф Мустафа - не е тука
67. Панче Насев - не е тука
68. Славе Наумовски - воздржан
69. Симон Наумовски - не е тука
70. Богдан Неделковски - за
71. Јован Николов - против
72. Душан Николовски - против
73. Михаил Пановски - не е тука
74. Тодосија Паунов - против
75. Тито Петковски - против
76. Тодор Петров - за
77. Томислав Пецаков - не е тука
78. Мерсим Положани - воздржан
79. Димитар Поповски - не е тука

80. Киро Поповски  - против
81. Љубомир Поповски -  против
82. Никола Поповски -  против
83. Шабан Превала -  не е тука
84. Божо Рајчевски  - не е тука
85. Исмет Рамадани  - воздржан
86. Иван Рамбабов  - не е тука
87. Шукри Рахими -  воздржан
88.  Ферид Садику  - воздржан
89. Неим Селмани -  воздржан
90. Наум Симјановски -  не е тука
91. Ацо Спировски -  за
92. Ристо Стаменов  - не е тука
93. Ристо Станковски  - не е тука
94. Томислав Стефковски -  за
95. Славјанка Стојановска  - не е тука
96. Naḱе Стојановски -  против
97. Никола Стојановски  - против
98. Томислав Стојановски  - за
99. Стоиле Стојков  - за
100. Оломан Сулејмани -  воздржан
101. Џелил Таири -  воздржан
102. Гоце Темелковски -  за
103. Петар Темелковски  - за
104. Благој Тошев  - не е тука
105. Петре Трајановски  - не е тука
106. Петре Трајковски  - за
107. Димитар Трпеновски  - одбива да гласа
108. Душан Трпчевски  - за

109. Агим Фазлиу – не е тука
110. Александар Флоровски - за
111. Мухамед Халили - против
112. Абдурахман Халити – не е тука
113 . Благој Ханџински - против
114. Сејфедин Харуни – воздржан
115 . Стојмир Цветковски - против
116. Неџатин Џафери - воздржан
117. Алил Џаферовски - против
118. Веби Џемаили – не е тука
119. Благоја Чкатроски – не е тика
120. Хисни Шаќири - воздржан

**СТОЈАН АНДОВ:**

(По пребројувањето на гласовите од страна на секретарот, претседателот ги соопштува резултатите од гласањето) .

28 пратеници гласаа за.

30 пратеници гласаа против.

13 пратеници се воздржаа од гласање.

Двајца пратеници одбиваат да гласаат.

Според тоа, констатирам дека заклучоците не се усвоени.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 20,15 часот).

**Д-р ФЕРИД САДИКУ**

## ПОЧИТУВАНО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО, ДАМИ И ГОСПОДА ПРАТЕНИЦИ,

Следејќи ја досегашната дискусија, стекнувам впечаток дека некои колеги како да не знаат што бараат. Имено, тие како да не се свесни дека во дипломатијата има некои правила на играта се оди чекор по чекор во остварувањето на целта.

И јас сметам дека првин треба да се задоволиме со приемот на Република Македонија макар со привремено име. Со тоа сметам дека се постигнуваат две стратегиски цели и тоа:

1. Република Македонија станува меѓународен субјект со сите права и обврски, рамноправна со Грција и останатите членки на ООН.

2. Се отвораат можности за зачленување во меѓународните финансиски и други институции, што е услов и за надминување на сериозните економски тешкотии со кои се соочуваме во земјата.

Сметам дека Македонија како меѓународен субјект полесно ќе настапи во утврдувањето на нејзиното трајно име. на нејзина страна ќе бидат и другите земји а верувам дека и Грција ќе евдуира во своите ставови.

Се залагам за ваков приод бидејќи ако инсистираме истовремено и на името и на статусот, можеме да останеме целосно непризнати како еден вид протекторат изложени на сите последици што произлегуваат од таквиот статус.

Се разбира дека јас лично, како и мојата парламентарна група, се залагам за прием на Македонија во ООН и ги поддржувам ставовите на изложени во настапот на претседателот на Републичката Киро Глигоров и во информацијата на Владата на Македонија.

Истовремено очекувам дека Македонија со статус на меѓународен субјект, ќе биде демократска и заедничка држава на сите нејзини граѓани, во која Албанците како и Македонците, ќе бидат државотворен народ, односно ќе партиципираат рамноправно вп вчаста. сидствптп о ад,омострацоката-

Тоа секако ќе значи придонес за стабилноста на регионот.

Благодарам.